# ОСНОВИТЕ НА ЕВАНГЕЛИЕТО



# ОСНОВИТЕ НА ЕВАНГЕЛИЕТО

Издавач:
Црквата на Исус Христос на светиите од подоцнежните дни
Солт Лејк Сити, Јута

© 1992, 2002 Intellectual Reserve, Inc.
Сите права се задржани.
Печатено во Германија

Англиското издание одобрено: 9/01
Правото за превод одобрено: 9/01
Наслов на оригиналот: *Gospel Fundamentals*
Macedonian
31129 158

# СОДРЖИНА

Предговор . . . . . . . . . . v

**Нашиот живот на небесата со Бога** *Прв дел*
*Поглавје 1* Бог постои . . . . . . . . . . 2
*Поглавје 2* Нашиот живот на небесата* . . . . . . . . . . 5
*Поглавје 3* Нашиот Спасител* . . . . . . . . . . 9
*Поглавје 4* Слободни сме да избираме . . . . . . . . . . 14

**Напуштање на присуството на Бога** *Втор дел*
*Поглавје 5* Исус ја создаде земјата . . . . . . . . . . 21
*Поглавје 6* Адам и Ева . . . . . . . . . . 25

**Комуникација со Бога** *Трет дел*
*Поглавје 7* Светиот Дух . . . . . . . . . . 30
*Поглавје 8* Разговарање со Небесниот Отец . . . . . . . . . . 35
*Поглавје 9* Пророци . . . . . . . . . . 39
*Поглавје 10* Свети писма* . . . . . . . . . . 44

**Нашиот Спасител, Исус Христос** *Четврти дел*
*Поглавје 11* Животот на Исус Христос* . . . . . . . . . . 53
*Поглавје 12* Помирувањето на Исус Христос . . . . . . . . . . 59

**Евангелието на Исус Христос** *Петти дел*
*Поглавје 13* Верата во Исус Христос* . . . . . . . . . . 67
*Поглавје 14* Покајание . . . . . . . . . . 71
*Поглавје 15* Крштавање . . . . . . . . . . 77
*Поглавје 16* Дарот на Светиот Дух* . . . . . . . . . . 81

**Црквата на Исус Христос** *Шести дел*
*Поглавје 17* Следбениците на Исус Христос . . . . . . . . . . 93
*Поглавје 18* Црквата што ја устрои Исус . . . . . . . . . . 101
*Поглавје 19* Црквата на Исус Христос денес* . . . . . . . . . . 107
*Поглавје 20* Устројството на свештенството* . . . . . . . . . . 113
*Поглавје 21* Уредби* . . . . . . . . . . 123

* Учителите можат да поминат повеќе од еден наставен период за разгледување на овие поглавја.

**Следење на Исус Христос** *Седми дел*
*Поглавје 22* Покорност . . . . . 133
*Поглавје 23* Жртвување . . . . . 139
*Поглавје 24* Ден за богослужение . . . . . 147
*Поглавје 25* Законот за чедноста . . . . . 151
*Поглавје 26* Чесност . . . . . 156
*Поглавје 27* Слово на мудроста . . . . . 159
*Поглавје 28* Десеток и приноси . . . . . 164

**Зачувување на нашите семејства** *Осми дел*
*Поглавје 29* Семејствата се важни . . . . . 171
*Поглавје 30* Нашата должност да им помагаме на членовите на семејството* . . . . . 175
*Поглавје 31* Нашата должност да го проповедаме Евангелието . . . . 183
*Поглавје 32* Живеење како семејство засекогаш* . . . . . 189

**Второто доаѓање на Исус Христос** *Деветти дел*
*Поглавје 33* Второто доаѓање на Исус Христос . . . . . 197
*Поглавје 34* Милениум . . . . . 202

**Животот по смртта** *Десетти дел*
*Поглавје 35* Животот по смртта . . . . . 207
*Поглавје 36* Вечен живот* . . . . . 213

**Поставки на верата**** . . . . . 218

**Зборови што треба да се знаат** . . . . . 220

**Попис на слики** . . . . . 228

**Визуелни помагала** . . . . . 231

* Учителите можат да поминат повеќе од еден наставен период за разгледување на овие поглавја.

** Учителот може да ги користи Поставките на верата за прегледување или поучување на лекциите.

# ПРЕДГОВОР

Оваа книга ќе ви помогне да ги научите основните начела на Евангелието на Исус Христос и да поучувате за нив. Познавањето на тие начела ќе ви помогне да ја разберете целта на животот и како да бидете навистина среќни. Начелата објаснети во книгата се вистинити. Додека ги изучувате тие начела, додека размислувате и се молите за нив, сами ќе ги спознаете, а Светиот Дух ќе ви посведочи за нивната вистинитост.

Можете да ја користите оваа книга за многу различни цели. Можете да ја користите за проучување и самостојно запознавање со лекциите. Можете да ја користите за да подготвувате говори или да ви помогне да им го објасните Евангелието на другите.

Можете да ја користите оваа книга за заедничко проучување со семејството или за семејните домашни вечери. Секоја лекција има прашања што вие како родител или учител можете да им ги поставувате на децата за да видите колку разбираат.

Кога поучувате според лекциите од оваа книга, можете за едно поглавје да искористите повеќе од еден наставен период. Пред да поминете на друга тема, проверете дали вашите ученици добро го разбираат начелото. Ако имате превод на Светите писма, прочитајте ги оние стихови на кои сте упатени и разговарајте за нив.

Како учител, водете сметка за тоа дека во текот на една година ќе ви требаат приближно 46 до 50 наставни периоди за обработување на лекциите од книгата. Планирајте лекциите да траат цела година. Тоа значи дека за изучување на 10 или повеќе лекции ќе биде потребно подолго време од една недела. Тоа особено можете да го направите со поглавјата 2, 3, 10, 11, 13, 16, 19, 20, 21, 30, 32 и 36. Одлуката за тоа донесете ја според потребите на вашата група.

Кон крајот на годината можете да искористите еден или два часа за разгледување на Поставките на верата, кои исто така се појавуваат во оваа книга. Поставките на верата можете да ги користите и за прегледување на лекциите.

Родители и учители, молете се за водство кога ги подготвувате и предавате овие лекции. Допуштете му на Светиот Дух да ве води во вашето разбирање и поучување. Секој член на групата што може, треба да ги прочита поглавјата и да дојде подготвен за разговор со другите членови.

Сликите во книгата ќе ви помогнат да разберете некои начела и учења што се обработуваат.

Химните што се во книгата можете да ги пеете дома, на црковните средби или секаде каде што е прикладно. Бог рекол дека пеењето на химни е еден вид молитва, а Тој ќе одговори со благослови на тие молитви.

Кога ќе видите збор означен со *, можете да го најдете неговото значење во делот „Зборови што треба да се знаат" на крајот на книгата. Другите зборови се исто така назначени таму за да ви се помогне да го разберете нивното значење.

Нека ве благослови Бог додека набожно ги проучувате вистините во оваа книга.

# НАШИОТ ЖИВОТ НА НЕБЕСАТА СО БОГА

*Прв дел*



# БОГ ПОСТОИ

*Поглавје 1*

*Некогаш луѓето се прашуваат себеси: Дали постои Бог? Ако постои Бог, како изгледа? Како можам да Го запознам?*

**Многу нешта ни покажуваат дека Бог постои**

Кога ги гледаме многуте прекрасни нешта на оваа земја, знаеме дека некој мудар и добар ги смислил и ги создал. Иако, додека ги гледаме многубројните ѕвезди и планети што се движат постојано по своите точно одредени патеки, знаеме дека некој што има огромна моќ ги создал и ги надгледува. Бог е Тој што ги создал сите тие нешта.

Постојат некои добри луѓе што Го виделе Бог и зборувале со Него. Тие ни кажале како изгледа Бог и што сака да правиме ние. Тие ни кажале дека Тој е нашиот Отец на небесата. Тие напишале свети книги за да можеме ние да учиме за Него.

Секој од нас може да спознае дека Бог постои и дека Тој е нашиот Отец на небесата. Тој ќе ни помогне да спознаеме дека Тој е вистински и дека можеме повеќе да дознаеме за Него.

***Разговор***

- Кои нешта ни покажуваат дека Бог постои?

**Нашиот Отец на небесата е совршено битие**

Добрите луѓе што Го виделе нашиот Отец на небесата ни кажале дека Тој е вистински. Тој живее. Изгледа како човек.

Нашиот Отец на небесата не е идол или животно. Тој има тело од месо и коски. Неговото тело изгледа како човечкото, но сепак е поинакво.

Неговото тело никогаш нема да умре. Неговото тело не чувствува болка и не може да се разболи.

Тој има чувства. Може да се чувствува среќен или тажен. Ги сака сите луѓе и посакува сите да бидат среќни. Милостив е и справедлив. Прави само добри работи и ја зборува само вистината. Ги знае сите нешта. Може да ги направи сите нешта. Околу Него постои светлина. Неговата светлина и Неговата убавина се поголеми од сè што воопшто сме виделе.

Нашиот Отец на небесата е единственото битие на кое треба да му се поклонуваме. Тој живее во место наречено небеса. Тоа е место поубаво од земјата.

***Разговор***

- Какво битие е Бог?
- Како се разликува Бог од нас?

### Нашиот Отец на небесата ја покажува Својата љубов кон нас на многу начини

Нашиот Отец на небесата ја користи Својата моќ за да ни помогне. Тој му рече на Својот син Исус да ги создаде небото и земјата. Му рече да ги создаде сонцето, месечината и ѕвездите. Го упати да ги постави растенијата и животните на земјата. Нашиот Отец на небесата ги направи сите тие нешта за нас, затоа што нè сака. Тој сака да ни помогне да бидеме добри и среќни.

Нашиот Отец на небесата го користи Своето знаење за да ни помогне. Тој знае сè што се случило во минатото. Знае сè што се случува сега. И знае што ќе се случува во иднината. Ги знае мислите на сите нас. Бидејќи ги познава сите нешта, знае што ни треба за да бидеме среќни. Знае дека, за да бидеме навистина среќни, треба да бидеме добри. Сака да ни помогне да бидеме добри затоа што нè сака.

***Разговор***

- Како ја покажува нашиот Отец на небесата Својата љубов кон нас?

### Нашиот Отец на небесата сака да Го запознаеме

Бидејќи нашиот Отец на небесата нè сака, ни подари живот и прекрасна земја на која живееме. Тој сака да ги знаеме нештата што треба да ги правиме. Ни вети дека можеме да Го запознаеме Него.

Правењето на следните нешта може да ни помогне да научиме повеќе за нашиот Отец на небесата:

1. Да го гледаме светот што го создаде Тој и да бидеме благодарни.
2. Да веруваме дека нашиот Отец на небесата е вистински и дека нè сака.

3. Да ги читаме делата што добрите луѓе ги напишале за нашиот Отец на небесата.
4. Да ги учиме и да ги правиме нештата што Тој сака да ги учиме и правиме.
5. Да зборуваме со нашиот Отец на небесата и да Го молиме да ни помогне да Го запознаеме.

Спознанието за нашиот Отец на небесата може да ни помогне во животот. Спознанието за Него може да ни помогне да се чувствуваме среќни и безбедни. Тој е добар и нема да направи ништо што може да ни наштети. Можеме да ги научиме нештата што Тој сака да ги правиме. Можеме да научиме како да ја побараме Неговата помош. Можеме да станеме подобри и посреќни луѓе.

***Разговор***

- Што можеме да направиме за да Го запознаеме и разбереме нашиот Отец на небесата?
- Како ќе ни помогне спознанието за нашиот Отец на небесата?

***Референци***

*Многу нешта ни покажуваат дека Бог постои*

- Дела 7:55–56 (Светиот човек Го виде Бог.)

*Нашиот Отец на небесата е совршено битие*

- Матеј 5:48 (Исус подучуваше дека нашиот Отец на небесата е совршен.)

*Нашиот Отец на небесата ја покажува Својата љубов кон нас на многу начини*

- Создавање 1:1–25 (Бог ги создаде небото и земјата и сите нешта во нив.)
- Лука 12:6–7 (Бог се грижи за сите нешта што ги создал.)

*Нашиот Отец на небесата сака да Го запознаеме*

- Повторени закони 4:29 (Оние што сакаат да Го запознаат Бога, ќе Го запознаат.)
- Јован 17:3 (Можеме да Го запознаеме Бога.)
- 1 Јован 2:3 (Ако Му се покоруваме на Бога, ќе можеме да Го запознаеме.)
- Мосија 4:9 (Треба да веруваме во Бога.)

# НАШИОТ ЖИВОТ НА НЕБЕСАТА

*Поглавје 2*

*Каде сме живееле пред да се родиме на оваа земја? Што сме правеле таму?*

**Секој од нас е чедо на нашиот Отец на небесата**

Пред да се родиме на оваа земја, живеевме на небесата. Нашиот дом на небесата беше попрекрасен и поубав од сè што воопшто познаваме на земјата. Таму му припаѓавме на семејство. Се сакавме и бевме среќни. Нашиот Отец на небесата беше Отец на нашите духови и затоа често го нарекуваме Небесен Отец. Бидејќи е наш Отец, тој нè сака и се грижи за нас.

Секој што живее на оваа земја, на небесата беше наш брат или сестра. Најстарото дете во нашето небесно семејство беше Исус Христос.* Тој е нашиот најстар брат.

Кога живеевме на небесата, немавме тело од месо и коски како што имаме сега. Бевме духови. Духот има иста форма како човекот. Како духови можевме да разговараме меѓусебно, да се преместуваме на разни места, да избираме и да ја знаеме разликата меѓу доброто и злото.

На небесата не бевме слични едни на други. Бевме различни, исто како што сме и сега. Имавме различни желби и способности. Научивме да ги користиме своите способности на различни начини.

***Разговор***
- Како изгледаше нашиот дом на небесата?
- Кој беше нашиот Отец?
- Кој беше нашиот најстар брат?

**Нашиот Отец на небесата знаеше дека можеме да станеме слични на Него**

Бидејќи нашиот Отец на небесата е Отец на нашите духови, добро нè познаваше. Тој нè сакаше. Знаеше дека од Него сме ја примиле



*Нашиот Отец на небесата ни даде небесен дом повеличествен и поубав од кое било место на земјата.*

способноста да ги учиме нештата што Тој ги знае и да станеме слични на Него. Тој сака да бидеме секогаш добри, каков што е Тој. Сака да ни помогне да ја зголемиме својата способност да станеме слични на Него.

***Разговор***

- Што нашиот Отец на небесата чувствува за нас и што ни посакува?
- Како се чувствувате кога знаете дека имате Отец на небесата?

**Нашиот Отец на небесата направи план како да ни помогне**

На небесата научивме многу нешта и се усовршивме колку што можевме повеќе, но постоеја нешта што не можевме да ги научиме или да ги направиме таму. Нашиот Отец на небесата направи план како да научиме повеќе.

Тој нè повика на состанок на небесата. Сите бевме таму. Тој ни го објасни Својот план да ни помогне да научиме и ни рече дека, ако го следиме Неговиот план, ќе станеме слични на Него.

Нашиот Отец на небесата рече дека ќе нареди да се создаде една земја на која ќе живееме некое време. На земјата нема да се сеќаваме на нашиот живот со Него на небесата. Ќе можеме да избираме меѓу добрите и лошите нешта. Тоа ќе биде искушение за да се види дали ќе Му се покоруваме на нашиот Отец на небесата кога не сме со Него.

Според планот на нашиот Отец на небесата, ние ќе добиеме тело од месо и коски. Такво тело ќе ни треба за да ги научиме нештата што Тој ги знае и да ги правиме нештата што Тој ги прави. Подоцна ќе умреме, а нашиот дух ќе го напушти нашето тело од месо и коски. Но нашиот дух пак ќе се соедини со нашето тело и никогаш нема пак да умреме. Оние што ги правеле нештата што нашиот Отец на небесата ни рече да ги правиме, ќе се вратат за да живеат со Него засекогаш.

Научивме дека секој ќе има проблеми на земјата, како што се болеста, болката, тагата и смртта. Но сфативме дека ние ќе учиме од тие нешта. Тие проблеми можат да нè научат да се сакаме и да си помагаме еден на друг.

Нашиот Отец на небесата за секој од нас ќе го одреди времето и местото на раѓањето на земјата. Тој знае на кое место на земјата треба да нè прати за да ги научиме нештата што треба да ги знаеме. Сите ние ќе имаме можност да правиме многу различни нешта. Нашиот Отец на небесата сака да правиме добри работи и да можеме да Му се вратиме Нему. Но Тој никогаш нема да нè присилува да правиме нешто.

Некои од нас ќе изберат да Му бидат покорни. Ако Му бидеме покорни, ќе станеме послични на Него и ќе се вратиме да живееме со Него. Некои од нас ќе изберат да не Му бидат покорни. Ако не Му бидеме покорни, нема да можеме да станеме слични на Него и да се вратиме да живееме со Него.

Кога го слушнавме планот на нашиот Отец на небесата за нас, бевме многу среќни. Сакавме да бидеме способни да учиме и да се развиваме. Секој што живееше на земјата се согласи со тој план.

### *Разговор*

- Каков беше планот на нашиот Отец на небесата за нас?
- Зошто требаше да го напуштиме нашиот дом на небесата?
- Што сака нашиот Отец на небесата да правиме на земјата?

### *Референци*

*Секој од нас е чедо на нашиот Отец на небесата*

- Лука 24:39 (Духот нема месо и коски.)
- Евреите 12:9 (Бог е Отец на нашите духови.)

*Нашиот Отец на небесата знаеше дека можеме да станеме слични на Него*

- Матеј 5:48 (Исус ни рече да станеме како нашиот Отец на небесата.)
- 3 Нефи 12:48 (Исус ни рече да бидеме совршени, како што се Тој и Бог, нашиот Отец.)
- 3 Нефи 27:27 (Треба да го следиме примерот на Исус Христос и да станеме како Него.)

*Нашиот Отец на небесата направи план како да ни помогне*

- Јован 14:2–3 (Исус рече дека ќе можеме да Му се вратиме на нашиот Отец на небесата.)
- Дела 17:26 (Нашиот Отец на небесата нè прати на земјата во место и време определени со Неговиот план.)
- 1 Нефи 17:36 (Нашиот Отец на небесата создаде земја каде што ќе живеат Неговите чеда.)
- 2 Нефи 9:13; Алма 42 (Бог има план за сите нас.)

# НАШИОТ СПАСИТЕЛ

*Поглавје 3*

---

*Кој е Оној што може да нè води да Му се вратиме на нашиот Отец на небесата? Зошто треба да Го следиме?*

**Нам ни требаше водач**

Нашиот Отец на небесата знаеше дека, додека сме на земјата, нема да се сеќаваме за својот живот со Него. Нема да ги знаеме нештата што треба да ги правиме за да Му се вратиме. Тој знаеше и дека ќе грешиме. Поради своите гревови ќе бидеме казнети со тоа што ќе бидеме засекогаш одделени од Него. А кога ќе умреме, веќе нема да го имаме своето тело од месо и коски.

Ќе ни треба некој што ќе ни помогне да ги решиме овие проблеми. Некој што ќе нè научи што треба да правиме за да Му се вратиме на нашиот Отец на небесата. Некој што ќе ни помогне да ги надминеме грешните нешта што ги правиме. Тој исто така ќе ни овозможи повторно да го имаме своето тело од месо и коски по смртта. Тој ќе биде наречен наш Спасител. Само Тој ќе може да нè спаси од казната за нештата што ги правиме погрешно. Само Тој ќе може да нè научи да Му бидеме покорни на нашиот Отец на небесата. Само Тој ќе може да ни овозможи пак да го имаме своето тело од месо и коски по смртта.

***Разговор***

- Кои се проблемите што нашиот Отец на небесата знаеше дека ќе ги сретнеме на земјата?
- Зошто ни треба Спасител да ни помогне?

**Нашиот Отец на небесата го одбра Исус да биде наш Спасител**

Нашиот Отец на небесата нè сака и знаеше дека ќе ни треба помош. Знаеше дека ќе бидеме многу тажни ако не можеме да имаме тело од месо и коски и ако не можеме да се вратиме да живееме со Него



*Под водството на нашиот Отец на небесата, Исус Христос ја создаде земјата.*

засекогаш. Ни требаше некој да ни помогне. Нашиот Отец на небесата сакаше некој да биде наш Спасител. Двајца наши браќа се понудија да бидат наш Спасител.

Нашиот најстар брат Исус го замоли нашиот Отец на небесата Него да го прати на земјата. Тој рече дека ќе го следи планот на нашиот Отец на небесата. Ќе дојде на земјата и ќе нè научи кои работи треба да ги правиме за да Му се вратиме на нашиот Отец на небесата. Тој ќе умре за да плати за лошите работи што сме ги направиле. Тој исто така ќе ни овозможи повторно да живееме по својата смрт. Ќе ни дозволи сами да избереме дали ќе Му бидеме покорни на нашиот Отец на небесата или не.

Исус знаеше дека за нас ќе биде важно сами да ги избираме работите што ќе ги правиме. Ако некој нè присили да бидеме покорни, нема да можеме да научиме и да станеме како нашиот Отец на небесата. Исус сакаше нашиот Отец на небесата да ја има целата слава и почит.

Сатаната, наречен Луцифер, го замоли нашиот Отец на небесата да го избере него да биде наш Спасител. Тој рече дека ќе дојде на земјата и ќе нè присили да го правиме она што треба да го правиме. Тој рече дека никој од нас нема да биде загубен. Тој нема да ни дозволи да избираме сами. Како награда, тој ја сакаше целата слава и почит што ја имаше нашиот Отец на небесата.

Бидејќи нашиот Отец на небесата нè сака, го избра Исус да биде наш Спасител. Поради тоа Исус често е нарекуван Исус Христос. *Христос* значи избран од нашиот Отец на небесата да биде Спасител. Нашиот Отец на небесата го избра Исус, а не сатаната, зашто нашиот Отец на небесата не сакаше да го загубиме правото сами да избираме. Тој знаеше дека ние мора да правиме добри работи затоа што го сакаме тоа, а не затоа што некој нè присилува.

***Разговор***
- Што сакаше Исус да направи за нас?
- Што сакаше сатаната да направи?
- Зошто нашиот Отец на небесата го одбра Исус да биде наш Спасител?

### Исус е нашиот Спасител и водач

Кога нашиот Отец на небесата го одбра Исус, сатаната многу се разгневи. Тој наговори една третина од духовите на небесата да го следат. Тие војуваа заедно против Исус и неговите следбеници. Тие сакаа да го

присилат нашиот Отец на небесата да го прифати планот на сатаната. Нашиот Отец на небесата направи сатаната и неговите следбеници да ги напуштат небесата.

Сатаната и неговите следбеници никогаш нема да добијат тело од месо и коски. Тие нема никогаш да можат да се вратат и да живеат со нашиот Отец на небесата. Само оние што го прифатиле Исус како свој Спасител, можат да имаат тело од месо и коски.

Ние знаеме, затоа што имаме тело од месо и коски, дека сме прифатиле Исус да биде наш Спасител. На небесата сме одбрале да правиме добри нешта. Треба да продолжиме да ги избираме добрите нешта овде, на земјата. Треба да го следиме Исус. Само Тој може да нѐ научи како да Му се вратиме на нашиот Отец на небесата. Тој може да ни помогне да ги надминеме лошите нешта што ги правиме и да нѐ научи да правиме добри нешта сѐ додека не станеме слични на нашиот Отец на небесата.

Нашиот Отец на небесата сака да Го следиме Исус и да Му бидеме покорни. Тој знае дека Исус секогаш ќе нѐ учи како да ги правиме нештата на Негов начин, па затоа, кога Му се покоруваме на Исус, Му се покоруваме и на нашиот Отец на небесата. Заповед или порака од Исус е исто така заповед или порака од нашиот Отец на небесата.

***Разговор***

- Како знаеме дека сме го избрале Исус да биде наш Спасител?
- Кој е Единствениот што може да ни покаже како да Му се вратиме на нашиот Отец на небесата?
- Зошто треба да го следиме Исус?

***Референци***

*Нам ни требаше водач*

- Јован 14:6 (Исус е Оној што треба да го следиме за да Му се вратиме на нашиот Отец на небесата.)
- 1 Петар 2:21 (Ние мораме да ги следиме стапките на Исус Христос.)
- 2 Нефи 31:13, 16 (Ако го следиме примерот на нашиот Спасител, ќе бидеме спасени.)

*Нашиот Отец на небесата го избра Исус да биде наш Спасител*

- 1 Јован 4:14 (Нашиот Отец на небесата Го избра Исус да биде Спасител на светот.)
- 2 Нефи 9:6–26 (Исус умре за нас.)

- 3 Нефи 27:13–14 (Исус Христос дојде на земјата за да биде наш Спасител.)

*Исус е нашиот Спасител и водач*

- Матеј 1:21 (Исус дојде за да нè спаси од нашите гревови.)
- 3 Нефи 11:10–11 (Исус Христос страдаше за човечките гревови.)
- 3 Нефи 18:16 (Исус ни покажа пример што треба да го следиме.)
- 3 Нефи 27:21 (Исус ни покажа што да правиме.)

# СЛОБОДНИ СМЕ ДА ИЗБИРАМЕ

*Поглавје 4*

---

*Сите ние избираме секој ден. Нашиот Отец на небесата ни даде право сами да избираме. Зошто треба да се трудиме да правиме правилни избори?*

**Нашиот Отец на небесата ни даде право сами да избираме**

На небесата бевме слободни да избираме. Бевме слободни да избереме дали ќе го следиме Исус или сатаната. Повеќето чеда на нашиот Отец на небесата избраа да Го следат Исус. Другите избраа да го следат сатаната. Нашиот Отец на небесата му дозволи на секого сам да избере.

Нашиот Отец на небесата исто така ни дозволи сами да избираме овде на земјата. Кога дојдовме на земјата, Тој направи да го заборавиме нашиот живот со Него. Требаше да научиме сами да избираме и кога не сме со Него.

***Разговор***

- Како се чувствувате кога сте присилени да направите нешто?
- Како се чувствувате кога некој ви дозволува да ги изберете нештата што сакате да ги правите?

**Планот на нашиот Отец на небесата може да се оствари само ако сме слободни да избираме**

Еден дел од планот на нашиот Отец на небесата беше да нè прати на земјата каде што ќе има и добри и зли нешта. Тој сака ние да избереме што е добро. Сатаната се обидува да нè наговори да го избереме злото. Слободни сме да избереме меѓу доброто и злото.

Кога правиме правилни избори, стануваме поспособни да ги правиме нештата што нашиот Отец на небесата сака да ги правиме. Кога ги правиме нештата што нашиот Отец на небесата сака да ги правиме, стануваме послични на Него. Сами откриваме што е најдобро да избереме.

---

Подобро ги разбираме нештата што нè прават среќни и нештата што нè прават тажни.

Кога не би можеле да избираме сами, не би биле способни да станеме слични на нашиот Отец на небесата. Не би биле способни сами да научиме кои се најдобрите нешта што треба да ги избереме. Не би биле способни да Му покажеме на нашиот Отец на небесата дека Го сакаме и дека навистина сакаме да Го следиме.

***Разговор***

- Зошто треба да имаме право да избираме?

**Изборот да Му бидеме покорни на нашиот Отец на небесата нè прави среќни**

Правилните избори ни носат добри резултати; погрешните избори ни носат лоши резултати. Ако избереме да Му бидеме покорни на нашиот Отец на небесата, ќе бидеме посреќни и подобри луѓе. Ако избереме да не Му бидеме покорни, ќе бидеме тажни и нема да станеме подобри.

Кога правиме правилни избори, гледаме дека сме посреќни поради тоа. Така учиме дека треба да правиме повеќе добри работи. Кога гледаме дека избирањето на правилните работи нè прави среќни, сакаме да правиме повеќе правилни избори. Посакуваме сè повеќе и повеќе да бидеме добри. Полесно можеме да избереме зошто знаеме дека резултатите ќе бидат добри за нас. Ги учиме нештата што треба да ги знаеме и да ги правиме за да станеме послични на нашиот Отец на небесата.

Кога правиме погрешни избори, чувствуваме тага и срам. Ако продолжиме да правиме погрешни нешта, сатаната почнува да добива моќ над нас. Станува сè потешко и потешко да го избереме доброто. Престануваме да се трудиме да го следиме планот на нашиот Отец на небесата.

***Разговор***

- Размислете за некои избори што сте ги направиле. Каков резултат донел секој избор?
- Како можете да изберете да бидете среќни и да се вратите да живеете со нашиот Отец на небесата?
- Како ви помагаат правилните избори да правите уште повеќе правилни избори?

- Како избирањето на погрешни нешта ве спречува да правите добри избори во иднината?

### Нашиот Отец на небесата ќе ни помогне да правиме добри избори

Нашиот Отец на небесата сака да правиме добри избори за да ги научиме нештата што Тој ги знае, да правиме нешта што Тој ги прави и да ги имаме нештата што Тој ги има. Тој знае дека ќе бидеме среќни и способни да се вратиме да живееме со Него ако избереме да правиме правилни нешта.

Нашиот Отец на небесата ќе ни помогне да правиме добри избори Со Негова помош можеме да избереме да правиме сè што Тој ни рече да правиме. Кога ќе Го замолиме, Тој ќе ни помогне да им се спротивставиме на искушенијата од сатаната. Ќе ни даде сила да избереме што е правилно. Ќе ни помогне да го следиме Неговиот план и да станеме послични на Него.

***Разговор***

- Зошто нашиот Отец на небесата сака да правиме добри избори?
- Дали Тој некогаш би нè присилил да го направиме она што е правилно? Зошто?

***Референци***

*Нашиот Отец на небесата ни даде право сами да избираме*

- Јован 14:15 (Ако го сакаме Исус, се покоруваме на Неговите заповеди.)
- 2 Нефи 2:27–29 (Слободни сме да избереме да го следиме Исус Христос.)
- Хеламан 14:30–31 (Нашиот Отец на небесата нè направи слободни да го избереме доброто или злото.)

*Планот на нашиот Отец на небесата може да се оствари само ако сме слободни да избираме*

- 2 Нефи 2:11 (За секое добро нешто постои зло што дејствува спротивно.)
- Алма 41:3–5 (Ако правиме добро, ќе се вратиме да живееме со нашиот Отец на небесата. Ако правиме зло, ќе бидеме тажни засекогаш.)
- 3 Нефи 27:14–15 (Ќе ни се суди според она што сме избрале да правиме.)

*Изборот да Му бидеме покорни на нашиот Отец на небесата нѐ прави среќни*

- 2 Нефи 9:18 (Оние што верувале во Исус ги чека голема радост.)
- Мосија 2:41 (Оние што им биле покорни на заповедите на нашиот Отец на небесата се среќни затоа што се благословени.)

*Нашиот Отец на небесата ќе ни помогне да правиме добри избори*

- Псалми 5:12 (Нашиот Отец на небесата ќе ги благослови добрите.)
- Псалми 25:9 (Нашиот Отец на небесата им помага на оние што избираат да прават добро.)
- Римјаните 12:9 (Треба да правиме добри нешта.)
- 1 Коринтјаните 10:13 (Нашиот Отец на небесата нема да дозволи искушенијата да бидат премногу силни за да можеме да ги совладаме.)
- Морони 7:28 (Оние што веруваат во Исус сакаат да прават добро.)

# НАПУШТАЊЕ НА ПРИСУСТВОТО НА БОГА

*Втор дел*





*Исус создаде прекрасна земја за нас.*

# ИСУС ЈА СОЗДАДЕ ЗЕМЈАТА

*Поглавје 5*

*Кој ја создаде земјата? Зошто ја создаде?*

**Нам ни требаше земјата**

Дел од планот, што нашиот Отец на небесата ни го објасни на небесата, беше да ги напуштиме небесата за некое време. Ни требаше место каде што ќе одиме, далеку од Неговото присуство, за да добиеме тело од месо и коски и да бидеме испитани дали ќе направиме правилни избори. Нему му требаше некој што ќе го создаде тоа место за нас. Го одбра Исус да го стори тоа.

***Разговор***

- Зошто Бог планираше да создаде земја за нас?

**Исус ја создаде земјата**

Исус ја создаде земјата. Ги создаде денот и ноќта. Ги создаде сонцето, месечината и ѕвездите. Ја одвои водата од сувото копно и создаде мориња, езера и реки. Посади трева, дрвја, цвеќиња и сите други видови растенија на земјата. Потоа ги постави на земјата животните, рибите, птиците и инсектите. Кога Исус го направи сето тоа, земјата беше подготвена за да живеат луѓето на неа.

Потоа нашиот Отец на небесата ги создаде мажот и жената. Мажот беше наречен Адам, а жената беше наречена Ева. Обајцата имаа тело од месо и коски како телото на нашиот Отец на небесата. Тој целокупен процес на создавање на земјата и на живите суштества на неа е наречен Создавање. Нашиот Отец на небесата беше задоволен со земјата и со сите нешта што Исус ги постави на неа според Неговото упатство.

***Разговор***

- По што се разликуваа Адам и Ева од другите нешта создадени од Бога?

**Создавањата на нашиот Отец на небесата покажуваат дека Тој нè сака**

Ние сега живееме во прекрасен свет создаден од Исус според упатството на нашиот Отец на небесата. Сонцето ни дава топлина и светлина. Дождот помага растенијата да растат и ни обезбедува вода за пиење. Растенијата и животните на земјата нè снабдуваат со храна и облека.

Исус ги направи сте тие нешта за нас, упатен од нашиот Отец на небесата. Кога ги гледаме сите нешта што Тој ги направи за нас, сфаќаме дека нашиот Отец на небесата нè сака и се грижи за нас.

***Разговор***

- Размислете за некои од работите што нашиот Отец на небесата ги создаде за нас.
- По што знаеме дека нашиот Отец на небесата нè сака и се грижи за нас?

**Можеме да ја покажеме својата благодарност за земјата**

Треба секогаш да се сеќаваме дека нашиот Отец на небесата направи за нас да се создаде сè што е на земјата. Тој не е среќен кога ние не се сеќаваме на тоа. Можеме да Му покажеме дека сме благодарни мудро користејќи ги нештата на земјата. Ништо што е на земјата не смее да биде уништено. Треба да се грижиме за земјата и да ја чуваме чиста. Кога се молиме, треба да Му заблагодариме на нашиот Отец на небесата за овој прекрасен свет. Ние исто така ја покажуваме својата благодарност со правење на нешта што Тој сака да ги правиме овде.

***Разговор***

- Како можеме да Му ја покажеме на нашиот Отец на небесата својата благодарност за земјата?

***Референци***

*Нам ни требаше земјата*

- Исаија 45:18 (Бог ја создаде земјата за да живеат луѓето на неа.)
- 2 Нефи 2:15 (Бог ја создаде земјата како дел од Својот план за нас.)

*Исус ја создаде земјата*

- Исаија 45:12; Евреите 1:1–3 (Исус ја создаде земјата под водство на нашиот Отец на небесата.)

*Создавањата на нашиот Отец на небесата покажуваат дека Тој нè сака*

- Создавање 1 (Бог ги создаде сите нешта на земјата за нас.)
- Римјаните 8:38–39 (Ништо не може да нè оддели од љубовта на Бога.)

*Можеме да ја покажеме својата благодарност за земјата*

- Ефесјаните 5:20 (Треба да Му бидеме благодарни на Бога за сите нешта.)
- Мосија 2:20–25 (Треба да Му бидеме благодарни на Бога Кој нè создаде.)



*Адам и Ева клечаш̄ш̄ пред олш̄ар.*

# АДАМ И ЕВА

*Поглавје 6*

*Кои беа Адам и Ева? Што направија тие за да ни помогнат?*

**Адам и Ева беа првите луѓе што дојдоа на оваа земја**

Нашиот Отец на небесата ги нарече првите луѓе на земјата Адам и Ева. Тие беа меѓу Неговите најхрабри чеда. Тие ни овозможија на сите нас да дојдеме на земјата.

На небесата, Адам се викаше Михаил. Тој беше еден од нашите водачи. Тој нè поведе во војна против сатаната. Михаил беше добар човек. Го правеше она што нашиот Отец на небесата сакаше да прави. Тој стана првиот човек кој ќе биде на оваа земја.

Ева беше многу добра ќерка на нашиот Отец на небесата. Нашиот Отец на небесата ја прати Ева на земјата заедно со Адам, да биде негова жена и да му помага. Нашиот Отец на небесата знаеше дека нема да биде добро за Адам да биде сам. Адам сам не можеше да ни овозможи да дојдеме на земјата. Улогата на Ева во Божјиот план е важна исто како и улогата на Адам.

***Разговор***
- Пред да дојде на земјата, како Адам беше наречен и што направи?
- Зошто нашиот Отец на небесата ја прати Ева да биде со Адам?

**Едемската градина беше првиот дом на Адам и Ева**

Нашиот Отец на небесата создаде прекрасно место на земјата каде што живееја Адам и Ева. Беше наречено Едемска градина. Кога Адам и Ева беа во Едемската градина, имаа бесмртни тела од месо и коски. Тие немаа деца. Не мораа да сеат и да жнеат или да работат за нештата што им требаа. Не се сеќаваа за својот живот на небесата. Не знаеја што е добро, а што е зло.

Во Едемската градина Адам и Ева можеа да шетаат и да разговараат со нашиот Отец на небесата. Тој им ги кажа нештата што треба да ги прават. Им рече да се грижат за градината и да ја одржуваат нејзината убавина. Им рече да имаат деца. Исто така им рече дека можат слободно да го јадат овошјето од секое дрво во градината, освен од едно. Нашиот Отец на небесата им рече да не јадат од овошјето од дрвото за познавање на доброто и на злото. Ги предупреди дека, ако јадат од овошјето од тоа дрво, ќе умрат.

***Разговор***

- По што се разликува животот на Адам и Ева во Едемската градина од животот денес?
- Што им рече нашиот Отец на небесата на Адам и Ева да прават?

**Адам и Ева беа одделени од нашиот Отец на небесата**

Сатаната мислеше дека може да го уништи планот на нашиот Отец на небесата. Дојде во Едемската градина и се обиде да ја наговори Ева да јаде од плодот на дрвото за познавање на доброто и на злото. Тој ѝ рече дека, ако го изеде овошјето, нема да умре. Рече дека ќе ја дознае разликата меѓу доброто и злото, исто како нашиот Отец на небесата. Ева му поверува на сатаната и јадеше од овошјето. Кога Ева му кажа на Адам дека јадеше од овошјето, тој знаеше дека таа ќе мора да ја напушти градината. За да можат да останат заедно, тој исто така јадеше од овошјето.

Животите на Адам и Ева се променија откако јадеа од овошјето за кое нашиот Отец на небесата им рече да не го јадат. Нашиот Отец на небесата ги истера од Едемската градина. Тие веќе не можеа да шетаат и да разговараат со Него. Оттогаш сите луѓе беа одделени од присуството на нашиот Отец на небесата. Таа состојба кога не можеме да бидеме со нашиот Отец на небесата се вика духовна смрт.* Адам и Ева мораа да живеат во светот надвор од прекрасната градина. Мораа да работат за да го добијат она што им требаше.

Нивните тела се изменија. Сега можеа да имаат деца. Можеа да се разболат и да чувствуваат болка и тага, а еден ден и да умрат. Промените што се случија кај Адам и Ева се наречени падот на Адам.

Тие промени имаа влијание врз целото потомство на Адам и Ева. Ние, исто како Адам и Ева, имаме моќ да имаме деца; а болеста, болката, тагата и смртта исто така доаѓаат до нас.

*Разговор*

- Што направи сатаната за да го уништи планот на нашиот Отец на небесата?
- Како се измени животот на Адам и Ева откако го вкусија плодот на дрвото за познавање на доброто и на злото?
- Што е духовна смрт?
- Што е падот на Адам?

**Падот на Адам беше неопходен дел од планот на нашиот Отец на небесата**

Нашиот Отец на небесата планираше неговите деца да дојдат на земјата за да добијат тело од месо и коски. Откако ги истера Адам и Ева од Едемската градина, тие почнаа да добиваат деца. Подоцна нивните деца се венчаваа и раѓаа деца. На тој начин, децата-духови на нашиот Отец на небесата, што живееја со Него, почнаа да доаѓаат на земјата онака како што планираше Тој. Поради она што го сторија Адам и Ева, секој од нас можеше да дојде на земјата и да добие тело од месо и коски.

Нашиот Отец на небесата исто така планираше неговите деца да работат за да ги добијат нештата што ги посакуваат и што им требаат. Откако Адам и Ева ја напуштија Едемската градина, децата на нашиот Отец на небесата мораа да работат за да ги добијат нештата што ги посакуваа и што им требаа.

Откако Адам и Ева јадеа од овошјето за кое нашиот Отец на небесата им рече да не го јадат, ја научија разликата меѓу доброто и злото. Сега секој од нас на земјата може да ја научи разликата меѓу доброто и злото и сам да избере дали ќе прави добри или лоши работи.

Кога нашиот Отец на небесата ги истера Адам и Ева од Едемската градина, тие се потрудија да ги научат работите што Тој сакаше да ги прават. Му беа покорни и ги учеа своите деца да Му бидат покорни. Секој од нас треба исто така да ги научи работите што нашиот Отец на небесата сака да ги правиме, треба да Му бидеме покорни и така да ги учиме своите деца.

*Разговор*

- Дали сатаната го уништи планот на нашиот Отец на небесата?
- Зошто треба да бидеме благодарни за работите што ги направија Адам и Ева?

## *Референци*

*Адам и Ева беа првите луѓе што дојдоа на оваа земја*

- Создавање 1:26–27 (Бог ги создаде мажот и жената.)
- Откровение 12:7–9 (Адам, кој во тоа време се викаше Михаил, ги поведе праведните духови против сатаната.)
- 1 Нефи 5:11; 2 Нефи 2:19–20 (Адам и Ева беа првите родители.)

*Едемската градина беше првиот дом на Адам и Ева*

- Создавање 2:15 (Нашиот Отец на небесата им рече на Адам и Ева да се грижат за Едемската градина.)
- Создавање 2:16–17 (Нашиот Отец на небесата им рече на Адам и Ева да не јадат од овошјето од дрвото за познавање на доброто и на злото.)

*Адам и Ева беа одделени од нашиот Отец на небесата*

- Создавање 3:1–5 (Сатаната ја заведе Ева.)
- Создавање 3:23–24 (Бог ги истера Адам и Ева од Едемската градина.)
- Хеламан 14:16 (На Адам и Ева не им беше дозволено да останат онаму каде што беше Бог.)

*Падот на Адам беше неопходен дел од планот на нашиот Отец на небесата*

- 2 Нефи 2:22–25 (Ние не би можеле да дојдеме на земјата да не се случеше падот на Адам.)
- Алма 12:23–35 (Падот на Адам беше дел од Божјиот план.)

# КОМУНИКАЦИЈА СО БОГА

*Трет дел*



# СВЕТИОТ ДУХ

*Поглавје 7*

*Нашиот Отец на небесата избра некого кој ни ги кажува работите што Тој сака да ги знаеме. Кој е таа личност и како можеме да научиме да ги разбираме пораките на нашиот Отец на небесата?*

**Светиот Дух дејствува со нашиот Отец на небесата и со Исус за да ни помогне**

Светиот Дух дејствува со нашиот Отец на небесата и со Исус. Тој ни сведочи дека Тие живеат и дека нѐ сакаат. Тој Им помага да нѐ научат за работите што треба да ги знаеме и ни помага да се покоруваме на Нивните заповеди. Тој нема тело од месо и коски како што имаат нашиот Отец на небесата и Исус. Тој е дух. Изгледа како човек.

Нашиот Отец на небесата, Исус Христос и Светиот Дух се три посебни личности. Тие дејствуваат заедно за да ни помогнат да ги научиме работите што треба да ги знаеме и да ги правиме. Пораките од нашиот Отец на небесата или од Исус најчесто ни ги пренесува Светиот Дух. Тој исто така ни помага да им се покоруваме на Нивните заповеди.

***Разговор***

- Со кого дејствува Светиот Дух?
- По што се разликува Светиот Дух од нашиот Отец на небесата и од Исус?

**Делото на Светиот Дух**

Светиот Дух нѐ учи за нашиот Отец на небесата и за Исус. Тој ни кажува дека Тие живеат и дека нѐ сакаат. Ни кажува дека нашиот Отец на небесата е Отец на нашите духови. Исто така ни кажува дека Исус е нашиот Спасител.

Светиот Дух ни помага да ги разбереме нашиот Отец на небесата и Исус, како и работите што треба да ги правиме за да се вратиме на небесата. Исто така ни помага да ја научиме и разбереме целата вистина.

Светиот Дух исто така ни дава сила да им се покоруваме на заповедите на нашиот Отец на небесата и на Исус. Тој може да ни помогне да донесеме правилна одлука кога мораме да избираме меѓу две работи. Може да ни даде мир во време на вознемиреност.

***Разговор***
- Што е делото на Светиот Дух?
- Што може Светиот Дух да ни помогне да дознаеме?
- Што може Светиот Дух да ни помогне да правиме?

**Светиот Дух нè учи на моќен начин**

Светиот Дух нè поучува што е правилно и што е погрешно. Тоа поучување е толку силно што никогаш не го заборавиме. Светиот Дух обично не разговара со нас така да можеме да го слушнеме со ушите. Наместо тоа, Тој прави да помислиме или да почувствуваме дали тоа што сме го прочитале или слушнале е вистинското. Тие чувства се мошне силни.

Моќта на Светиот Дух може да биде почувствувана од многу луѓе истовремено. За да го разберете подобро тоа, помислете на сонцето. Постои само едно сонце, но неговата светлина и топлина ја чувствуваат луѓето на многу места истовремено. На таков начин можеме да го разбереме и Светиот Дух. Неговата моќ можат да ја почувствуваат луѓето на повеќе места истовремено, иако Тој е само на едно место во едно време.

***Разговор***
- На кој начин Светиот Дух ни ги кажува работите што треба да ги знаеме?
- Како може Светиот Дух да им помогне на многу луѓе истовремено?

**Светиот Дух ќе му помогне на секој од нас**

Откако нашиот Отец на небесата ги истера Адам и Ева од Едемската градина, тие се молеа и Го прашаа што треба да прават. Нашиот Отец на небесата го прати Светиот Дух да ги учи за Него и за Исус и за работите што Адам и Ева треба да ги прават. Светиот Дух им кажа дека поучувањата на нашиот Отец на небесата се вистински. Им даде сила да ги прават работите што нашиот Отец на небесата сакаше да ги прават.

Тој исто така им помогна да бидат понизни и благодарни за нештата што нашиот Отец на небесата ги направи за нив.

Преку водството на Светиот Дух, Адам и Ева научија дека еден ден ќе можат пак да живеат со нашиот Отец на небесата ако секогаш го следат Исус и се покоруваат на Неговите заповеди. Водството на Светиот Дух ги направи мошне среќни.

Нашиот Отец на небесата нè сака сите нас. Тој го прати Светиот Дух да нè упатува и учи за вистината. Меѓутоа, Светиот Дух ќе ни помогне само ако искрено се трудиме да ги следиме заповедите и упатствата што ни ги праќаат преку него нашиот Отец на небесата и Исус. Ако не се трудиме искрено да се покоруваме на Нивните заповеди или ако не сакаме Светиот Дух да нè учи, Тој нема да ни каже ништо. Ќе имаме подобар живот ако ги следиме поучувањата на Светиот Дух.

***Разговор***

- Како им помогна Светиот Дух на Адам и Ева?
- Што треба да правиме за да ја примиме помошта од Светиот Дух?

***Референци***

*Светиот Дух дејствува со нашиот Отец на небесата и со Исус за да ни помогне*

- Јован 14:26; 2 Нефи 33:1 (Светиот Дух ќе ни помогне да ги запаметиме нештата што сме ги научиле.)
- Јован 15:26 (Светиот Дух ќе ни ја покаже вистината за Исус.)
- 1 Јован 5:7 (Светиот Дух дејствува со нашиот Отец на небесата и со Исус Христос.)
- 3 Нефи 28:11 (Светиот Дух ни дава спознание за нашиот Отец на небесата и за Исус.)

*Делото на Светиот Дух*

- 1 Коринтјаните 12:3; Евреите 10:15 (Светиот Дух нè учи да знаеме дека Исус е Спасителот.)
- 2 Нефи 32:5 (Светиот Дух ќе ни помогне да ги дознаеме работите што треба да ги правиме.)

*Светиот Дух нè учи на моќен начин*

- Морони 10:5–7 (Светиот Дух нè учи кои работи се вистински, а кои не.)

*Светиот Дух ќе му помогне на секој од нас*

- Јован 16:13 (Светиот Дух ќе нѐ упати во целата вистина.)
- Римјаните 8:16–17 (Светиот Дух ќе ни помогне да спознаеме дека сме чеда на нашиот Отец на небесата.)



*Треба да се молиме сами или заедно со семејството наутро и навечер.*

# РАЗГОВАРАЊЕ СО НЕБЕСНИОТ ОТЕЦ

*Поглавје 8*

*Нашиот Отец на небесата нè сака многу. Тој нашол начин да разговараме со Него кога тоа ќе го посакаме. Како можеме да разговараме со нашиот Отец на небесата?*

**Можеме да разговараме со нашиот Отец на небесата**

Разговарањето со нашиот Отец на небесата се вика молитва. И покрај тоа што нашиот Отец на небесата живее на небесата, можеме да разговараме со Него и Тој нè слуша. Тој сака да ни помогне. Тој бараше од нас да разговараме со Него. Тој ќе ни помогне да ги правиме нештата што се добри за нас.

На нашиот Отец на небесата можеме да Му ги кажеме нештата за кои размислуваме. Можеме да Му кажеме дека го сакаме. Можеме да Му кажеме дека сме благодарни за нештата што ни го дал. Можеме да побараме помош од Него.

Ние можеме да разговараме со нашиот Отец на небесата секогаш кога имаме потреба од тоа. Треба да зборуваме со Него кога сме сами. Кога сме сами, можеме да зборуваме со Него за нашите лични чувства и проблеми. Со Него треба да разговараме барем секое утро и секоја вечер.

Исто така, треба да разговараме со Него заедно со своето семејство. Тоа можеме да го правиме секое утро и секоја вечер. Можеме тоа да го правиме и пред секој оброк кога Му се заблагодаруваме за храната.

Нашиот Отец на небесата секогаш ќе сака да разговараме со Него. Секогаш ќе нè сака и ќе ни помага. Дури и кога правиме погрешни работи, Тој сепак нè сака. Ќе нè слушне и ќе ни помогне.

***Разговор***
- Зошто треба да разговараме со нашиот Отец на небесата?
- Кога треба да разговараме со Него?

**Нашиот Отец на небесата ни кажа како да разговараме со Него**

Кога се молиме, треба да Му кажеме на нашиот Отец на небесата што чувствуваме навистина и што ни треба. Не треба да кажуваме исти зборови секогаш кога разговараме со Него. Не треба еднолично да пееме или викаме.

Тој ни кажа на кој начин да разговараме со Него. Треба директно да Му се обраќаме велејќи: „Оче наш на небесата", или нешто слично. Треба да Му зборуваме со љубов и почит.

Потоа, треба да Му се заблагодариме за она што го направил за нас.

Еве некои работи за кои треба да Му се заблагодариме:

1. Треба да Му се заблагодариме за прекрасната земја и за нашата храна, за облеката и за сето она што го поседуваме.
2. Треба да Му се заблагодариме за Неговите поучувања и за својата способност повеќе да научиме за Него.
3. Треба да Му се заблагодариме за своето семејство и за пријателите, за своето добро здравје и за својата работа.

Потоа, можеме да Го замолиме за она што ни е потребно. Еве некои работи што можеме да ги побараме од Него:

1. Можеме да Го замолиме да ни помогне да дознаеме кои нешта се вистинити, а кои не.
2. Можеме да Го замолиме да нè штити нас, нашето семејство и нашите ближни.
3. Можеме да Го замолиме да ни помогне да ги правиме нештата што Тој сака да ги правиме.
4. Можеме да Го замолиме да ни помогне да ги одбереме правилните нешта.
5. Можеме да Го замолиме да ни помогне да се покаеме за своите гревови.
6. Можеме да Го замолиме да ни помогне да набавиме доволно храна за денот.
7. Можеме да Го замолиме да ни помогне да ги решиме своите проблеми.

8. Можеме да Го замолиме да му помогне на нашето семејство или на пријателите да ги решат проблемите што ги имаат.

Молитвата треба да ја завршиме велејќи: „Во името на Исус Христос, амин.“ Тоа ќе ни помогне да запаметиме дека Исус е нашиот Спасител. Упатен од нашиот Отец на небесата, Исус ни помага за сите нешта што ни требаат. Името на Исус треба да го изговараме со почит.

***Разговор***
- Кога разговараме со нашиот Отец на небесата, како почнуваме?
- Наведете некои работи за кои треба да Му се заблагодариме.
- Наведете некои работи за кои можеме да Го замолиме да ни помогне.
- Што велиме на крајот на нашиот разговор со нашиот Отец на небесата?

**Нашиот Отец на небесата секогаш ни одговара**

Можеме да бидеме сигурни дека нашиот Отец на небесата нè слуша. Тој знае кои нешта е најдобро да ги имаме. Секогаш е готов да ни помогне.

Нашиот Отец на небесата често ни праќа одговор преку Светиот Дух. Светиот Дух ни помага да ги разбереме нештата што треба да ги знаеме и да ги правиме. Некогаш Светиот Дух поттикнува некој друг да ни помогне.

Треба да бидеме подготвени да ги прифатиме одговорите што ни ги дава нашиот Отец на небесата. Можеби нема да ни ги даде нештата што сме ги побарале. Можеби нема да ни одговори како што сме очекувале. Но Тој знае што е добро за нас.

***Разговор***
- Како ни одговара нашиот Отец на небесата?
- Зошто не ни ги дава секогаш нештата што сме ги побарале?

**Со молитвата стануваме подобри луѓе**

Можеби нема да знаеме што е добро да направиме. Можеби ќе се плашиме. Можеби нема да знаеме да ги решиме своите проблеми. Можеби нема да знаеме кои нешта се вистинити, а кои не. Можеби ќе знаеме што е добро да направиме, но нема да бидеме доволно силни за тоа.

Кога често разговараме со нашиот Отец на небесата, Тој ни помага да ги совладаме своите проблеми. Ни помага да ги спознаеме и да ги правиме правилните нешта. Кога ги спознаваме и ги правиме правилните

нешта, стануваме подобри луѓе. Стануваме послични на нашиот Отец на небесата.

***Разговор***

- Како стануваме подобри луѓе преку разговарањето со нашиот Отец на небесата?

## ***Референци***

*Можеме да разговараме со нашиот Отец на небесата*

- Псалми 55:16–17; 2 Нефи 32:9 (Треба често да разговараме со нашиот Отец на небесата.)
- Лука 18:1 (Треба секогаш да се молиме.)
- Алма 37:37 (Треба да разговараме со нашиот Отец на небесата за сè што правиме.)

*Нашиот Отец на небесата ни кажа како да разговараме со Него*

- Матеј 6:6–13 (Ни беше кажано како треба да се молиме.)
- Јаков 1:5 (Со нашиот Отец на небесата можеме да разговараме за многу нешта.)
- Алма 34:17–27 (Еве некои од работите за кои треба да Му се молите на нашиот Отец на небесата.)
- 3 Нефи 19:6, 24 (Исус нè учи како да разговараме со нашиот Отец на небесата.)

*Нашиот Отец на небесата секогаш ни одговара*

- Изреки 15:29 (Нашиот Отец на небесата ги слуша молитвите.)
- Матеј 7:7 (Посакајте и ќе ви се даде.)
- Морони 7:26; 3 Нефи 18:20 (Сè што ќе посакаме, а што е добро за нас, ќе ни биде дадено.)

*Со молитвата стануваме подобри луѓе*

- Лука 22:40 (Молете се за сила да не паднете во искушение.)
- Јаков 5:15–16 (Молитвите на праведните прават да се случат многу добри нешта.)

# ПРОРОЦИ

*Поглавје 9*

*Кој зборува денес на земјата од името на нашиот Отец на небесата и може да ни каже што сака нашиот Отец на небесата да знаеме и да правиме?*

**Пророк е човек што зборува од името на нашиот Отец на небесата**

Нашиот Отец на небесата избира човек што зборува во Негово име на земјата. Тој човек се нарекува пророк. Пророкот го сака нашиот Отец на небесата и ги прави нештата што нашиот Отец на небесата сака да ги прави. Нашиот Отец на небесата го учи пророкот за нештата што треба да ги знаеме и да ги правиме. Тогаш пророкот ни ги кажува тие нешта. Кога пророкот зборува во името на нашиот Отец на небесата, го зборува она што нашиот Отец на небесата би го рекол кога би ни зборувал нам.

Еве некои од работите што ни ги кажува пророкот:

- Ни кажува дека Исус е Син на нашиот Отец на небесата, дека Исус е нашиот Спасител и дека поучувањата на Исус се вистинити.
- Нè поучува за она што нашиот Отец на небесата рекол дека треба да го правиме.
- Ни вели да престанеме да правиме лоши работи.
- Ни кажува за работите што ќе се случат во иднината.

Пророкот може да биде избран само од нашиот Отец на небесата. Луѓето не можат да изберат пророк. Човек не може сам себе да се избере за пророк. Нашиот Отец на небесата му дава на пророкот овластување да го извршува Неговото дело и да зборува во Негово име. Човек не може да го претставува нашиот Отец на небесата ако нема такво овластување.


Џозеф Смит


Бригам Јанг


Џон Тејлор


Вилфорд Вудраф


Лоренцо Сноу


Џозеф Ф. Смит


Хебер Џ. Грант


Џорџ Алберт Смит


Дејвид О. Мек-Кеј


Џозеф Филдинг Смит


Херолд Б. Ли


Спенсер В. Кимбол


Езра Тафт Бенсон


Хавард В. Хантер


Гордон Б. Хинкли

*Нашиот Отец на небесата испрати пророци во наше време.*

***Разговор***

- Во чие име зборува пророкот?
- Наведете некои од работите што ни ги кажува пророкот.

**Нашиот Отец на небесата секогаш праќал пророци да ни помагаат**

Нашиот Отец на небесата секогаш се грижи за Своите чеда на земјата. Уште од времето на Адам праќал пророци за да им помогне на Своите чеда. Праќа пророци за да ги предупреди луѓето за опасноста. Ги праќа да ги водат луѓето далеку од неволја. Ги праќа за да им помогне на луѓето да се подготват за големите настани. Ова се некои од пророците кои нашиот Отец на небесата ги испратил:

1. Ное: Тој ги предупредил луѓето дека нашиот Отец на небесата ќе прати потоп за да ги уништи ако не престанат да прават лоши работи.
2. Авраам: Му бил покорен на нашиот Отец на небесата и ги учел своите деца да Му бидат покорни на нашиот Отец на небесата. Нашиот Отец на небесата му ветил дека нему и на неговото потомство ќе му даде многу нешта.
3. Мојсеј: Го извел народот на Израел од Египет до земјата што нашиот Отец на небесата ја подготвил за нив.

Во денешно време нашиот Отец на небесата исто така праќа пророци. Еден од пророците што живееше не толку одамна се викаше Џозеф Смит. Живееше во Соединетите Американски Држави. Во 1820 година Џозеф Смит имаше 14 години. Во тоа време многу луѓе се приклонуваа кон различни цркви, барајќи ја вистинската црква. Џозеф сакаше да биде добар човек и да ја најде вистинската црква на нашиот Отец на небесата.

Еден ден Џозеф ја читаше светата книга наречена Библија. Прочита дека, ако сакаме да знаеме нешто, треба да го прашаме нашиот Отец на небесата и Тој ќе ни каже. Веруваше дека нашиот Отец на небесата навистина ќе му каже што треба да прави. Реши да Му каже посебна молитва на нашиот Отец на небесата.

Едно утро Џозеф отиде во една шумичка да се моли. Додека се молеше, од небото се спушти светлина поблескава од сонцето. Во таа светлина тој Ги виде нашиот Отец на небесата и Исус Христос. Нашиот Отец на небесата покажа кон Исус и рече: *"Ова е Мојот возљубен Син. Него слушајте Го!"*

Џозеф слушаше сè што му кажуваше Исус и се покори на упатствата што му ги даде Исус.

Кога Џозеф порасна, нашиот Отец на небесата го избра да биде пророк. Тој беше голем пророк. Ги учеше луѓето за работите што нашиот Отец на небесата сака да ги прават.

Џозеф Смит умре во 1844 година. По неговата смрт нашиот Отец на небесата избра друг човек да биде пророк. Денес, кога пророкот ќе умре, нашиот Отец на небесата избира друг човек да зборува на земјата од Негово име.

***Разговор***
- Наведете некои од пророците избрани од нашиот Отец на небесата.
- Што направи Џозеф Смит?

**Денес на земјата постои пророк**

Нашиот Отец на небесата ги сака Своите чеда што се сега на земјата. Тој знае дека ние имаме многу проблеми. Ни прати пророк да ни помага. Денес Тој му зборува на пророкот исто како што им зборувал на пророците во минатото. Нашиот Отец на небесата му дава на пророкот упатства за сите луѓе во целиот свет. Само пророкот може да прими упатства од нашиот Отец на небесата за целиот свет.

Пророкот што живее денес е голем човек. Тој Го сака нашиот Отец на небесата и сака да Му се покорува. Нашиот Отец на небесата му ги кажува на пророкот нештата што Тој сака да ги знаеме и да ги правиме.

***Разговор***
- Зошто нашиот Отец на небесата во денешно време прати пророк?
- За кого пророкот добива упатства?
- Зошто можеме да веруваме во сè што ни кажува пророкот?

**Нашиот Отец на небесата ни помага кога се покоруваме на упатствата што Тој му ги дава на пророкот**

Нашиот Отец на небесата ни заповеда да му се покоруваме на Неговиот пророк кога пророкот зборува од Негово име. Кога им се покоруваме на упатствата што нашиот Отец на небесата му ги дава на пророкот, учиме како да станеме послични на нашиот Отец на небесата. Ги учиме нештата што треба да ги правиме. Можеме да научиме како да ги совладаме проблемите што ги имаме. Нашиот Отец на небесата ќе ни помогне и ние ќе најдеме мир во своите срца.

***Разговор***

- Зошто треба да послушаме кога пророкот ни кажува што да правиме?
- Како ќе ни помогне нашиот Отец на небесата кога го правиме она што ни рекол пророкот упатен од Него?

***Референци***

*Пророк е човек што зборува од името на нашиот Отец на небесата*

- Броеви 12:6; Лука 1:70 (Нашиот Отец на небесата зборува преку пророците.)
- Еремија 1:5, 7 (Нашиот Отец на небесата им кажува на Своите пророци што да кажат.)

*Нашиот Отец на небесата секогаш праќал пророци да ни помагаат*

- Амос 3:7 (Нашиот Отец на небесата секогаш зборува преку Своите пророци.)
- Евреите 1:1 (Во минатото, нашиот Отец на небесата им зборувал на луѓето преку пророците.)

*Денес на земјата постои пророк*

- 2 Нефи 3:7–24 (Нашиот Отец на небесата вети дека ќе избере пророци во подоцнежните дни.)

*Нашиот Отец на небесата ни помага кога се покоруваме на упатствата што Тој му ги дава на пророкот*

- Повторени закони 18:18–19 (Кој нема да ги послуша пророците ќе биде суден по она на што поучувале пророците.)
- 3 Нефи 28:34 (Нашиот Отец на небесата нема да им дозволи на оние што ги отфрлаат зборовите на пророците пак да живеат со Него.)

# СВЕТИ ПИСМА

*Поглавје 10*

*Нашиот Отец на небесата ни даде четири свети книги за да ни помогне. Дали ги знаете имињата на тие четири книги?*

**Нашиот Отец на небесата ја покажува Својата љубов кон нас давајќи ни ги Светите писанија**

Нашиот Отец на небесата им рече на пророците да ги напишат нештата што Тој сака да ги знаеме. Тие писанија се наречени Свети писма. Тие се многу свети затоа што сето она што е напишано во нив доаѓа од нашиот Отец на небесата. Поголеми се и поважни од што и да било што е напишано од некој без помошта на нашиот Отец на небесата.

Нашиот Отец на небесата ни ги дава тие писанија за да ни помогне. Читајќи ги, можеме да го спознаеме големиот план на нашиот Отец на небесата за нас. Можеме да научиме за нашиот живот со Него пред нашето раѓање. Можеме да научиме за Исус Христос. Можеме да научиме што мораме да правиме за да станеме среќни и слични на нашиот Отец на небесата.

Тие писанија ни помагаат да научиме дека нашиот Отец на небесата нè сака и сака да правиме правилни дела. Ни кажуваат за другите луѓе што учеле за нашиот Отец на небесата. Ни кажуваат дека Тој ги сака сите луѓе. Во Светите писма читаме дека, кога луѓето ќе одберат да Му бидат покорни на нашиот Отец на небесата, стануваат среќни и Тој им помага. Кога не Му се покорни, не се среќни и не ја добиваат Неговата помош.

***Разговор***

- Што се Светите писма?
- Што можеме да научиме од Светите писма?

**Имаме четири книги на Светото писмо**

Четирите книги на Светото писмо се Библијата, Книгата на Мормон, Учење и завети и Скапоцениот бисер. Сите тие ги содржат зборовите на нашиот Отец на небесата и на Исус Христос. Сите тие нè поучуваат за вистинитите учења на нашиот Отец на небесата и на Исус Христос.

*Библија*

Библијата ги содржи зборовите на нашиот Отец на небесата, упатени до луѓето од времето на Адам па сè до времето кога апостолите* Исусови живееја. Тие зборови ни се наменети и нам за да ги проучуваме и да ги следиме денес. Библијата е поделена на два дела. Тоа се Стариот завет и Новиот завет.

Стариот завет започнува со раскажувањето за тоа како нашиот Отец на небесата ја создаде земјата и на неа ги прати првиот маж и првата жена. Стариот завет ги содржи раскажувањата на многу пророци, како што се Ное, Авраам, Израел, Мојсеј, Исаија и Илија. Раскажувањата зборуваат за тоа како нашиот Отец на небесата им помогнал на луѓето кога тие правеле добро. Исто така кажуваат и за тоа дека, кога луѓето не ги слушаат пророците и не им се покоруваат на поучувањата на нашиот Отец на небесата, не можат да ја добијат Неговата помош.

Новиот завет е вториот дел на Библијата. Тој раскажува за раѓањето и животот на Исус на земјата. Содржи некои од прекрасните поучувања на Исус и многу приказни за Неговата љубов кон луѓето и како им помагал. Објаснува како Тој ги повикал апостолите меѓу Своите следбеници, како ги поучил и им дал власт да го извршуваат Неговото дело. Неговите следбеници знаеле дека Тој е Господ. Подоцна писателите Го нарекле Господ Исус Христос.

Новиот завет кажува како Исус страдал и умрел за сите луѓе. Новиот завет завршува со раскажувањата како Неговите апостоли ги поучувале луѓето за Него, за работите што ќе се случат пред да се врати повторно Исус и за крајот на светот.

Луѓето во светот не ги прифатиле апостолите туку им се смееле, ги прогонувале и ги убиле. Кога сите апостоли и пророци биле мртви, немало никој што ќе ги пишува зборовите на нашиот Отец на небесата.

Библијата ги содржи зборовите на нашиот Отец на небесата до оној степен до кој се точно преведени.

*Книгата на Мормон*

Книгата на Мормон ги содржи поучувањата на нашиот Отец на небесата упатени до луѓето што живееле на американскиот континент. Делови од тие записи биле напишани 2.000 години пред раѓањето на Исус Христос. Другиот дел почнува околу 600 години пред Исус Христос и завршува 400 години по неговото раѓање. Таа книга содржи важни поучувања на нашиот Отец на небесата. Книгата на Мормон била напишана за да им помогне на луѓето тогаш и сега да сфатат дека Исус е Спасител на целиот свет.

Поголемиот дел од Книгата на Мормон раскажува за група луѓе што патувале од Ерусалим до американскиот континент. Нивното патување се случило 600 години пред раѓањето на Исус Христос. Тие биле водени од пророкот наречен Лехи и од неговиот син Нефи. Двајцата браќа на Нефи биле зли и не му се покорувале на својот татко. Тие се викале Ламан и Лемуел.

Кога умрел Лехи, членовите на неговото семејство се поделиле на две групи. Оние што го следеле Нефи биле наречени Нефијци. Оние што го следеле Ламан биле наречени Ламанци. Тие мали групи израснале во големи народи. Нефијците и Ламанците многу години војувале меѓусебно. Нашиот Отец на небесата ги благословил и ги заштитил луѓето што се покорувале на Неговите заповеди.

Нашиот Отец на небесата избрал многу пророци да ги поучуваат и водат луѓето во Америка. Раскажувањата за нивниот живот и други поучувања може да се најдат во Книгата на Мормон. Некои од најважните пророци во таа книга се Нефи, Јаков, Венијамин, Алма, Мормон и Морони. Тие ја напишале историјата на луѓето на нашиот Отец на небесата што живееле во Америка. Мормон ги собрал записите на пророците и ги ставил заедно во една книга.

Пророците им кажале на луѓето дека Исус ќе ја посети нивната земја кога ќе го заврши Своето дело во Ерусалим. Исус им се јавил на добрите луѓе во Америка. Ги поучувал за Своето Евангелие* и за нештата што треба да ги прават за по смртта да се вратат кај нашиот Отец на небесата.

Луѓето верувале во Исус и долго време Му се покорувале. Биле добри и живееле во мир. Потоа почнале да Го заборавааат Исус. Престанале да ги слушаат своите пророци. Правеле само лоши работи.

Мормон, еден од последните пророци во книгата, му ја дал на својот син Морони историјата на својот народ, Нефијците. Кога сиот негов народ бил убиен во големата битка со Ламанците, Морони ја закопал на еден рид историјата на својот народ напишана од пророците.

Историјата останала закопана на ридот неколку стотици години. Конечно, во 1820 година, нашиот Отец на небесата го одбра Џозеф Смит да биде Негов пророк и го прати Морони, воскреснато* битие, да му покаже на Џозеф каде е закопана историјата. Џозеф ја преведе историјата на англиски јазик. Денес е позната како Книгата на Мормон.

Книгата на Мормон била напишана за да покаже дека нашиот Отец на небесата ги знае и ги сака сите луѓе низ целата земја. Книгата на Мормон поучува дека Исус е Спасител на сите луѓе на земјата и Син на нашиот Отец на небесата.

*Учење и завети*

Во Учењето и заветите се содржани зборовите на нашиот Отец на небесата упатени до луѓето во современото време. Таа книга содржи упатства за устројувањето на Црквата на Исус Христос. Ги објаснува задолженијата на членовите и водачите. Исто така, содржи поучувања кои долго време биле загубени за луѓето во светот. Објаснува некои поучувања на Библијата.

Книгата Учење и завети има пораки за нас што живееме денес. Нè предупредува за она што ќе се случи ако не Му се покоруваме на нашиот Отец на небесата. Исто така, ни кажува за прекрасните нешта што нашиот Отец на небесата ги подготвил за нас ако Му се покоруваме.

*Скапоцениот бисер*

Скапоцениот бисер ги содржи книгата на Мојсеј, книгата на Авраам и некои инспирирани записи на Џозеф Смит.

Книгата на Мојсеј ги содржи виденијата што нашиот Отец на небесата му ги дал на Мојсеј. Го објаснува Создавањето на земјата. Содржи поучувања што беа загубени од Библијата.

Книгата на Авраам кажува за Создавањето на земјата, како и за нашиот Отец на небесата и за Неговата моќ.

Записите на Џозеф Смит кажуваат како нашиот Отец на небесата го повикал да биде пророк. Исто така, вклучуваат и дел од неговиот превод на Библијата и изјави што ги објаснуваат некои од верувањата на

Црквата на Исус Христос на светиите од подоцнежните дни. Тие изјави се наречени Поставки на верата.

Пророкот на нашиот Отец на небесата што живее денес исто така ги запишува нештата што нашиот Отец на небесата му ги кажува. Нашиот Отец на небесата овозможил пророците во минатото да спознаат многу големи и важни нешта. Тој продолжува да овозможува Неговиот пророк денес да спознае многу големи и важни нешта.

***Разговор***

- Кои се четирите книги на Светото писмо што ги имаме денес?
- Зошто е важна за нас секоја од тие книги?

**Нашиот Отец на небесата ќе ни помогне кога ги проучуваме Светите писма**

Во Светите писма нашиот Отец на небесата нè поучува како можеме да Му се вратиме ако го следиме Неговиот план. Со проучување на Светите писма можеме да ги научиме нештата што Тој сака да ги знаеме и да ги правиме. Ако не ги проучуваме Светите писма, нема да знаеме што тие содржат. Нема да знаеме што сака нашиот Отец на небесата да правиме.

Треба да ги проучуваме Светите писма секој ден. Исто така, и на своето семејство треба да му читаме од Светите писма. Треба да му помогнеме на своето семејство да ги разбере Светите писма. Треба да ги поучуваме своите деца дека тоа се свети книги што доаѓаат од нашиот Отец на небесата. Треба да им помогнеме да дознаат што содржат тие книги и да бидат благодарни за нив.

***Разговор***

- Како ќе ни помогне нашиот Отец на небесата кога ги читаме Светите писма?

***Референци***

*Нашиот Отец на небесата ја покажува Својата љубов кон нас давајќи ни ги Светите писанија*

- 2 Тимотеј 3:16–17 (Нашиот Отец на небесата ни ги даде Светите писма за да ни помогне.)
- 2 Нефи 29:3–13 (Нашиот Отец на небесата им ги дава Светите писма на сите што Му се покорни.)
- 2 Нефи 33:10 (Светите писма ни ги даваат зборовите на Исус Христос.)

*Имаме четири книги на Светото писмо*

- 2 Нефи 3:12; 29 (Нашиот Отец на небесата им заповеда на многу пророци да ги пишуваат Светите писма.)
- Учење и завети 20:9 (Книгата на Мормон го содржи Евангелието поучувано од Исус.)

*Нашиот Отец на небесата ќе ни помогне кога ги проучуваме Светите писма*

- Јован 5:39 (Проучувајте ги Светите писма. Тие ќе ни помогнат да Му се вратиме на нашиот Отец на небесата.)
- Мормон 7 (Светите писма нè учат за работите што мора да ги знаеме.)
- Мормони 10:3–5 (Светиот Дух ќе ни помогне да спознаеме дека Светите писма се вистинити.)

# НАШИОТ СПАСИТЕЛ, ИСУС ХРИСТОС

*Четврти дел*





*Спасителот Исус Христос беше роден во скромна штала.*

# ЖИВОТОТ НА ИСУС ХРИСТОС

*Поглавје 11*

*Исус Христос е Единствениот што ќе нè води назад кон Небесниот Отец. Што знаете за Него?*

**Многумина со голема желба го очекуваа доаѓањето на Исус Христос**

Исус се понуди да биде наш Спасител. Рече дека ќе дојде на земјата за да ни покаже како да Му се вратиме на нашиот Отец на небесата. Многумина што живееја пред раѓањето на Исус веруваа дека Тој ќе дојде да биде нивен Спасител. Со радост го очекуваа неговото доаѓање. Знаеја дека Тој може да ги спаси од вечните казни за нивните гревови.

Сите пророци што живееја пред раѓањето на Исус им кажуваа на луѓето дека Тој ќе дојде. Нашиот Отец на небесата прати ангел да му каже на Адам дека Исус ќе дојде на земјата.

Многу години пред раѓањето на Исус, пророкот наречен Исаија имаше видение дека Исус ќе страда за да плати за нашите гревови. Исаија рече дека луѓето ќе го мразат и ќе го отфрлат Исус, а Исус ќе чувствува голема тага.

Нефи, пророк за кого читаме во Книгата на Мормон, ги виде работите што ќе ги прави Исус. Нефи ги виде тие работи многу години пред раѓањето на Исус. Го виде новороденчето Исус во рацете на Неговата мајка. Ангелот му кажа на Нефи дека новороденчето е Син на нашиот Отец на небесата.

Во Книгата на Мормон читаме за пророкот наречен Венијамин. Тој им кажа на луѓето дека Исус наскоро ќе дојде на земјата. Венијамин им кажа дека Исус ќе исцелува болни, ќе направи сакати да проодуваат, слепи да прогледуваат, а глуви да прослушуваат. Тој ќе ги истерува злите духови и мртви ќе воскреснува. Венијамин рече дека Исус ќе ги



*Уште како дете Исус ги поучуваше учените луѓе во храмот.*

поучува луѓето да го сакаат нашиот Отец на небесата и да се сакаат едни со други.

Сите пророци што живееја по раѓањето на Исус ни кажаа дека Тој дојде. Без Исус Христос немаше да се оствари планот на нашиот Отец на небесата.

***Разговор***

- Зошто Исус се понуди да дојде на земјата?
- Наведете некои од пророците што посведочиле дека Тој ќе дојде.

**Раѓањето на Исус Христос донесе голема радост во светот**

Исус се роди во еден мал град наречен Витлеем. Ангелите пееја кога Тој се роди затоа што беа многу среќни. Нова ѕвезда се појави на небото. Пастирите и мудреците дојдоа да Го видат и да Му се поклонат. Многу луѓе низ целиот свет сè уште го слават Неговото раѓање.

Исус се разликуваше од сите други деца. Татко на Исус беше нашиот Отец на небесата. Нашиот Отец на небесата не беше само татко на Исусовиот дух, туку и татко на Неговото тело од месо и коски. Од Својот татко Исус доби моќ што другите луѓе ја немаат. Луѓето не можеа да Му го одземат животот ако Тој не им го дозволеше тоа. По смртта Тој имаше моќ повторно да го оживее Своето тело.

Мајка на Исус беше Марија. Таа беше невина млада жена што живееше речиси пред 2.000 години во градот наречен Назарет. Кога беше млада девица, сè уште немажена, нашиот Отец на небесата прати кај неа еден ангел. Ангелот ѝ кажа дека таа ќе биде мајка на Исус Христос. Ангелот ѝ кажа дека нашиот Отец на небесата ќе биде татко на Исус. Ниеден човек на земјата нема да биде Негов татко.

Ангелот отиде и кај човекот за кого Марија требаше да се омажи. Тој човек се викаше Јосиф. Ангелот му кажа на Јосиф дека детето што ќе се роди ќе биде Син на нашиот Отец на небесата, а не син на некој човек на земјата. Ангелот му рече дека треба да се ожени за Марија. Така Јосиф се ожени за Марија. По раѓањето на Исус, Јосиф се грижеше за Него како за сопствен син.

Бидејќи мајка Му беше смртна, Исус можеше да чувствува глад, жед, болка и можеше да умре.

***Разговор***

- По што знаеме дека раѓањето на Исус беше важен настан?
- Какви моќи доби Исус од Својот Татко?

- Што можеше да почувствува Исус поради тоа што имаше световна мајка?

**Исус дојде да нè поучува за Своето Евангелие**

*Исус беше безгрешен*

Исус беше безгрешен. Правеше сè што нашиот Отец на небесата Му рече да прави. Исус растеше исто како другите деца. Кога порасна, се здоби со мудрост. Ја имаше моќта на нашиот Отец на небесата.

Кога Исус имаше 12 години, знаеше дека е пратен да ги прави нештата што нашиот Отец на небесата сакаше да ги прави. Знаеше дека треба да изврши посебно дело на земјата.

Еден ден Тој отиде со Марија и Јосиф во Ерусалим. Кога Марија и Јосиф се враќаа дома, забележаа дека Исус не е со нив. Се вратија во Ерусалим да Го бараат. По три дни го најдоа во храмот како разговара со мудреците и одговара на нивните прашања. Сите што Го слушаа беа изненадени што знае толку многу и што може да одговара на нивните прашања. Јосиф и Марија беа среќни кога Го најдоа, но беа несреќни зашто Тој не остана со нив. Исус им рече дека го стори тоа затоа што мораше да го изврши делото на Својот Отец на небесата.

*Исус беше крстен**

Кога Исус имаше 30 години, отиде кај Јован Крстител за да биде крстен. Јован мислеше дека не треба да Го крсти Исус, затоа што Исус никогаш не грешеше. Но Исус му рече на Јован да Го крсти. Исус сакаше да се покори на сите заповеди на нашиот Отец на небесата. Јован Го крсти Исус потопувајќи Го целосно под вода и повторно подигајќи Го. Кога Исус беше крстен, нашиот Отец на небесата се јави од небесата и рече дека Исус е Негов Син и дека Тој, нашиот Отец на небесата, е многу среќен со Него. Светиот Дух исто така дојде кај Исус кога беше крстен.

*Сатаната Го искушуваше Исус*

Кога Исус беше крстен, отиде во пустината за да биде сам, да пости и да се моли. Откако постеше 40 дни, сатаната дојде и Го искушуваше. Сатаната знаеше дека, ако Го наведе Исус да направи барем еден грев, Исус нема да може да ги направи нештата за кои беше пратен. Така би пропаднал планот на нашиот Отец на небесата.

Исус им се спротивстави на сите искушенија на сатаната. На крајот, му рече на сатаната да си оди. Кога сатаната си отиде, ангели дојдоа и Го посетија Исус.

*Исус нè учеше да Го сакаме нашиот Отец на небесата и да се сакаме едни со други*

Откако му се спротивстави на сатаната, Исус почна да ги поучува луѓето. Една од причините за Неговото доаѓање на земјата беше да нè поучи како треба да живееме.

Исус поучуваше дека треба да Го сакаме нашиот Отец на небесата со сето свое срце, разум и сила. Поучуваше дека треба да ги сакаме другите луѓе како себеси. Дека треба и да им проштаваме и да им служиме на другите луѓе. Исус ни покажа како да го правиме тоа. Правејќи сè што бараше од Него нашиот Отец на небесата, Тој ја покажа Својата љубов кон нашиот Отец на небесата.

*Исус ги сакаше сите луѓе*

Исус имаше љубов за секого. Исцелуваше болни. Направи слепи да прогледуваат и сакати да проодуваат. Ги земаше децата во Своите раце и ги благословуваше.

Исус покажуваше љубов кон оние што грешеа. Ги учеше да се покаат за своите гревови и да не грешат веќе. Исус ги сакаше дури и оние што Го убија. Тој Му се молеше за нив на нашиот Отец на небесата. Исус поучуваше дека треба да се сакаме еден со друг како што Тој нè сака нас.

***Разговор***

- Наведете некои од работите што треба да ги правиме за да Му покажеме на нашиот Отец на небесата дека го сакаме.
- Наведете некои од работите што треба да ги правиме за другите за да ја покажеме својата љубов кон нив.

*Исус устрои црква*

Исус сакаше сите луѓе да го дознаат начинот како да Му се вратат на нашиот Отец на небесата. Неговиот начин е наречен Евангелие. Исус устрои црква за да можат сите луѓе да го учат Евангелието.

Исус избра дванаесетмина, наречени апостоли, да ја водат Црквата. По Неговото враќање на небесата, тие ќе ги поучуваат луѓето за Евангелието. Исус ги овласти дванаесетте апостоли да Го претставуваат Него. Тие можеа да ги поучуваат сите луѓе за Евангелието и да ги крштаваат. Можеа да изберат други да помагаат при поучувањето за Евангелието и да ги прават нештата што Тој сака да бидат направени.

***Разговор***

- Зошто Исус ги избра дванаесетте апостоли?

**Кога учиме за Исус, сфаќаме колку голема личност е Тој**

Исус му помогнал на секој од нас покажувајќи ни како да живееме. Кога учиме да бидеме како Него, учиме да го правиме она што нè прави среќни. Исто така, можеме да ги научиме нештата што ќе ни помогнат да се вратиме на небесата за да живееме со нашиот Отец на небесата.

Кога знаеме дека Исус нè сака, чувствуваме мир. Се чувствуваме безбедни и не се плашиме. Знаеме дека можеме да имаме доверба во Него како водач. Знаеме дека Тој ги разбира нашите проблеми. Неговите поучувања ни помагаат да ги совладаме своите проблеми. Кога сфаќаме што сè направил Исус за нас, расте нашата љубов кон Него. Нашата љубов кон Него прави да сакаме да Му се покоруваме. Со радост го очекуваме времето кога ќе можеме да бидеме со Него.

***Разговор***

- Како ни помага учењето за Исус?
- Како се чувствувате кога учите за Исус?

***Референци***

*Мноѓумина со ѓолема желба ѓо очекуваа доаѓањеѿо на Исус Хрисѿос*

- Исаија 53:3–7 (Исаија кажуваше за Исус.)
- Мосија 3:5–7 (Венијамин ги кажуваше нештата што ќе ги прави Исус.)

*Раѓањеѿо на Исус Хрисѿос донесе ѓолема радосѿ во свеѿоѿ*

- Лука 2; 3 Нефи 1 (Раѓањето на Исус.)

*Исус дојде да нè ѿоучува за Своеѿо Еванѓелие*

- Матеј 3:13–17 (Исус беше крстен.)
- Матеј 4:1–11 (Сатаната го искушуваше Исус.)
- Матеј 25:35–46; Јован 15:12 (Исус сака да им помагаме на другите.)
- Марко 1:34; Матеј 14:14 (Исус ги исцелува болните луѓе.)
- Лука 2:40 (Исус растеше исполнувајќи се со премудрост, дури и кога сè уште беше дете.)
- Лука 2:46–47 (Исус ги поучуваше учените луѓе во храмот.)
- Јован 8:28–29 (Исус ги правеше нештата што нашиот Отец на небесата сакаше Тој да ги прави.)

*Коѓа учиме за Исус, сфаќаме колку ѓолема личносѿ е Тој*

- Матеј, Марко, Лука, Јован (Животот и поучувањата на Исус.)

# ПОМИРУВАЊЕТО НА ИСУС ХРИСТОС

*Поглавје 12*

*Исус многу страдаше поради нашите гревови. Зошто Тој одбра да умре за нас?*

**Нашиот Отец на небесата го прати Исус Христос на земјата за да биде наш Спасител**

За да станеме слични на нашиот Отец на небесата, ни требаше тело од месо и коски, но нашиот Отец на небесата знаеше дека сите ние ќе умреме и ќе го загубиме своето тело затоа што Адам и Ева не Го послушаа. Поради јадењето на овошјето кое нашиот Отец на небесата им рече да не го јадат, тие ќе умрат, а исто така и секој роден по нив. Освен тоа, нашиот Отец на небесата знаеше дека сите ние ќе грешиме додека сме на земјата и поради своите гревови нема да можеме да се вратиме да живееме со Него. Ќе ни треба помош за да ја платиме казната за своите гревови и да станеме послушни, за да можеме да Му се вратиме на нашиот Отец на небесата. Ќе ни треба помош за да го добиеме повторно своето тело од месо и коски по смртта. Исус рече дека ќе ни помогне. Тој ќе биде нашиот Спасител.

Требаше некој што е безгрешен да плати за нашите гревови. Исус е Единствениот што може да го направи тоа. Тој не грешеше. Имаше моќ над смртта, па можеше да ни помогне повторно да го имаме своето тело од месо и коски откако ќе умреме. Тој многу нè сакаше. Беше подготвен да страда за нашите гревови за да можеме да се исчистиме од нив. Беше подготвен да умре за нас за да се вратиме по смртта во животот. Исусовото жртвување за нас е наречено помирување.

***Разговор***

- Зошто беше потребно нашиот Отец на небесата да го прати Исус на земјата?



*Во Гетсиманската градина Исус ги презеде на себе сите човечки гревови.*

**Исусовото страдање ни покажува колку многу нè сакаат Тој и нашиот Отец на небесата**

Нашиот Отец на небесата нè сака толку многу што Го прати Својот Син Исус на земјата и Му дозволи да страда и да умре за нас. Исус нè сакаше толку многу што страдаше со голема болка и умре за нас. Исус знаеше дека страдањето ќе биде многу големо. Тоа беше речиси повеќе отколку што можеше да поднесе. Но Тој сакаше да бидеме способни да станеме слични на нашиот Отец на небесата.

Исус отиде во едно место наречено Гетсиманска градина. Таму клекна и Му се молеше на нашиот Отец на небесата за помош. Го замоли нашиот Отец на небесата, ако е возможно, да не страда. Но рече дека ќе го направи она што сака нашиот Отец на небесата. Исус не беше присилен да страда. Тој одбра да страда затоа што тоа беше дел од планот на нашиот Отец на небесата за да можеме ние да бидеме исчистени од нашите гревови.

Во Гетсиманија Исус страдаше за гревовите на сите луѓе како да беа Негови. Неговото страдање за сите гревови беше поголемо отколку што може да разбере било кој од нас. Болката беше толку голема што Тој трепереше. Крвта излегуваше од секоја пора на Неговото тело.

Потоа дојдоа лоши луѓе и Го одведоа до управниците на Ерусалим. Таму тие Го плукаа и Го тепаа. Исплетоа трнов венец и Му го ставија на главата. Му се потсмеваа и Го исмејуваа.

Управниците им рекоа на војниците да Го распнат Исус. Го натераа да носи тежок дрвен крст до местото каде што ќе умре. Го приковаа на крстот со набивање на клинци низ рацете и стапалата. На крстот заврши Неговото страдање како казна за Адамовата непослушност и за нашите гревови.

Го оставија таму да виси многу часови. И покрај тоа што страдаше, а некои луѓе сè уште Го исмејуваа, Тој беше тивок и стрплив. Конечно Му рече на нашиот Отец на небесата дека го предава Својот дух во Неговите раце, и издивна.

Исус имаше моќ да се спаси од смртта. Можеше да продолжи да живее, но избра да умре за да можеме ние повторно да живееме со нашиот Отец на небесата.



*Исус умре на крстот поради гревовите на сите луѓе.*

Кога умре Исус, Неговиот дух го напушти Неговото тело. Третиот ден по Неговата смрт, Неговиот дух се врати во Неговото тело и Тој оживеа. Враќањето на духот во телото е наречено воскресение.

По воскреснувањето Исус им се јави на Своите апостоли и на други луѓе. Им ги покажа на апостолите раните од клинците на Своите раце и стапала. Тие ги допреа раните и знаеја дека Тој е нивниот водач Исус кој се врати во живот. Тој зборуваше со нив и јадеше со нив.

***Разговор***

- Како ја покажа нашиот Отец на небесата Својата љубов кон нас?
- Како ја покажа Исус Својата љубов кон нас?

**Исус ни овозможи да се исчистиме од гревот**

Само Исус може да плати за нашите гревови. Верувајќи дека Тој живее и придржувајќи се кон Неговите заповеди, Неговото страдање станува корисно за нас. Мораме да зажалиме за своите гревови. Не треба веќе да ги правиме. Мораме да ги следиме поучувањата на Исус Христос. Тогаш нашиот Отец на небесата ќе ни ги прости нашите гревови.

***Разговор***

- Зошто ви е потребен Исус да ви помогне да ги надминете своите гревови?
- Што треба да правите за да може помирувањето на Исус да плати за вашите гревови?

**Исус ни овозможи на сите повторно да го добиеме своето тело**

Исус умре своеволно и беше првиот воскреснат. Само Тој имаше моќ да Се воскресне Себеси. Тој ни овозможи и ние да бидеме воскреснати.

И покрај тоа што ќе умреме, ние пак ќе живееме. Кога умираме, нашиот дух го напушта нашето тело. Но бидејќи Исус ја надвладеа смртта, нашиот дух и нашето тело ќе бидат повторно соединети засекогаш. Нема никогаш повторно да умреме. Тоа е Исусов дар за секого што е роден на земјата.

***Разговор***

- Како ни овозможи Исус повторно да го добиеме своето тело?
- Кој ќе биде воскреснат?

**Референци**

*Нашиот Отец на небесата го прати Исус Христос на земјата за да биде наш Спасител*

- Матеј 16:21 (Исус им кажа на апостолите дека ќе умре и ќе биде воскреснат.)
- Алма 34:9–16 (Само Исус може да плати за нашите гревови.)

*Исусовото страдање ни покажува колку многу нè сакаат Тој и нашиот Отец на небесата*

- Лука 22:39–46 (Раскажувањето за Исус во Гетсиманската градина.)
- Јован 3:16 (Нашиот Отец на небесата нè сакаше толку многу што Го прати Исус да нè спаси.)

*Исус ни овозможи да се исчистиме од гревот*

- Римјаните 5:12–17 (Ги надминуваме смртта и гревот преку Исус.)
- 1 Петар 1:18–20 (Спасени сме со пролевањето на Исусовата крв.)
- 1 Јован 1:7 (Исус ни овозможи да се исчистиме од секаков грев.)
- 2 Нефи 9:21–22 (Страдањето на Исус ќе нè спаси ако се покориме на Неговите заповеди.)
- Хеламан 14:15–18 (Исус ќе умре за нас, за да можеме повторно да живееме.)

*Исус ни овозможи на сите повторно да го добиеме своето тело*

- Јован 5:28–29 (Сите ние ќе бидеме воскреснати.)
- 1 Коринтјаните 15:21–22 (Смртта дојде поради Адам; воскресението поради Исус.)
- Алма 11:40–45 (Телото ќе биде обновено во својата совршена форма.)
- Мормон 9:12–14 (Воскресението ни овозможува да ја надвладееме смртта.)

# ЕВАНГЕЛИЕТО НА ИСУС ХРИСТОС

*Петти дел*





*За да Му се вратиме на нашиот Отец на небесата мора да имаме вера во Исус Христос.*

# ВЕРАТА ВО ИСУС ХРИСТОС

*Поглавје 13*

---

*Како можеме да веруваме во Исус Христос, иако не сме Го виделе?*

**Можеме да веруваме во Исус Христос и да имаме доверба во Него**

Да имаме вера значи да веруваме во некого или во нешто што не го гледаме и да се однесуваме согласно со тоа верување. На пример, земјоделецот има вера дека растенијата ќе растат ако посади семе и се грижи за него. Така тој сади семе, го полева и се грижи за него. Кога тој го прави тоа, растенијата растат и му даваат храна.

Да имаме вера во Исус значи да веруваме дека Тој живее и да Му се покоруваме, иако не Го гледаме. Еве некои работи во кои веруваме кога имаме вера во Исус:

1. Веруваме дека нашиот Отец на небесата го избра Исус да ни помогне да го следиме планот на нашиот Отец на небесата.
2. Веруваме дека Исус е нашиот Спасител.
3. Веруваме дека Тој беше роден на овој свет како Син на нашиот Отец на небесата.
4. Веруваме дека дојде на земјата за да нѐ поучува како да Му се вратиме на нашиот Отец на небесата.
5. Веруваме дека нѐ сака.
6. Веруваме дека Тој страдаше поради нашите гревови за да можеме да се покаеме и да не бидеме казнети за нив.
7. Веруваме дека Тој умре и беше воскреснат.
8. Веруваме дека Неговите учења се вистинити.
9. Веруваме дека, ако Му се покоруваме на Исус, ќе можеме да се вратиме да живееме со нашиот Отец на небесата.

Неопходно е да имаме вера во Исус Христос за да можеме да Му се вратиме на нашиот Отец на небесата. Кога имаме вера во Него, имаме

доверба и сакаме да учиме за Него. Исус е единствениот што може да нè одведе назад кај нашиот Отец на небесата. Само оние што веруваат во Исус и што Му се покоруваат можат да се вратат да живеат со нашиот Отец на небесата.

***Разīовор***

- Што е вера?
- Што е вера во Исус?
- Наведете некои од нашите верувања за Исус.
- Што ни треба за да имаме вера во Исус Христос?

**Исус ни даде начин како да ја развиеме верата во Него**

Исус ни кажа како можеме да учиме за Него и да имаме вера во Него. Ни рече да ги читаме Светите писма и да научиме што напишале пророците за Него. Тој побара од нас да го слушаме пророкот што живее денес. Кога ги правиме тие нешта, учиме повеќе за Исус.

Кога учиме за Исус, треба да се молиме. Треба да Го замолиме нашиот Отец на небесата да ни помогне да го разбереме она што го читаме и слушаме за Исус. Нашиот Отец на небесата ќе Го прати Светиот Дух да ни помогне да ги разбереме работите што ги учиме. Светиот Дух ќе ни каже дека Исус е Син на нашиот Отец на небесата, дека Тој е нашиот Спасител и дека Неговите поучувања се вистинити.

Пророкот наречен Алма рече дека, ако сакаме да знаеме дали нешто е вистина, треба да го испитаме тоа. Тој го спореди тоа со садењето на семе. Ако посадиме добро семе и се грижиме за него, тоа ќе расте и ние ќе знаеме дека тоа било добро семе. Ако семето не никне, ќе знаеме дека било лошо семе. Ако сакаме да знаеме дали поучувањата на Исус се вистинити, треба да ги проучуваме и да им се покоруваме.

Верата во Исус значи повеќе од самото велење дека веруваме во Него. Тоа значи дека имаме толку многу доверба во Него што сакаме да Му се покоруваме, што и да ни заповеда да правиме. Само оние што Му се покоруваат на Исус, вистински имаат вера во Него. А кога Му се покоруваме, нашата вера во Него станува посилна. Учиме дека Неговите поучувања доаѓаат од нашиот Отец на небесата, а не од некој човек.

Ако не Му се покоруваме на Исус, нашата вера станува сè послаба. Кога го правиме она што Тој ни заповеда, нашата вера расте и станува сè посилна. Нашата вера може да продолжи да станува сè посилна, додека не добиеме сигурно спознание дека Тој живее, толку сигурно како да можеме да Го видиме.

***Разговор***

- Како можеме да имаме вера во Исус, иако не Го гледаме?
- Зошто мораме да Му се покоруваме на Исус за да имаме вера во Него?

**Можеме да добиеме големо знаење и моќ ако имаме вера во Исус**

Пророците за кои читаме во Светите писма имаа силна вера во Исус. Таа вера им даде моќ да му помагаат на својот народ. Бидејќи имаа вера во Исус, имаа моќ да направат нешта што сами не би можеле да ги направат.

Пред да се роди Исус на земјата, нашиот Отец на небесата Го упати да му каже на пророкот Ное да изгради ковчег, зашто ќе прати голем потоп ако лошите луѓе од времето на Ное не се покаат. Луѓето не се покајаа. Ное Му поверува на Исус и го изгради ковчегот. Кога дојде потопот, сите што не се покајаа беа убиени; но Ное и неговото семејство беа спасени во ковчегот затоа што веруваа во Исус и го направија она што рече Тој.

Мојсеј беше пророк што ги изведе луѓето од ропството. Нашиот Отец на небесата го прати Исус да му помогне на Мојсеј зашто Мојсеј веруваше во Исус и ги правеше нештата што Тој му велеше да ги прави.

Кога Исус живееше на земјата, една жена имаше голема вера во Него. Таа беше болна долго време и веруваше дека, кога би можела само да ја допре облеката на Исус, би била исцелена. Исус одеше низ толпата луѓе. Таа се проби до Него низ толпата и ја допре Неговата облека. Веднаш оздравее. Исус ѝ рече дека верата нејзина направи да биде добро.

Пророкот Џозеф Смит имаше вера во Исус Христос. Тој прочита во Библијата дека нашиот Отец на небесата ќе одговори на нашите молитви ако веруваме во тоа. Џозеф Му се молеше на нашиот Отец на небесата. Нашиот Отец на небесата и Исус му се јавија на Џозеф. Нашиот Отец на небесата му рече на Џозеф да Го слуша Исус и да Му се покорува. Џозеф Му се покоруваше на Исус, па така можеше да ја добие Книгата на Мормон и да помогне да се обнови Црквата на Исус Христос.

Исус ќе ни помогне и нам ако имаме вера во Него. Ќе ни помогне за нашите проблеми. Ќе ни помогне кога сме обесхрабрени. Ќе ни помогне да го совладаме гревот. Ќе може да му помогне на нашето семејство и на другите луѓе.

Кога имаме вера во Исус, почнуваме да го следиме планот на нашиот Отец на небесата. Почнуваме да живееме така и да ги правиме нештата

што ќе нè вратат кај нашиот Отец на небесата. Ако продолжиме така, еден ден ќе можеме да живееме со Него засекогаш.

***Разговор***

- Какво знаење и моќ можеме да добиеме ако имаме вера во Исус?

## ***Референци***

*Можеме да веруваме во Исус Христос и да имаме доверба во Него*

- Јован 14:6 (Само Исус може да ни го покаже патот кон нашиот Небесен Отец.)
- Дела 4:12; 2 Нефи 2:9; 2 Нефи 9:23; Мосија 3:12 (Само оние што имаат вера во Исус можат да бидат спасени од своите гревови.)
- Евреите 11:1; Алма 32:21 (Да имаме вера значи да веруваме во она што не можеме да го видиме.)
- Евреите 11:6 (Без вера не можеме да Му служиме на нашиот Отец на небесата.)
- Мосија 4:10–11 (Треба да имаме вера во Исус.)

*Исус ни даде начин како да ја развиеме верата во Него*

- Јован 5:39 (Светите писма сведочат за Исус, затоа треба да ги проучуваме.)
- Јован 7:16–17 (Ако ги правиме нештата што Исус ни рече да ги правиме, ќе знаеме дека Неговите поучувања се вистинити.)
- 1 Коринтјаните 12:3 (Светиот Дух ни помага да имаме вера во Исус.)
- Јаков 2:17 (Покажуваме дека веруваме во Исус ако ги правиме нештата што Тој ни рече да ги правиме.)
- Алма 32:27–39 (Ако се трудиме да Му се покоруваме на Исус, ќе знаеме дека Неговите поучувања се добри.)

*Можеме да добиеме големо знаење и моќ ако имаме вера во Исус*

- Лука 8:43–48 (Исус ја исцели жената поради нејзината вера во Него.)
- Евреите 11 (Исус им помогна на многумина поради нивната вера.)

# ПОКАЈАНИЕ

*Поглавје 14*

*Правењето на лоши нешта не прави тажни. Како можеме повторно да станеме среќни откако сме направиле нешто лошо?*

**Нашиот Отец на небесата направи план за нас како да го надминеме гревот**

Нашиот Отец на небесата знаеше дека сите ние ќе правиме лоши работи на земјата. Лошите работи што ги правиме се гревови. Грешиме кога правиме работи за кои Бог ни рече да не ги правиме. Исто така грешиме кога не ги правиме работите за кои Бог ни рече да ги правиме.

Нашиот Отец на небесата не греши и не им дозволува на луѓето што грешат да живеат со Него. За да живееме со него мораме да се покаеме за своите гревови. Да се покаеме значи да зажалиме за своите гревови и да престанеме да ги правиме.

Нашиот Отец на небесата нè сака. Тој не сака нашите гревови да нè спречат да Му се вратиме. Затоа направи план како да ни помогне.

Нашиот Отец на небесата Го прати Исус да ни помогне да се покаеме за своите гревови. Исус нè поучува за нештата што треба да ги правиме за да го одбегнеме гревот. Исто така, Тој ни дава сила да ги правиме тие работи. Кога веруваме во Него и Го следиме, Тој ги менува нашите срца и веќе не сакаме да грешиме, туку само да правиме добро. Ако не сакаме да страдаме за своите гревови, мора да веруваме во Исус. Оние што вистински веруваат во Исус се покајуваат за своите гревови.

Кога веруваме во Исус и се каеме, страдањето на Исус плаќа за нашите гревови и ние се исчистуваме. Способни сме да се вратиме да живееме со нашиот Отец на небесата затоа што сме чисти.

*Разговор*

- Што значи да се покаеме?
- Зошто нашиот Отец на небесата сака да се покаеме за своите гревови?
- Зошто само оние што вистински имаат вера во Исус се покајуваат за своите гревови?

**Нашиот Отец на небесата ни кажа што треба да правиме за да се покаеме**

За да се покаеме, мора да веруваме во Исус и во работите за кои Тој нè поучува. Мора да веруваме дека Тој страдаше за нашите гревови. Мора да веруваме дека само Тој може да плати за нашите гревови. Мора да веруваме дека Тој сака да ги надминеме гревовите и дека ќе ни помогне да го сториме тоа. Треба напорно да работиме за да го правиме она што Тој ни заповеда.

Кога се покајуваме, Му дозволуваме на Исус да нè промени за да бидеме онакви какви што Тој сака да бидеме. Престануваме да правиме лоши работи и почнуваме да правиме добро. Ако сме кажале нешто што не е вистина, престануваме со тоа и го кажуваме само она што е вистина. Ако сме украле нешто, му го враќаме тоа на сопственикот и никогаш веќе не крадеме. Ако сме биле нељубезни со другите, престануваме да се однесуваме така и правиме добри работи за тие луѓе.

Кога се покајуваме ги правиме следниве нешта:

*Си признаваме себеси дека сме згрешиле.* Знаеме дека грешиме кога не Му се покоруваме на нашиот Отец на небесата. Кога се покајуваме, не наоѓаме причини за правење на лоши работи. Признаваме дека сме направиле лошо и сакаме да го измениме тоа.

*Жал ни е што сме направиле лоши работи.* Кога се покајуваме, искрено ни е жал што сме направиле лоши работи. Не само да велиме дека ни е жал што сме грешеле. Искрено ни е жал за тоа и посакуваме да не сме го направиле. Сакаме да го правиме она што нашиот Отец на небесата ни заповеда да го правиме.

*Престануваме да правиме лоши работи.* Ако само си признаеме дека сме грешеле и само речеме дека ни е жал, нема искрено да се покаеме. За да се покаеме искрено, мора да престанеме да правиме лоши работи. Некогаш тоа не е лесно, но Исус дојде на земјата за да ни ја даде помошта што ни треба. Нашиот Отец на небесата сака да Му дозволиме на Исус да ни помогне, зашто тоа е единствениот начин да станеме безгрешни и да се вратиме да живееме со Бога.

*Ги исповедаме своите гревови.* Во Црквата на Исус Христос на светиите од подоцнежните дни, да се исповедаме значи да Му кажеме на нашиот Отец на небесата и на водачот на Црквата што сме направиле лошо. Некои гревови што сме ги направиле нè повредуваат само нас. Кога Му се молиме на нашиот Отец на небесата, треба да Му кажеме за тие гревови и да Го замолиме да ни прости и да ни помогне да ги надминеме. Ако поради нашиот грев е повреден некој друг, треба да му се исповедаме и нему и на Бога. Многу лошите гревови, како што е прељубата, треба да му ги исповедаме на нашиот водач во Црквата, а тоа може да биде нашиот епископ* или претседателот* на разгранокот.

*Правиме сè што можеме за да го поправиме лошото што сме го направиле.* Кога се покајуваме, ги поправаме лошите работи што сме ги направиле. На пример, ако сме украле нешто од соседот, му го враќаме тоа назад. Ако веќе го немаме она што сме го зеле, го заменуваме или плаќаме за него.

*Ги проштаваме гревовите на другите.* Нашиот Отец на небесата ни заповеда да им проштаваме на другите. Ако сакаме Тој да ни прости нам, мораме и ние да им проштаваме на другите. Ако ги мразиме другите луѓе поради лошите работи што ги направиле и не им простиме, нашиот Отец на небесата нема да ни прости за нашите гревови.

*Искрено се трудиме цел живот да им се покоруваме на сите заповеди на Исус.* Продолжуваме да го менуваме лошото што сме го направиле сè додека не направиме нешто добро. Секој ден правиме сè што можеме за да ги поправиме лошите работи што сме ги направиле.

Мораме да се покаеме секогаш кога ќе направиме нешто лошо. Можеби ќе мислиме дека е тешко веднаш да се покаеме. Можеби ќе мислиме дека ќе биде полесно подоцна, но нема да биде. Покајувањето станува сè потешко ако чекаме да го направиме. Ако чекаме да се покаеме, духовно се уназадуваме, зашто Исус не може да ни помогне да научиме повеќе за нашиот Отец на небесата и да се подготвиме да живееме со Него, ако не се покаеме за лошите работи што сме ги направиле. Кога ќе увидиме дека правиме нешто лошо, треба веднаш да се покаеме.

***Разговор***

- Што треба да правиме за да се покаеме?

### Секој од нас може да се покае

Секој од нас може да се покае. Некогаш покајувањето може да изгледа претешко за нас. Можеби ќе чувствуваме дека нема никогаш да ги

надминеме своите слабости. Сатаната сака да веруваме во тоа за да продолжиме да правиме лоши работи. Мораме да запаметиме дека можеме да се покаеме. Тоа не можеме да го направиме сами. Ни треба помош. Секој од нас е чедо на нашиот Отец на небесата и Тој Го прати Исус да ни помогне. Со Исусовата помош можеме да ги направиме сите нешта кои нашиот Отец на небесата ни заповеда да ги правиме.

Исус ќе ни помогне да се покаеме ако Го молиме нашиот Отец на небесата за Исусовата помош. Тој и нашиот Отец на небесата сакаат да правиме добри работи. Тие не ги сакаат лошите работи што ги правиме. Но Тие сепак нѐ сакаат, дури и кога правиме лоши работи. Сакаат да се покаеме за да може нашиот Отец на небесата да ни прости и ние да можеме да бидеме среќни.

***Разговор***
- Зошто треба да се покаеме дури и кога покајувањето ни изгледа тешко?
- Кој ќе ни помогне да се покаеме?

**Нашиот Отец на небесата нѐ наградува кога се покајуваме**

Кога имаме вера во Исус и ќе се покаеме, нашиот Отец на небесата ни проштава наполно. Не треба да се грижиме дека ќе бидеме казнети за своите гревови. Не само што Тој ни проштава туку ни помага веќе да не сакаме да грешиме и секогаш да правиме само добри работи. Исус ни ја дава таа помош.

Треба да запомниме дека нема одеднаш да станеме слични на нашиот Отец на небесата. Но кога продолжуваме да имаме вера во Исус, се покајуваме за своите гревови и Му се покоруваме на Исус, нашиот Отец на небесата продолжува да ни ги проштава гревовите. Исус продолжува да ни помага. Стануваме сѐ повеќе и повеќе слични на нашиот Отец на небесата. Конечно ќе можеме да се вратиме да живееме со нашиот Отец на небесата.

Кога се покајуваме, се чувствуваме среќни. Не сме тажни поради лошите работи што сме ги направиле, туку се чувствуваме среќни поради тоа што сме ги надминале своите слабости со помошта на Исус. Тогаш знаеме дека имаме моќ да им се спротивставиме на искушенијата и да правиме добри работи.

***Разговор***
- Каква награда добиваме кога се покајуваме?

### *Референци*

*Нашиот Отец на небесата направи план за нас како да го надминеме гревот*

- Јаков 4:17 (Да грешиме значи да го правиме она што Бог ни вели да не го правиме.)
- 1 Јован 1:8 (Ако речеме дека не сме грешеле, не ја кажуваме вистината.)
- 1 Јован 5:17 (Секоја неправда е грев.)

*Нашиот Отец на небесата ни кажа што треба да правиме за да се покаеме*

- Матеј 6:14–15; 3 Нефи 13:14–15 (Мора да им проштаваме на другите.)
- Алма 32:13–16 (Ќе ни биде подобро сами да станеме скромни отколку да бидеме присилени да станеме скромни.)
- Алма 34:32–36 (Сега е време да се покаеме.)

*Секој од нас може да се покае*

- 1 Нефи 3:7 (Нашиот Отец на небесата никогаш не бара од нас да правиме нешта што не можеме да ги направиме.)
- Алма 42:29–30 (Не треба да наоѓаме оправдувања за своите гревови.)

*Нашиот Отец на небесата нè наградува кога се покајуваме*

- Мосија 5:5–9 (Исус ќе им помогне на оние што се покајуваат и што Му се покорни.)
- Морони 8:24–26 (Оние што ќе се покајат можат да се крстат.)



*Алма крштаваше во Водите на Мормон.*

# КРШТАВАЊЕ

*Поглавје 15*

---

*Да бидете крстени е една од најважните работи што можете да ја направите на земјата. Зошто е толку важно крштавањето? Кој е правилниот начин човек да биде крстен?*

**Нашиот Отец на небесата ни заповеда да бидеме крстени**

Да бидеме крстени значи лицето што е овластено да крштава да нѐ стави наполно под вода за еден миг и повторно да нѐ подигне. Крштавањето е дел од планот што го има за нас нашиот Отец на небесата. Тој ни заповеда да бидеме крстени за да покажеме дека веруваме во Исус Христос, дека Го сакаме и дека сакаме да Му се покоруваме, како и дека сме се покаеле за своите гревови.

Исус знаеше дека нашиот Отец на небесата заповеда сите Негови деца да бидат крстени. Кога Исус беше на земјата, беше крстен. Тој го направи тоа затоа што сакаше да Му се покори на нашиот Отец на небесата. Исто така сакаше да ни покаже дека треба да Му се покоруваме на нашиот Отец на небесата и да бидеме крстени.

Секој што дошол на возраст од осум години, што разбира што е добро а што е лошо, што има вера во Исус и се покајал, треба да биде крстен. Деца помлади од осум години не треба да бидат крстени. Нашиот Отец на небесата не им суди за тоа што го прават. Освен тоа, луѓето што се ментално неспособни да разберат што е добро а што е лошо, не треба да бидат крстени. Сите други луѓе мора да бидат крстени ако сакаат да се вратат да живеат со нашиот Отец на небесата.

Исус ни кажа кога треба да бидеме крстени. Тој им кажа на своите следбеници да ги крстат луѓето откако тие ќе научат за Него, ќе веруваат во Него и откако ќе се покаат. На некои луѓе во Својата Црква Тој им даде власт да крштаваат луѓе.



*Треба да бидеме крстени со потопување за да ни биде простено за нашите гревови.*

*Разговор*
- Зошто нашиот Отец на небесата сака да бидеме крстени?
- Зошто Исус беше крстен?
- Кој треба да биде крстен?

**Да бидеме крстени е една од најважните работи што можеме да ја направиме**

Со крштавањето Му покажуваме на нашиот Отец на небесата дека сакаме да го следиме Неговиот план за нас. Ветуваме дека Го прифаќаме Исус како свој водач и се покоруваме на сè што Тој ни вели да правиме. Ветуваме дека секогаш ќе Го помниме Него и работите што ги направи за нас.

Кога имаме вера во Исус Христос, кога ќе се покаеме за своите гревови и кога сме крстени, нашиот Отец на небесата ни проштава за нашите гревови. Тој ни ветува дека ќе можеме да се вратиме да живееме со Него. Нè прифаќа како членови на Исусовата Црква. Го праќа Светиот Дух да ни помогне да научиме повеќе за Него и да правиме добри работи. Сите овие благослови ги примаме ако продолжиме да ги правиме работите што сме ги ветиле при своето крштавање.

Овие благослови можеме да ги примиме само ако сме крстени. Тоа е единствениот начин за нас да се вратиме да живееме со нашиот Отец на небесата. Тоа е единствениот начин за нас да станеме членови на Црквата на Исус Христос. Тоа е единствениот начин за нас да го примиме дарот на Светиот Дух, а тоа е помошта што Светиот Дух ни ја дава во текот на нашиот живот. Тој дар ќе го добиеме откако ќе бидеме крстени. Сите тие нешта се потребни за да се вратиме да живееме со нашиот Отец на небесата.

*Разговор*
- Што Му ветуваме на нашиот Отец на небесата при своето крштавање?
- Што ни ветува нашиот Отец на небесата при нашето крштавање?
- Зошто крштавањето е толку важно?

**Мораме да се подготвиме за крштавањето**

Пред да бидеме крстени, мораме да направиме одредени работи. Мора да учиме за Исус Христос и да веруваме во Него, да се покаеме за своите гревови и да ги правиме работите што Исус ни заповеда да ги правиме.

***Разговор***

- Што мора да направиме за да се подготвиме за крштавање?

**Крштавањето ни дава нов почеток**

Крштавањето ни овозможува да започнеме нов живот, чист од грев. Исус еднаш рече дека тоа е како да бидеш повторно роден. Тој рече дека ако духовно не се родиме повторно, не ќе можеме да се вратиме да живееме со нашиот Отец на небесата.

Еден од Исусовите следбеници, чие име беше Павле, рече дека треба да започнеме нов живот откако ќе бидеме крстени. Рече дека, кога сме ставени под вода при крштавањето, како да ги закопуваме сите свои гревови. Кога излегуваме од водата, како да стануваме чисти, нови личности, подготвени за започнување на нов живот. Крштавањето ни дава почеток што нè води да Му се вратиме на нашиот Отец на небесата.

***Референци***

*Нашиот Отец на небесата ни заповеда да бидеме крстени*

- 2 Нефи 31:4–11 (Исус ни покажа дека треба да бидеме крстени.)
- 3 Нефи 11:21–27 (Исус поучуваше како секој треба да биде крстен.)
- Морони 8:9–22 (Малите деца не треба да бидат крстени.)

*Да бидеме крстени е една од најважните работи што можеме да ги направиме*

- Мосија 18:7–11 (Со тоа што ќе бидеме крстени ќе покажеме дека сме подготвени да му служиме на Бога и да ги почитуваме Неговите заповеди.)
- 3 Нефи 27:16 (Нашиот Отец на небесата ги благословува оние што се крстени.)

*Мораме да се подготвиме за крштавањето*

- Учење и завети 20:37 (За да се подготвиме за крштавање, треба да се покаеме и да бидеме подготвени да го следиме Исус.)

*Крштавањето ни дава нов почеток*

- Јован 3:3–5 (Исус рече дека ќе можеме да Му се вратиме на нашиот Отец на небесата.)
- Римјаните 6:3–7 (Крштавањето нè прочистува.)

# ДАРОТ НА СВЕТИОТ ДУХ

*Поглавје 16*

---

*Светиот Дух ни помага да ги спознаеме и разбереме нештата што се вистинити. Дарот на Светиот Дух*

**Светиот Дух може да нè води до вистината**

Светиот Дух може да му помогне на човека и пред да биде крстен. Може да му каже дека поучувањата на Исус се вистинити. Некогаш Тој ни кажува каде да ја најдеме вистинската Црква на Исус Христос. Но Светиот Дух нема да остане со нас сè додека не бидеме крстени и не го добиеме дарот на Светиот Дух.

Во Новиот завет читаме за еден човек наречен Корнилиј. Тој не бил крстен. Светиот Дух му кажал дека поучувањата на Исус се вистинити. Корнилиј подоцна бил крстен и го примил дарот на Светиот Дух.

**Нашиот Отец на небесата ни даде начин како да го примиме дарот на Светиот Дух**

Учејќи за планот на нашиот Отец на небесата, посакуваме да се покаеме за своите гревови и да се покориме на сè што Исус ни вели да правиме. Но тоа не можеме да го направиме без помош. Дарот на Светиот Дух е правото да ја имаме помошта на Светиот Дух во кое било време. Тој дар го примаме набрзо по крштавањето.

Мора да се подготвиме за да го добиеме дарот на Светиот Дух. Мора да веруваме во Исус и да настојуваме да ги извршуваме Неговите заповеди. Мора да се покаеме за своите гревови и да бидеме крстени.

Откако сме крстени, оние што се овластени од нашиот Отец на небесата ги поставуваат рацете на нашата глава, ни го даваат дарот на Светиот Дух и нè прават официјални членови на Црквата на Исус Христос на светиите од подоцнежните дни. Исто така, тие нè благословуваат.



*Ние мораме да го примиме дарот од Светиот Дух со ракополагање.*

***Разговор***
- Како го примаме дарот на Светиот Дух?

Дарот на Светиот Дух може да ни помогне на многу начини. Може да ни донесе пораки од Исус. Може да нѐ поучи многу работи за Исус и за нашиот Отец на небесата.

Може да ни помогне да дознаеме како да ги решиме своите проблеми. Може да нѐ утеши. Може да ни помогне да ги надминеме своите гревови. Може да ни помогне да правиме добри работи.

Светиот Дух може да ни помогне да ги сакаме и разбираме другите. Може да ни помогне да дознаеме како да им помогнеме. Може да ни помогне да ги разбереме поучувањата на Исус. Може да ни помогне да дознаеме што да речеме за да поучуваме други луѓе за нашиот Отец на небесата и за Исус.

***Разговор***
- На кои начини дарот на Светиот Дух може да влијае врз нашиот живот?

**Мораме да се покаеме за своите гревови за да го добиеме тој дар**

Со дарот на Светиот Дух можеме да станеме подобри луѓе и да правиме добри работи. Можеме да станеме послични на нашиот Отец на небесата. Но мораме секогаш да се трудиме да правиме добри работи зашто инаку Светиот Дух нема да остане со нас. Мораме да се трудиме да имаме добри мисли. Мораме да се трудиме да ги следиме Исусовите поучувања. Кога ќе направиме нешто лошо, мораме да се покаеме. Кога се трудиме да ги правиме сите овие нешта, Светиот Дух ни помага.

Некогаш Светиот Дух нѐ води предизвикувајќи топли, мирни чувства во нашето срце. Кога почнуваме да правиме нешто лошо, тие среќни чувства нѐ напуштаат. Некогаш можеби ќе слушнеме глас во својот ум што ни зборува, велејќи ни што да правиме а што не. Мораме секогаш да бидеме подготвени да го слушнеме и да се покориме на она што ни го кажува Светиот Дух, зашто Светиот Дух секогаш ни кажува што сака Исус да правиме, а само ако Му се покоруваме на Исус можеме да Му се вратиме на нашиот Отец на небесата.

Ако не Му се покоруваме на Светиот Дух и ако почнеме да правиме погрешни работи, Светиот Дух нѐ напушта. Тој нема да остане со нас или да ни помогне ако не правиме добри работи. Но ако ги слушаме Неговите упатства, Светиот Дух постојано ќе биде со нас. Тој ни

помага да станеме подобри луѓе и да се подготвиме за животот со нашиот Отец на небесата.

***Разговор***

- Што треба да правиме за да може Светиот Дух да ни помогне?

**Преку Светиот Дух примаме други посебни благослови**

Некои посебни благослови што ги примаме преку Светиот Дух се наречени духовни дарови. Исус им ги дава тие дарови на членовите на Својата вистинска Црква секогаш кога Неговата Црква е на земјата. Тој ни ги дава тие дарови преку моќта на Светиот Дух. Треба да ги разбереме тие дарови за да можеме мудро да ги користиме.

*Дар за зборување на други јазици*

Еден дар им помага на луѓето да зборуваат на други јазици. Една од причините поради кои Исус им дава таков дар на луѓето е да им помогне да ги поучуваат за Евангелието луѓето што зборуваат на други јазици.

*Дар за толкување на друг јазик*

Еден друг дар им помага на луѓето што знаат за Евангелието. Дарот за толкување на други јазици им помага да ја разберат Исусовата порака кажана на јазик што не го знаат.

*Дар за спознавање дека Исус е Син на нашиот Отец на небесата*

Еден друг дар им помага на луѓето да спознаат дека Исус е Син на нашиот Отец на небесата. Светите писма велат дека можеме да спознаеме дека Исус е Спасителот само ако Светиот Дух ни помогне да го спознаеме тоа. Овој дар е потврда од Светиот Дух дека Исус навистина е Син на нашиот Отец на небесата и дека Тој е Спасител на светот.

*Дар за верување во сведоштвото на другите*

Дарот за верување во сведоштвото на другите им помага на луѓето да дознаат дали работите што некој ги кажува за Исус се вистинити. Светиот Дух ни помага да го препознаеме вистинското сведоштво и да му веруваме.

*Дар за вера*

Дарот за вера ни помага да се покориме на заповедите на Исус. Без вера не можеме да примиме ниеден друг духовен дар. Без вера не можеме да Му се вратиме на нашиот Отец на небесата. Многумина имаат силна вера во Исус. Еден од пророците во Книгата на Мормон имаше

толку голема вера во Исус што Исус му се појави. Пророкот Џозеф Смит имаше толку силна вера во Исус Христос што нашиот Отец на небесата и Исус му се појавија.

*Дар за преведување*

Дарот за преведување им помага на луѓето да ги преведуваат пишаните зборови на нашиот Отец на небесата, на Исус и на неговите следбеници од еден јазик на друг. Пророкот Џозеф Смит го имаше тој дар кога ја преведуваше Книгата на Мормон. Тој дар му помага на преведувачот да го разбере точното значење на пораката и потоа точно да го преведе.

*Дар за знаење*

Дарот за знаење им помага на луѓето да го разберат делото на нашиот Отец на небесата и на Исус. Нашиот Отец на небесата рече дека нема да можеме да живееме со Него ако не ги знаеме или разбираме нештата што Тој сака да ги правиме. Мора да го знаеме планот што нашиот Отец на небесата ни го даде за да можеме да Му се вратиме.

Исус рече дека знаењето што ќе го стекнеме во овој живот ќе ни помогне во светот на духовите откако ќе умреме. Тој сака да ги знаеме Неговите учења и заповеди, небесата и земјата, нештата што се случиле, како и настаните во нашите земји и во другите земји. Рече дека мораме мудро да го користиме тоа знаење. Во стремежот за знаење треба да ја бараме помошта на Светиот Дух.

*Дар за мудрост*

Тој дар им овозможува на луѓето на правилен начин да го искористат знаењето што им го даде нашиот Отец на небесата. Треба да го користиме тој дар за да го унапредуваме својот живот, да поучуваме и да им даваме мудри совети на другите.

*Дар за поучување*

Дарот за поучување им помага на луѓето да поучуваат други за Евангелието, на начин на кој ќе можат да го разберат. Тој дар можеме да го добиеме само со вера во Исус, со учење и молитва.

*Дар за пророштво*

Дарот за пророштво им помага на луѓето да ги дознаат и разберат нештата што се случиле во минатото, нештата што се случуваат сега и нештата што ќе се случат во иднината. Пророците го имаат тој дар, но и ние можеме да го имаме за да нѐ води низ нашиот живот.



*Џозеф Смит ја преведе Книгата на Мормон со моќта на Светиот Дух.*

*Дар за откровение**

Светиот Дух им ги открива на луѓето нештата што ќе им помогнат. Секој од нас може да добие откровение за наше сопствено добро. Но откровенијата за целата Црква му се дадени само на пророкот. Не можеме да добиеме откровение за оној што е водач за нас во Црквата. Сѐ што ни открива Светиот Дух е во согласност со другите заповеди и поучувања на нашиот Отец на небесата и на Исус.

*Дар за исцелување*

Дарот за исцелување им помага на луѓето што се болни да се чувствуваат подобро. Некои имаат вера дека ќе бидат исцелени, а други имаат вера дека исцелуваат други луѓе.

*Дар за правење чуда*

Дарот за правење чуда е даден да им помага на луѓето. Чудо е нешто што нашиот Отец на небесата го прави за нас, а е поголемо отколку што ние би имале моќ да го направиме. Исус рече во Новиот завет и во Книгата на Мормон дека ќе има чуда меѓу оние што веруваат во Него.

*Сатаната може да ги имитира овие духовни моќи*

Сатаната може да предизвика да се случат некои работи што ги имитираат вистинските духовни дарови. Може да се направи себеси да изгледа речиси како ангел. Може да направи лошите нешта да изгледаат добри и правилни. Може да направи лажниот пророк да изгледа како вистински пророк. Може да изведе чуда за да ги измами луѓето. Јасновидците, спиритистичките медиуми, гаталците и другите како нив, каква и да е моќта што ја имаат, ја добиваат од сатаната и не се следбеници на Исус. Треба да ги одбегнуваме таквите луѓе.

Сатаната може да направи работите да изгледаат толку вистинити, што единствениот начин да дознаеме дека се лажни е да го прашаме нашиот Отец на небесата. Ќе имаме чувство на несигурност, чувство на немир, кога сатаната или неговите следбеници ќе ги имитираат духовните дарови. Дарот што ни овозможува да знаеме кога духовните дарови се вистинити, а кога се имитација на сатаната се вика дар за разликување.

***Разговор***

- Што се духовни дарови?
- Како можеме да направиме разлика меѓу вистинските духовни дарови и имитациите на сатаната?



*Братот на Царед имаше толку голема вера што го виде прстот на Исус пред да се роди Исус на земјата.*

### Треба да работиме на развивањето и користењето на даровите што ги имаме

Можеме да научиме кои дарови ги имаме ако проучуваме, постиме и се молиме. Можеме да ги користиме своите дарови само кога се покоруваме на заповедите на Исус. Тогаш ќе сакаме да ги користиме за да им помагаме на другите и да помагаме да се изгради Црквата на Исус Христос на светиите од подоцнежните дни. Ако не ги развиваме и користиме своите дарови, ќе ги загубиме.

Исус рече дека не треба да се фалиме со духовните дарови со кои сме благословени. Не треба да разговараме за нив со луѓе што не би ги сметале за свети. Тие дарови ни се дадени за наше сопствено добро и за благословување на други луѓе. Мора да запомниме дека тие дарови се свети. Исус ни ги дава тие дарови преку Светиот Дух. Тој бара од нас само да Му бидеме благодарни и да ги користиме тие дарови како што Тој сака да бидат користени.

***Разговор***

- Како можеме да откриеме кои дарови ги имаме?
- Како да ги зачуваме духовните дарови свети?

### Дарот на Светиот Дух може да биде скапоцен за нас

Секогаш мора да се трудиме да правиме добри дела и да Му се покоруваме на Исус, зашто инаку влијанието на Светиот Дух нема да остане со нас. Мораме да се трудиме да имаме добри мисли. Кога направиме нешто лошо, мораме да се покаеме. Мораме да се трудиме да ги разбереме нештата што Светиот Дух ни ги кажува. Мораме да го следиме советот што ни го дава.

Ако искрено сакаме да Му се покоруваме на Исус, дарот на Светиот Дух ќе го благослови нашиот живот. Ќе ни помогне да имаме среќен живот и ќе нè подготви за животот со нашиот Отец на небесата.

***Разговор***

- Што треба да правиме за да може Светиот Дух да ни помогне?

***Референци***

*Светиот Дух може да нè води до вистината*

- 2 Нефи 32:5; Морони 10:5–7 (Светиот Дух ни кажува дали нешто е вистинско.)

*Нашиот Отец на небесата ни даде начин како да го примиме дарот на Светиот Дух*

- Дела 10:44–48; 2 Нефи 31:17–18 (Дарот на Светиот Дух е даден по крштавањето.)
- Морони 8:25–26 (Можеме да го примиме Светиот Дух.)

*Мораме да се покаеме за своите гревови за да го добиеме тој дар*

- Мосија 2:36 (Кога ги прекршуваме заповедите на нашиот Отец на небесата, го губиме дарот на Светиот Дух.)
- Морони 8:28 (Светиот Дух ќе престане да се обидува да ни помогне ако не се покаеме.)

*Преку Светиот Дух примаме други посебни благослови*

- Марко 16:17–18; Мормон 9:7–24 (Духовните дарови се дел од Евангелието на Исус Христос.)
- 1 Коринтјаните 12:1–11; Морони 10:8–19; Учење и завети 46:10–33 (Светиот Дух ќе ни даде духовни дарови.)

*Треба да работиме на развивањето и користењето на даровите што ги имаме*

- Матеј 25:14–30 (Нашиот Отец на небесата ни дава дарови за да ги користиме при извршувањето на Неговото дело, а ако не ги користиме, можеме да ги загубиме.)

*Дарот на Светиот Дух може да биде скапоцен за нас*

- Алма 34:37–38 (Треба да се трудиме да ги правиме нештата што Светиот Дух ни рече да ги правиме.)

# ЦРКВАТА НА ИСУС ХРИСТОС

*Шести дел*





*Авраам склучи завет со Господ.*

# СЛЕДБЕНИЦИТЕ НА ИСУС ХРИСТОС

*Поглавје 17*

*Следбениците на Исус Христос се разликуваат од другите луѓе. Кои се Неговите следбениците? Како се разликуваат?*

**Следбениците на Исус Го сакаат нашиот Отец на небесата**

Следбениците на Исус се луѓе што веруваат во Него и Му се покоруваат. Според поучувањата на Исус, тие го учат планот на нашиот Отец на небесата и сакаат да го следат. Тие Го сакаат нашиот Отец на небесата и веруваат дека Тој на сите нив им го посакува најдобриот можен живот. Веруваат дека Исус е Син на нашиот Отец на небесата. Веруваат дека Исус е нивниот Спасител. Веруваат дека Исус им овозможи да се вратат да живеат со нашиот Отец на небесата. Веруваат дека само со следење на Исус и со покорување на Неговите заповеди може да им бидат простени нивните гревови и да Му се вратат на нашиот Отец на небесата.

Оние што Го следат Исус им се благодарни на Бога и на Исус за сѐ што Бог и Исус направија за нив. Сакаат да Му се покоруваат на Исус. Се покајуваат за своите гревови. Крстени се и го примаат дарот на Светиот Дух. Разбираат дека сите луѓе Му се важни на Бога. Се трудат да им помогнат на другите луѓе на секој можен начин.

Вистинските следбеници на Исус даваат свети ветувања. Му ветуваат на нашиот Отец на небесата дека ќе бидат нарекувани по името на Исус Христос. Тоа значи дека ќе бидат познати како членови на Неговата Црква, ќе ги прифаќаат и следат сите Негови поучувања и секогаш ќе се сеќаваат на Него. Исто така, ветуваат дека ќе ги сакаат другите луѓе и ќе им помагаат.

Нашиот Отец на небесата им даде свети ветувања на следбениците на Исус. Некои од работите што Тој ги вети се дека:

1. Ќе ги прифати како членови на Црквата на Исус Христос.



*Мојсеј му даде свештенство на Арон со ракополагање.*

2. Ќе им го даде дарот на Светиот Дух.
3. Ќе им помогне да ги стекнат нештата што им требаат.
4. Ќе им ја даде Неговата моќ за да го извршуваат Неговото дело.
5. Ќе им даде големи благослови сега и засекогаш.
6. Ќе им дозволи да Му се вратат ако продолжат да Му се покоруваат на Исус.

***Разговор***

- Како се разликуваат следбениците на Исус од другите луѓе?
- Што ветуваат дека ќе прават следбениците на Исус?
- Што им ветуваат нашиот Отец на небесата и Исус на следбениците на Исус?

**Исус им дава свештенство на достојни машки членови на Црквата**

Исус им дава на достојните машки членови на Црквата власт за да Му помогнат во Неговото дело. Таа власт е наречена свештенство. Нашиот Отец на небесата Му даде таква власт на Исус.

Да се има свештенство е голем благослов. Свештенството е света власт. Само на оние што се вистински следбеници на Исус и трудољубиво работат на зачувувањето на Неговите заповеди, им е допуштено да имаат свештенство.

Кога некој има свештенство, може да прави одредени работи според заповедите на Исус. Може да поучува други луѓе за нашиот Отец на небесата и за Исус, да ги крштава и да им го дава дарот на Светиот Дух. Човек што има свештенство може да го благословува своето семејство кога некој од нив е болен или има некои други проблеми. Секогаш кога луѓето веруваат во Исус и се покоруваат на Неговите заповеди, Исус им дава свештенство и други благослови.

***Разговор***

- Што е свештенство?
- Зошто Исус им дава свештенство на достојни машки членови на Црквата?

**Многумина веруваа во Исус и ги следеа Неговите заповеди пред да дојде Тој на земјата**

*Адам и Ева и некои од нивните деца веруваа во Исус и ги следеа Неговите заповеди пред да дојде Тој на земјата*

Нашиот Отец на небесата им рече на Адам и Ева да веруваат во Исус Христос и да се покоруваат на Неговите заповеди. Им рече дека Тој

еден ден ќе дојде на земјата. Адам и Ева ветија дека ќе се покоруваат. Тие го одржаа своето ветување. Беа крстени и го примија дарот на Светиот Дух.

Пред да дојде Исус на земјата, му даде свештенство на Адам. Му дозволи на Адам да им даде свештенство на своите синови кои Му се покоруваа на Исус. Адам ги стави рацете врз главата на секој од своите послушни синови и им даде свештенство. Подоцна синовите на Адам им дадоа свештенство на своите синови на ист начин.

***Разговор***

- Што направија Адам и Ева за да станат следбеници на Исус?
- Како примаат свештенство следбениците на Исус?

*Авраам го благослови Исус и ги следеше Неговите заповеди*

Авраам и неговото семејство веруваа во Исус. Веруваа дека еден ден Тој ќе дојде на земјата. Авраам Му вети на нашиот Отец на небесата дека ќе Му се покорува на Исус и ќе го извршува Неговото дело. Нашиот Отец на небесата му вети на Авраам дека, ако биде покорен, нашиот Отец на небесата ќе ги благослови него и неговото потомство. Еве некои од работите што ги вети нашиот Отец на небесата:

1. На Авраам и на неговото потомство ќе им даде свештенство.
2. На Авраам и на неговото потомство ќе им даде земја каде што ќе живеат.
3. На Авраам ќе му даде големо потомство.
4. Многу потомци на Авраам ќе бидат следбеници на Исус.
5. Многу потомци на Авраам ќе изберат да го извршуваат делото на Исус и да ги поучуваат другите луѓе за нашиот Отец на небесата и за Исус.

Авраам ги поучуваше своите деца да веруваат во Исус и да се покоруваат на Неговите заповеди. Авраам му го даде свештенството на својот син Исак. Исак му го даде свештенството на својот син Јаков. Подоцна нашиот Отец на небесата го промени името на Јаков во Израел. Израел имаше дванаесет синови. Тој ги поучуваше да веруваат во Исус и да се покоруваат на неговите заповеди. Тие имаа свештенство. Потомците на синовите на Израел беа наречени дванаесетте племиња на Израел.

***Разговор***

- Што нашиот Отец на небесата му вети на Авраам?
- Кој беше Израел?

*Народот на Израел веруваше во Исус и се покоруваше на Неговите заповеди*

Бидејќи во нивната земја немаше доволно храна, Израел и неговите синови отидоа да живеат во земјата наречена Египет. Луѓето што живееја во Египет ги тераа потомците на Израел напорно да работат. Ги принудија да останат во Египет за да бидат нивни слуги. Не сакаа да им дозволат да се вратат во земјата што Исус вети дека ќе им ја даде.

Многу години подоцна, нашиот Отец на небесата го одбра човекот што се викаше Мојсеј да го изведе потомството на Израел од Египет. Мојсеј ја користеше моќта на свештенството за да им помогне да избегаат од народот на Египет. Ги водеше до земјата што Исус вети дека ќе им ја даде. Тоа беше Хананската земја. Таа се наоѓаше западно од реката Јордан и Мртвото море.

***Разговор***

- Каква моќ користеше Мојсеј за да му помогне на Исусовиот народ да излезе од Египет?

*Луѓето на Израел престанаа да веруваат во Исус*

Многу години по доаѓањето на луѓето на Израел во земјата Хананска, тие престанаа да веруваат во Исус и да се покоруваат на Неговите заповеди. Исус прати пророци да им речат да се покаат и да се покорат на Неговите заповеди. Исаија, Илија и Еремија се некои од пророците пратени од Исус. Постоеја уште многу други пророци.

Но луѓето на Израел не се покајаа. Затоа нашиот Отец на небесата им дозволи на други луѓе да дојдат, да управуваат со нив и да ја преземат нивната земја. Тоа ги направи луѓето понизни и придонесе да Го запомнат Исус и да Му се покоруваат. Но неколку години пред раѓањето на Исус во Витлеем, луѓето на Израел повторно станаа лоши и нашиот Отец на небесата им дозволи на луѓето наречени Римјани да го поробат народот на Израел. Тие ја презедоа управата над нивната земја и нивните свети објекти.

***Разговор***

- Што се случи кога луѓето заборавија на своите ветувања за нашиот Отец на небесата и престанаа да Му се покоруваат на Исус?

*Исус дојде на земјата и ги устрои Своите следбеници*

Кога Исус дојде на земјата, ги поучуваше луѓето дека Тој е Божји Син. Ги поучуваше дека нема да мораат да страдаат засекогаш поради

своите гревови ако се покоруваат на Неговите поучувања. Им рече да веруваат во Него и да се покаат. Рече дека мора да бидат крстени. Им вети дека ќе Го прати Светиот Дух да им помогне. Ги поучуваше да Го сакаат Бога и да Му се покоруваат. Ги поучуваше да ги сакаат другите луѓе и да им помагаат.

Луѓето што веруваа во Исус и Му се покоруваа станаа Негови следбеници. Тој ги устрои тие луѓе во група наречена Црква на Исус Христос. Им даде свештенство на мажите кои беа водачи и учители во Неговата Црква.

***Разговор***

- Како им помогна Исус на луѓето да Го следат?
- Што треба да прават луѓето за да станат следбеници на Исус?

**Да се биде еден од следбениците на Исус е голема привилегија**

Оние што Го следат Исус се среќни. Тие Го знаат планот на нашиот Отец на небесата за нив. Знаат дека нашиот Отец на небесата ги сака. Знаат дека Тој сака да Го следат Исус за да може Исус да им помогне да Му се вратат. Знаат што треба да прават за да бидат среќни. Го имаат дарот на Светиот Дух да им помогне и да ги утеши. Кога имаат проблеми, знаат дека Исус ќе им помогне. Знаат дека Бог ќе ги благослови поради тоа што имаат вера да го следат Исус.

Оние што Го следат Исус се благодарни за многуте благослови што им ги даде нашиот Отец на небесата. Тие Му се заблагодаруваат на нашиот Отец на небесата за тие благослови кога се молат.

Луѓето што не се следбеници на Исус можат да станат Негови следбеници. Можат да учат за Него читајќи ги Светите писма и слушајќи ги водачите на Неговата Црква. Можат да веруваат во Него, да се покаат и да бидат крстени. Ако Му се покоруваат на Исус, можат да ги добијат истите нешта што Бог им ги ветил на следбениците на Исус.

***Разговор***

- Зошто е голема привилегија да се биде еден од следбениците на Исус?

***Референци***

*Следбениците на Исус Го сакаат нашиот Отец на небесата*

- Јован 8:12 (Исус сака да Го следиме.)
- 2 Нефи 31:12 (Имаме заповед да Го следиме Исус и да го правиме она што го правеше Тој.)

- Мосија 2:41 (Оние што се покоруваат на заповедите на Исус се благословени во секој поглед.)
- 3 Нефи 18:37 (Исус им даде на Своите ученици моќ да им го даваат на другите луѓе дарот на Светиот Дух.)

*Исус им дава свештенство на достојни машки членови на Црквата*

- Излез 3 (Мојсеј прими власт од нашиот Отец на небесата.)
- Броеви 27:18–23 (Мојсеј ги положи рацете врз главата на Исус и му даде власт од нашиот Отец на небесата.)

*Многумина веруваа во Исус и ги следеа Неговите заповеди пред да дојде Тој на земјата*

- Создавање 12:1–2; 17:1–8 (Ветувања му беа дадени на Авраам, следбеникот на Исус.)
- Повторени закони 28:9–10 (Бог им даде ветувања на луѓето на Израел.)
- Еремија 23:3–4 (Исус повторно ќе ги собере луѓето на Израел откако ќе се покаат.)
- Езекиел 20:33–36 (Луѓето на Израел ќе бидат собрани.)
- Лука 6:13 (Исус избра дванаесет апостоли.)
- Јован 15:16 (Исус им даде на Своите апостоли власт и моќ.)
- 3 Нефи 21:26–29 (Следбениците на Исус ќе бидат собрани од сите нации.)

*Да се биде еден од следбениците на Исус е голема привилегија*

- 2 Нефи 31:13 (Посебни благослови ги чекаат оние што Го следат Исус и го прават она што Тој ги поучуваше.)
- Алма 5:57 (Оние што Го следат Исус ќе бидат броени со праведните.)
- Морони 7:48 (Следбениците на Исус Христос ќе станат слични на Бога.)



*Исус Христос зареди апостоли.*

# ЦРКВАТА ШТО ЈА УСТРОИ ИСУС

*Поглавје 18*

*Исус устрои црква кога беше на земјата. Како беше наречена таа? Кој ја водеше Неговата Црква?*

**Исус беше глава на црквата што ја устрои**

Кога Исус беше на земјата, устрои црква. Црквата беше наречена Црква на Исус Христос. Членовите на Исусовата Црква се викаа светии. Исус беше глава на Црквата. Тој ја водеше. Тој избра дванаесетмина да Му помагаат да ја води Црквата. Тие беа наречени апостоли. Апостолите беа и пророци. Исус ги положи рацете врз нивните глави и на секој од нив му даде свештенство. Ги задолжи да го извршуваат Неговото дело. Тие апостоли и пророци беа водачи на Црквата на Исус Христос.

Во Црквата на Исус Христос, оние што примија свештенство ги полагаа рацете врз главите на другите добри луѓе и им даваа свештенство. Тоа е единствениот начин на кој свештенството може да помине од еден човек на друг. Свештенството не може да се купи.

***Разговор***

- Кој беше водач на Црквата на Исус Христос?
- Како беа наречени луѓето што Му помагаа на Исус?

**Црквата на Исус Христос продолжи да постои на земјата откако Тој се врати на небесата**

Откако Исус се врати на небесата, Неговата Црква продолжи да постои на земјата. Беше водена од дванаесетте апостоли. Кога ќе умреше еден апостол, Исус избираше друг човек да го замени. Преку Светиот Дух Исус им покажуваше на другите апостоли кој треба да биди новиот апостол. Дванаесетте апостоли избираа други добри луѓе и им даваа свештенство да помагаат во работата на Исусовата Црква. Тие луѓе беа наречени Седумдесетте, врховни свештеници, старешини,

епископи, свештеници, учители и ѓакони. Нивните должности се објаснети во Поглавје 20.

*Исус је водеше Црквата преку откровението*

Пораките што Исус им ги дава на луѓето на земјата преку Светиот Дух се викаат откровенија. Исус ја води Својата Црква откривајќи им ги на пророкот и на другите водачи нештата што треба да ги прават.

Пред да се врати Исус на небесата, им кажа на Своите апостоли дека секогаш ќе биде со нив. Исус ќе продолжи да ги води преку Светиот Дух.

***Разговор***

- Како ја водеше Исус Својата Црква откако се врати на небесата?

*Црквата на Исус Христос ги содржеше Неговите вистински поучувања*

Водачите на Црквата на Исус Христос примија откровение од Исус преку Светиот Дух. На пример, Исус му кажа на апостол Петар дека сите луѓе на светот треба да се поучуваат за Евангелието, а не само луѓето на Израел. Исус му кажа на апостол Павле многу нешта за кои треба да ги поучува луѓето. На апостол Јован Исус му кажа многу нешта за иднината.

Додека живееше на земјата, Исус ги поучуваше луѓето да веруваат во Него, да се покаат и да бидат крстени. Ги поучуваше да Го сакаат нашиот Отец на небесата и да Му се покоруваат. Ги поучуваше да ги сакаат другите луѓе и да им помагаат.

Откако Исус се врати на небесата, апостолите поучуваа за истите работи за кои ги поучуваше Исус. Сите што сакаа да бидат членови на Црквата на Исус Христос мораа да имаат вера во Исус Христос, да се покаат за своите гревови и да бидат крстени. Тие го примија дарот на Светиот Дух, како што вети Исус. Научија да го сакаат нашиот Отец на небесата и да Му се покоруваат. Научија да ги сакаат другите луѓе и да им служат.

***Разговор***

- Што треба да прават луѓето за да ѝ се придружат на Црквата на Исус Христос?

*Оние што ѝ припаѓаа на Црквата на Исус Христос примија духовни дарови*

Оние што ѝ припаѓаа на Црквата на Исус Христос примија духовни дарови. Некои од даровите беа вера во исцелување на болни, способност за кажување за идните настани и моќ за гледање на виденија.

***Разговор***

- Наведете некои од духовните дарови?

**Исусовата Црква веќе не постоеше на земјата.**

Откако Исус се врати на небесата, Неговите апостоли ја водеа Црквата. Бројот на членовите на Црквата се зголеми. Но некои од членовите почнаа да поучуваат и да веруваат во лажни нешта, а не во она на што поучуваа Исус и апостолите. На пример, некои од нив поучуваа дека нашиот Отец на небесата нема тело од месо и коски.

Лоши луѓе почнаа да ги прогонуваат водачите и другите членови на Црквата. Лоши луѓе ги убија апостолите и другите водачи што примија свештенство. Убија и многу други членови на Црквата на Исус Христос.

Луѓето сè повеќе и повеќе поучуваа за лажни учења и најпосле никој веќе не веруваше во вистинските учења на Исус. Никој немаше свештенство, па така никој не можеше да го извршува Исусовото дело на земјата или да прима упатства од Исус за сите чеда на нашиот Отец на небесата. Времето кога никој не веруваше во вистинските учења на Исус и никој ја немаше Неговата власт е наречено отпаѓање.

Во времето на отпаѓањето луѓето устроија цркви што се разликуваа од Црквата што ја устрои Исус. Тие поучуваа нешта за кои Исус не поучуваше. Тие немаа свештенство. Изведуваа церемонии што се разликуваа од церемониите изведувани во Исусовата Црква. Тие немаа откровение од Исус. Не поучуваа за сите заповеди на Евангелието како што Исус и Неговите апостоли ги поучуваа нив. Пророците кажаа дека ќе се случи сето тоа.

***Разговор***

- Како се случи отпаѓањето?

**Исус вети дека ќе ја обнови Својата Црква на земјата**

Исус знаеше дека луѓето ќе ги загубат Неговата моќ и вистинските поучувања. Затоа Тој подготви начин вистинската Црква повторно да биде устроена на земјата.

Апостол Јован во видение го виде времето кога Евангелието повторно ќе биде донесено на земјата. Виде дека Исус ќе прати ангели да ги поучуваат луѓето за вистината за нашиот Отец на небесата. Исус ќе обезбеди сите чеда на нашиот Отец на небесата да можат да ги примат

Евангелието, свештенството, благословите и сите други нешта што им се потребни за да можат да Му се вратат на нашиот Отец на небесата.

***Разговор***

- Зошто Исус подготви начин повторно да ја устрои Својата Црква на земјата?

***Референци***

*Исус беше глава на црквата што ја устрои*

- Лука 9:1 (Исус им даде моќ на Своите апостоли.)
- 3 Нефи 27:8 (Црквата на Исус Христос е наречена по Неговото име.)

*Црквата на Исус Христос продолжи да постои на земјата откако Тој се врати на небесата*

- Матеј 16:16–18 (Петар е избран да ја води Црквата по смртта на Исус.)
- Матеј 28:20 (Исус вети дека секогаш ќе биде со апостолите.)
- Марко 3:14 (Исус избра дванаесетмина да бидат апостоли.)
- Марко 16:17–18; 1 Коринтјаните 12:4–11 (Следбениците на Исус ќе имаат духовни дарови.)
- Лука 10:1 (Исус избра седумдесет мажи да го проповедаат Евангелието.)
- Јован 14:26 (Исус секогаш ќе биде со апостолите преку влијанието на Светиот Дух.)
- Дела 1:23–26 (Нов апостол е избран да дојде на местото на оној што умрел.)
- Дела 8:18–20 (Петар му кажува на човекот дека свештенството не може да се купи.)
- Дела 10 (Преку откровението Петар учи дека Евангелието е за секого.)
- Дела 14:23 (Старешините беа ракополагани* на собирите.)
- Ефесјаните 2:19–20 (Исус е главниот камен-темелник на Својата Црква, помогнат од апостолите и пророците.)
- Ефесјаните 4:11–13 (Дадени се звањата на службениците одредени од Исус.)
- Јаков 5:14–15 (Болните можат да бидат благословени од оној што има власт на свештенството.)

*Исусовата Црква веќе не постоеше на земјата*

- Амос 8:11–12 (Луѓето ќе ја бараат вистината не знаејќи каде да ја најдат.)

- Матеј 24:9–12 (Апостолите ќе бидат убиени.)
- 2 Солуњаните 2:3–4 (Отпаѓањето е претскажано.)
- 2 Петар 2:1 (Лажни пророци поучуваа лаги.)

*Исус вети дека ќе ја обнови Својата Црква на земјата*

- Даниел 2:44–45 (Царството на нашиот Отец на небесата ќе биде утврдено во последните дни.)
- Дела 3:20–21 (Исус ќе се врати на земјата за да го обнови Своето Евангелие.)
- Откровение 14:6 (Ангел ќе помогне да се обнови Евангелието.)



*Нашиот Отец на небесата и Исус го посетија Џозеф Смит.*

# ЦРКВАТА НА ИСУС ХРИСТОС ДЕНЕС

*Поглавје 19*

*Каде можеме денес да го најдеме вистинското Евангелие на Исус Христос?*

**Многу години Црквата на Исус Христос не постоеше на земјата**

Исус устрои Црква кога беше на земјата. Неговата Црква остана на земјата извесно време откако Тој се врати на небесата. Кога луѓето престанаа да ги поучуваат Неговите вистински поучувања и да веруваат во нив, Исус ги зеде свештенството и Својата Црква од земјата.

Многу години луѓето живееја без вистинското Евангелие и Црквата на Исус Христос. Луѓето устроија многу цркви, засновани врз нивните сопствени поимања и врз некои учења од Библијата. Но тие цркви го немаа свештенството на нашиот Отец на небесата. Ги немаа сите учења на Исус. Немаа постојано откровение од Исус. Ги немаа духовните дарови.

Луѓето почнаа да посакуваат да ја дознаат вистината за нашиот Отец на небесата. Почнаа да ја бараат вистината за нашиот Отец на небесата и за Неговите учења. Некои од нив сфатија дека вистинското Евангелие и Црквата на Исус Христос не се веќе на земјата. Нашиот Отец на небесата знаеше дека дојде време да се обноват вистинското Евангелие и Црквата на Исус Христос на земјата.

***Разговор***

- Зошто Исус го зеде свештенството од земјата?
- Зошто црквите што ги устроија луѓето не беа Црквата на Исус Христос?

**Нашиот Отец на небесата го одржа Своето ветување дека ќе ја врати вистинската Црква**

Нашиот Отец на небесата ги сака сите Свои чеда. Сака сите тие да знаат што треба да прават за да живеат со Него откако ќе умрат и ќе

бидат воскреснати. Пред да ја земе од земјата вистинската Црква на Исус Христос, Исус им кажа на пророците и апостолите дека тоа ќе се случи. Тој исто така вети дека еден ден ќе ја обнови Црквата на земјата. Тоа ќе го направи кога повторно ќе постојат луѓе што се подготвени да го примат вистинското Евангелие.

*Исус ја обнови Својата Црква на земјата*

Исус ја обнови Својата Црква на земјата со истата власт и со истите благослови како Црквата што ја устрои додека живееше на земјата. Секој што сака да се покорува на Неговите заповеди, може да стане член на Неговата Црква.

*Нашиот Отец на небесата го избра Џозеф Смит да помогне да се обнови Црквата*

Во 1820 година Исус почна да ги обновува на земјата вистинското Евангелие и Црквата. Еден млад човек, што се викаше Џозеф Смит, сакаше да знае која црква е Црквата на Исус Христос. Тој прочита во Библијата дека, ако некој сака да дознае нешто, треба да Го праша нашиот Отец на небесата. Тој реши да Го праша нашиот Отец на небесата кон која црква треба да се приклучи. Отиде во шумата блиску до својата куќа да се моли и го праша нашиот Отец на небесата кон која црква треба да се приклучи. Нашиот Отец на небесата и Исус му се јавија на Џозеф Смит. Нашиот Отец на небесата му рече на Џозеф да Го слуша Исус и да Му се покорува. Исус тогаш му рече на Џозеф да не се приклучува кон ниедна црква. Рече дека вистинската Црква не е на земјата.

Вакво откровение од нашиот Отец на небесата не било примено откако вистинското Евангелие и Црквата на Исус Христос беа земени од земјата. По тоа откровение беа примени многу други откровенија. Нашиот Отец на небесата го избра Џозеф Смит да Го претставува на земјата. Исус ги обнови вистинското Евангелие и Црквата на Исус Христос преку Џозеф Смит.

***Разговор***

- Зошто Џозеф Смит виде видение?

*Свештенството беше обновено*

Свештенството беше обновено на земјата во 1829 година. Јован Крстител дојде од небесата и му даде на Џозеф Смит дел од власта на свештенството положувајќи ги рацете врз главата на Џозеф. Таа свештеничка власт е наречена Ароново свештенство. Јован Крстител, кој ја обнови таа свештеничка власт, е истиот оној што Го крсти Исус. Петар, Јаков и

Јован, тројца од порано избраните Исусови апостоли, исто така дојдоа и му дадоа на Џозеф уште повеќе свештеничка власт. Таа свештеничка власт е наречена Мелхиседеково свештенство.

Другите пророци, вклучувајќи ги Мојсеј и Илија, исто така дојдоа и му дадоа на Џозеф Смит власт да извршува други свети дела. Овластувањето од нашиот Отец на небесата за поучување на Евангелието, за извршување на свети дела и за водење на Црквата повторно е на земјата.

***Разговор***
- Како Џозеф Смит прв го доби свештенството?

*Исус повторно ја устрои Својата Црква*

Преку откровението, Исус го упати Џозеф Смит повторно да ја устрои Неговата Црква на 6 април 1830 година. Исус беше глава на Својата Црква додека живееше на земјата. Тој е глава на Својата Црква и сега. Членовите на Неговата Црква сè уште се викаат светии.

Исус ја нарече Својата Црква денес Црквата на Исус Христос на светиите од подоцнежните дни. Зборовите *подоцнежните дни* ни покажуваат дека тоа е Црквата на Исус Христос во подоцнежното времето на земјата. Исус рече дека таа Црква е единствената вистинска Црква во целиот свет и дека Тој е задоволен со неа.

Исус избира пророк да ја води Црквата на земјата. Исус го раководи пророкот. Тој му дава на пророкот овластување да ја води Црквата. Џозеф Смит беше првиот пророк на Црквата на Исус Христос на светиите од подоцнежните дни. Пророкот на Црквата се вика и претседател на Црквата. Претседателот има луѓе што му помагаат. Тие се наречени советници. Кога пророкот ќе умре, Исус избира нов пророк да го преземе неговото место.

Исус избира и дванаесет апостоли да помагаат во водењето на Црквата. Мажите избрани да бидат членови на Кворумите на Седумдесетте им помагаат на апостолите и на председателот. Други добри мажи и момчиња исто така примаат свештенство и служат во Црквата. Тие се наречени врховни свештеници, старешини, епископи, свештеници, учители и ѓакони, исто како што беа нарекувани и во поранешната Црква на Исус Христос.

Исус му кажа на Џозеф Смит како треба да биде устроена Неговата Црква. Кога Црквата во целост е устроена во едно подрачје, тоа

подрачје станува познато како кол.* Колот го води претседател. Тој има двајца советници што му помагаат.

Колот е поделен на помали подрачја. Тие подрачја се познати како оддели.* Водач на свештенството наречен епископ го води одделот. Тој има двајца советници што му помагаат.

Во подрачјата каде што уште не се устроени колови, може да постојат окрузи* што се составени од разграноци. Разграноците се водени од претседател и двајца советници. Подрачјата каде што има многу мисионери што поучуваат за Евангелието се викаат мисии.*

*Мажите што имаат свештенство се организирани во кворуми*

Мажите што имаат свештенство се организирани во групи наречени кворуми. Свештеничкиот кворум е група мажи што имаат иста служба во свештенството. Тие работат заедно помагајќи си меѓусебно и помагајќи им на другите луѓе.

***Разговор***
- Кој е глава на Црквата на Исус Христос денес?
- Како се викаат мажите што помагаат во водењето на Црквата?

**Црквата денес е устроена на ист начин како Црквата што ја устрои Исус кога беше на земјата**

*Исус сè уште ја води Својата Црква преку откровение*

Преку Светиот Дух Исус му кажува на пророкот како треба да ја води Црквата. Тој им открива на апостолите и на другите водачи на Црквата што сака Тој да прават тие. Преку откровение Исус постојано ги води членовите на Својата Црква.

*Секој може да стане член на Црквата*

Секој може да стане член на Црквата на Исус Христос денес, исто како и кога луѓето се приклучуваа кон Неговата Црква кога Тој беше на земјата. Тоа лице мора да има вера во Исус и да се покае. Исто така, мора да биде крстено. Откако ќе биде крстено, ќе го добие дарот на Светиот Дух.

***Разговор***
- Што треба да правиме за да се приклучиме кон Црквата на Исус Христос денес?

*Членовите на Црквата денес примаат духовни дарови*

Исус секогаш им дава духовни дарови на членовите на Својата Црква. Сите тие духовни моќи се во Црквата денес.

***Разговор***

- Наведете некои од духовните дарови? (Видете во Поглавје 16.)

*Исус ги обнови Своите вистински поучувања*

Исус ги обнови поучувањата што ги предаваа Тој и Неговите апостоли. Основните поучувања се вера во Исус Христос, покајание, крштавање и дарот на Светиот Дух. Некои од важните вистини што Исус ѝ ги даде на Својата Црква се:

1. Нашиот Отец на небесата има тело од месо и коски.
2. Ние сме деца-духови на нашиот Отец на небесата. Живеевме со Него на небесата како духови пред да се родиме на земјата.
3. Ќе бидеме казнети само за нашите сопствени гревови, а не за она што го направи Адам. Многумина веруваат дека, поради тоа што Адам и Ева јаделе од забранетото овошје, ние, нивните деца, сме грешни кога ќе се родиме. Тоа не е вистина. Децата не се грешни кога ќе се родат. Тие се невини. Затоа тие не треба да бидат крстени до осумгодишна возраст.
4. Човекот мора да има свештенство за да ги извршува уредбите* (видете во Поглавје 21) на Црквата на Исус Христос.

***Разговор***

- Наведете некои од Исусовите поучувања што Тој повторно им ги даде на луѓето.

**Црквата на Исус Христос никогаш веќе нема да биде однесена од земјата**

Сега, кога вистинската Црква на Исус Христос, свештеничката власт и Евангелието се обновени на земјата, никогаш веќе нема да бидат однесени од земјата. Нашиот Отец на небесата рече дека ќе утврди царство кое никогаш нема да биде уништено. Тоа царство е Црквата на Исус Христос на светиите од подоцнежните дни. Таа ќе трае засекогаш.

Многумина се приклучија кон Црквата на Исус Христос на светиите од подоцнежните дни. Во многу земји низ светот постојат членови на Црквата. Сè повеќе и повеќе луѓе ќе продолжат да се приклучуваат кон Црквата. Сите чеда на нашиот Отец на небесата ќе го слушнат Евангелието и ќе имаат можност да го прифатат.

### *Разговор*

- Што можете да направите за да им помогнете на другите да слушнат за Евангелието на Исус Христос за да можат да се приклучат кон Неговата Црква?

### *Референци*

*Многу години Црквата на Исус Христос не постоеше на земјата*

- Исаија 24:5 (Луѓето ќе ги изменат вистинските поучувања.)
- Амос 8:11–12 (Пророкот рече дека луѓето нема да знаат како да го најдат вистинското слово на нашиот Отец на небесата.)
- 4 Нефи 1:26–29 (Луѓето направија сопствени цркви.)

*Нашиот Отец на небесата го одржа Своето ветување дека ќе ја врати вистинската Црква*

- Исаија 2:2–4 (Нашиот Отец на небесата ќе го утврди Своето царство во подоцнежните дни.)
- 2 Нефи 3:6–15 (Пророкот со име Џозеф ќе помогне на земјата да се обнови вистината.)

*Црквата денес е устроена на ист начин како Црквата што ја устрои Исус кога беше на земјата*

- Дела 3:20–21 (Пророците кажаа дека сите нешта ќе бидат обновени.)
- 2 Нефи 29:9 (Исус е истиот вчера, денес и засекогаш.)
- Морони 10:7–19 (Исус ги дава истите духовни дарови вчера, денес и засекогаш.)

*Црквата на Исус Христос никогаш веќе нема да биде однесена од земјата*

- Даниел 2:44–45; Матеј 21:43 (Нашиот Отец на небесата вети дека ќе го утврди Своето царство кое никогаш нема да биде уништено.)

# УСТРОЈСТВОТО НА СВЕШТЕНСТВОТО

*Поглавје 20*

*Како може некој да добие овластување да го извршува делото на нашиот Отец на небесата?*

**Кога некој има свештенство, може да Го претставува нашиот Отец на небесата**

Свештенството е овластување што нашиот Отец на небесата им го дава на достојни мажи и момчиња за да го извршуваат Неговото дело на земјата. Такво овластување Тој Му даде на Исус. Исус им даде такво овластување на мажи на земјата. Мажите и момчињата што го имаат свештенството Ги претставуваат нашиот Отец на небесата и Исус. Тие можат да прават работи што другите мажи и момчиња не можат да ги прават. Можат да бидат мисионери и да поучуваат за вистинското Евангелие на Исус Христос. Можат да ги благословуваат болните. Можат да извршуваат свети работи во Црквата.

Исус ни кажа на кој начин некој може да му даде свештенство на друг маж или момче. Оној што има свештенство ги положува своите раце врз главата на мажот или момчето. Тогаш им го дава свештенството од името на Исус Христос и со овластувањето на свештенството што го има.

Само оној што се покорува на Исусовите заповеди може да прими свештенство. Исус ќе им дозволи на мажите и момчињата да го извршуваат Неговото дело само ако се покоруваат на Неговите заповеди.

Не постои поголема личност на земјата од мажот или момчето што го користи свештенството на правилен начин.

***Разговор***

- Што е свештенство?
- Кој може да прими свештенство?



*Свештеничките службеници кои претседаваат со Црквата се Првото претседателство, Кворумот на Дванаесетте апостоли и Кворумите на Седумдесетте, претставени овде на Генералната конференција.*

### Свештенство е поделено на два дела

Двата дела на свештенството се Ароновото свештенство и Мелхиседековото свештенство. Ароновото свештенство некогаш се вика пониско свештенство. Мелхиседеково свештенство некогаш се вика повисоко свештенство.

*Ароново свештенство*

Ароновото свештенство го доби името по Арон, братот на Мојсеј, пророкот. Арон беше водач во времето на Мојсеј.

Маж или момче старо најмалку 12 години може да го има Ароновото свештенство. Оние што го имаат Ароновото свештенство можат да ги поучуваат луѓето. Некои од оние што го имаат Ароновото свештенство можат да крштаваат луѓе. Тие им помагаат на луѓето да Го помнат Исус. Можат да им помогнат на луѓето на многу начини.

*Мелхиседеково свештенство*

Мелхиседековото свештенство го доби името по човекот наречен Мелхиседек. Мелхиседек беше многу праведен човек што имаше свештенство. Живееше во времето на Авраам. Беше врховен свештеник. Пред свештенството да го добие називот по неговото име, се викаше свето свештенство по редот на Божјиот Син. Називот на свештенството беше променет во Мелхиседеково за да се спречи пречестото користење на името на Бога од страна на луѓето.

Човек стар најмалку 18 години може да го има Мелхиседековото свештенство. Мажите кои го имаат Мелхиседековото свештенство поседуваат моќ да им даваат благослови на другите. Исус им ги открива нештата што треба да ги знаат и да ги кажат кога даваат благослови.

***Разговор***

- Кои се двете свештенства во Црквата?

### Секое свештенство има различни служби и овластувања

Кога некој добива свештенство, тој се заредува за служба на свештенството. И Ароновото свештенство и Мелхиседековото свештенство имаат неколку служби. Секоја има посебни должности.

Мажите и момчињата што го имаат Ароновото свештенство и се заредени за служба на свештеник во тоа свештенство, имаат моќ да ги извршуваат следниве работи:

1. Да поучуваат за Евангелието.

2. Да крштаваат.
3. Да го подготвуваат, благословуваат и раздаваат сакраментот.*
4. Да им помагаат на оние што го имаат Мелхиседековото свештенство кога ги посетуваат и им помагаат на членовите на Црквата.
5. Да им даваат Ароново свештенство на други.

Мажите што го имаат Мелхиседековото свештенство имаат овластување да ги извршуваат следниве работи:

1. Да ја водат Црквата.
2. Да го проповедаат Евангелието.
3. Да го даваат дарот на Светиот Дух.
4. Да даваат посебни благослови.
5. Да им даваат на новороденчињата име и благослов.
6. Да исцелуваат болни.
7. Да им даваат свештенство на други.
8. Да го прават сето она што можат да го прават мажите и момчињата што го имаат Ароновото свештенство.

***Разговор***

- Какви работи имаат овластување да извршуваат оние што имаат Мелхиседеково свештенство?
- Какви работи имаат овластување да извршуваат оние што имаат Ароново свештенство?

### Службите на Ароновото свештенство и нивните должности

Службите на Ароновото свештенство се ѓакон, учител, свештеник и епископ.

*Ѓакон*

Машки член на Црквата може да прими свештенство и да биде ракоположен за ѓакон ако има најмалку 12 години. Мора да се покорува на заповедите на Исус и на правилата на Црквата.

Ѓаконот ги има следниве должности:

1. Да раздава сакрамент.
2. Да им помага на водачите.
3. Да им помага на учителите во Ароновото свештенство да ги извршуваат своите должности кога се за тоа задолжени.

Ѓаконот не може да даде свештенство на друг. Не може да крштава. Не може да го благословува сакраментот.

*Учител*

Машки член на Црквата може да прими свештенство и да биде ракоположен за учител ако има најмалку 14 години. Мора да се покорува на заповедите на Исус и на правилата на Црквата.

Учителот ги има следниве должности:

1. Да ги надгледува членовите на Црквата помагајќи им да ги добијат материјалните и духовните потреби.
2. Да им помага на членовите да се покоруваат на Исусовите заповеди.
3. Да им помага на оние што имаат Мелхиседеково свештенство со заедничко посетување на семејства и со помагање при поучувањето на тие семејства да се покоруваат на заповедите на Исус.
4. Да го подготвува сакраментот.
5. Кога е потребно, да ги извршува сите работи што ги врши ѓаконот.

Учителот не може да даде свештенство на друг. Тој исто така не може да крштава. Не може да го благословува сакраментот.

*Свештеник*

Машки член на Црквата може да прими свештенство и да биде ракоположен за свештеник ако има најмалку 16 години. Мора да се покорува на заповедите на Исус и на правилата на Црквата.

Свештеникот ги има следниве должности:

1. Да поучува за Евангелието.
2. Да ги охрабрува членовите да се покоруваат на заповедите на Исус.
3. Да крштава.
4. Да го благословува сакраментот.
5. Да ракополага други ѓакони, учители и свештеници.
6. Да ги води состаноците кога на состанокот не е присутен никој што има Мелхиседеково свештенство.

Свештеникот може да ги извршува сите работи што ги извршуваат учителот и ѓаконот. Тој не може никого да ракополага за служба на епископ или за која и да е служба на Мелхиседековото свештенство.

*Епископ*

Епископот е водач на одделот.

Епископот ги има следниве должности (претседателот на разгранокот има слични одговорности во разгранокот):

1. Во својот оддел ги води оние што го имаат Ароновото свештенство.
2. Во својот оддел го води кворумот на свештениците.
3. Претседава со одделот (го води).
4. Решава дали членовите на Црквата се достојни да примат одредени благослови и привилегии.
5. Ги советува членовите на својот оддел кога бараат духовно водство или кога тој чувствува дека им треба совет.
6. Им помага на членовите на Црквата да добијат храна, облека и други работи во случај на неволја.
7. Ги прима парите и другите работи што луѓето ѝ ги даваат на Црквата и се грижи за нив.

Претседателот на Црквата ги упатува претседателите на коловите да заредуваат мажи за епископи.

***Разговор***

- Кои се должностите на ѓаконот, учителот, свештеникот и епископот?

**Службите на Мелхиседековото свештенство и нивните должности**

Службите на Мелхиседековото свештенство се старешина, врховен свештеник, патријарх, Седумдесетте и апостол. Секоја од овие служби има посебни должности.

*Старешина*

1. Да крштава.
2. Да го дава дарот на Светиот Дух.
3. Да ги води состаноците.
4. Да раководи со состаноците кога не е присутен врховен свештеник.
5. Да го проповеда Евангелието.
6. Да ги благословува болните.
7. Да ги благословува новороденчињата.
8. Да им дава свештенство на други и да заредува за служби на старешини, свештеници, учители или ѓакони.
9. Кога е потребно, да ги извршува сите должности на свештеникот, учителот или ѓаконот.

*Врховен свештеник*

Главната должност на врховниот свештеник е да биде водач на луѓето во Црквата и да биде надлежен за духовните работи. Врховниот

свештеник може да ја извршува секоја должност на старешината, свештеникот, учителот или ѓаконот кога тоа е потребно.

*Патријарх*

Патријархот е врховен свештеник што им дава посебни благослови на членовите на Црквата. Тие благослови се наречени патријархови благослови. Патријарховите благослови им помагаат на членовите да ги разберат нештата што Исус сака тие да ги прават.

*Седумдесетте*

Седумдесетте се посебни сведоци на Исус Христос пред светот. Тие работат под водство на апостолите за изградба на Црквата.

*Апостол*

Апостолот е посебен сведок за Исус Христос пред целиот свет. Апостолот ги управува дејностите на Црквата низ целиот свет. Секој апостол ја има целокупната власт на свештенството. Но само претседателот на Црквата, кој исто така е апостол, може да ја користи целокупната власт на свештенството. Другите апостоли ја користат својата власт само ако претседателот на Црквата ги упати на тоа.

**Клучевите на свештенството се овластување за раководење со користењето на свештенството**

Свештенство претставува овластување да се дејствува од името на Исус и да нè води назад кон нашиот Небесен Отец. Користењето на свештеничката власт го водат оние кои ги имаат нејзините клучеви. Тие клучеви даваат право за претседавање со Црквата и за управување со неа во рамките на надлежноста. Господ Исус Христос ги има сите клучеви на свештенството. Тој им ги даде на Неговите апостоли клучевите кои се неопходни за управување со Неговата Црква. Само најстариот апостол, претседателот на Црквата, може да ги користи (или да овласти друго лице да ги користи) овие клучеви за управување со целата Црква. Претседателот на Црквата ги овластува претседателите на храмовите, мисиите, коловите и окрузите, епископите и претседателите на разграноците, како и претседателите на кворумите, да ги поседуваат свештеничките клучеви кои им требаат за да претседаваат.

Носителите на свештенството имаат власт да извршуваат некои работи без специјална дозвола. На пример, мажите кои имаат Мелхиседеково свештенство можат да ги благословуваат болните и како сопрузи и татковци да ги благословуваат своите семејства. Сепак, за други нешта

треба да бараат дозвола од оние кои ги имаат потребните клучеви. На пример, свештеникот има власт да крштава. Но тој не може да крсти никого додека епископот или претседателот на разгранокот не му дозволи да го направи тоа. Епископот или претседателот на разгранокот ги поседуваат клучевите од Ароновото свештенство во таа единица на Црквата.

***Разговор***
- Што се тоа клучеви на свештенството?

**Мажите што имаат свештенство се организирани во кворуми**

Мажи и момчиња што имаат иста служба на свештенството се организирани во групи. Тие групи се наречени кворуми. Во Ароновото свештенство постојат ѓаконски кворуми, учителски кворуми и свештенички кворуми. Во Мелхиседековото свештенство постојат старешински кворуми и кворуми на врховните свештеници.

Кога некој маж или некое момче ќе биде ракоположено за служба во свештенството, станува член на кворумот на свештенството, што се состои од оние кои ја имаат истата служба. Останува во кворумот сè додека не биде зареден во друга служба. Водачите на кворумот го поучуваат секој член на кворумот и му помагаат.

*Кворум на ѓакони*

Кворумот на ѓаконите може да се состои од најмногу 12 ѓакони. Ако постојат повеќе од 12 ѓакони во одделот, се формира друг кворум на ѓакони. Кворумот на ѓаконите има претседател и двајца советници.

*Кворум на учители*

Кворумот на учителите може да се состои од најмногу 24 учители. Ако постојат повеќе од 24 учители во одделот, се формира друг кворум на учители. Кворумот на учителите има претседател и двајца советници.

*Кворум на свештеници*

Кворумот на свештениците се состои од најмногу 48 свештеници. Претседател на свештеничкиот кворум е епископот или претседателот на разгранокот. Тој именува двајца свештеници од кворумот за свои помошници.

*Старешински кворум*

Старешинскиот кворум може да се состои од кој и да е број на старешини до бројот 96, а тоа ги вклучува сите старешини што живеат во

одделот. Ако постојат повеќе од 96 старешини, може да се устрои друг старешински кворум. Мажите што сè уште не го примиле Мелхиседековото свештенство, можат да се среќаваат со старешините заради учење, општествени активности и работни обврски.

Претседател и двајца советници го водат старешинскиот кворум.

*Кворум на врховни свештеници*

Кворумот на врховните свештениците ги вклучува сите врховни свештеници во колот. Претседателот на колот и неговите двајца советници го водат кворумот на врховните свештеници. Нормално врховните свештеници во секој оддел формираат група на врховни свештеници, со која претседава водач на групата.

***Разговор***

- Што е кворум?
- Од колку членови се состои кворумот на ѓаконите, на учителите, на свештениците, на старешините, на врховните свештеници?
- Како можат меѓусебно да си помагаат членовите на кворумот?

***Референци***

*Кога некој маж има свештенство, може да дејствува во името на нашиот Отец на небесата*

- Броеви 27:18–19; Евреите 5:4 (Мажите примаат свештенство на начин како е објавено од нашиот Отец на небесата.)
- Учење и завети 1:38 (Носителите на свештенството можат да зборуваат и да дејствуваат во името на нашиот Отец на небесата.)
- Учење и завети 121:34–46 (Моќта на свештенството може да се користи само за праведност.)

*Свештенство е поделено на два дела*

- Евреите 7; Учење и завети 84:6–30; 107:6, 13–14 (Мелхиседековото свештенство и Ароновото свештенство се објаснети.)
- Учење и завети 107:1–4 (Причината е дадена за името на Мелхиседековото свештенството.)

*Секое свештенство има различни служби и овластувања*

- 1 Коринтјаните 12:14–31 (Сите служби на свештенството се важни.)
- Учење и завети 84:26–27; 107:14, 20 (Моќта и овластувањата на Ароновото свештенство се опишани.)
- Учење и завети 84:19–22; 107:8, 18–19 (Моќта и овластувањата на Мелхиседековото свештенство се опишани.)

*Службите на Ароновото свештенство и нивните должности*

- Учење и завети 20:57–59 (Должностите на ѓаконите се дадени.)
- Учење и завети 20:53–59 (Должностите на учителите се дадени.)
- Учење и завети 20:46–52 (Должностите на свештениците се дадени.)
- Учење и завети 107:68–74, 87–88 (Должностите на епископите се дадени.)

*Службите на Мелхиседековото свештенство и нивните должности*

- Учење и завети 20:38–45; 42:44; 107:11–12 (Должностите на старешините се дадени.)
- Учење и завети 107:10, 12 (Должностите на врховните свештеници се дадени.)
- Учење и завети 107:39; 124:91–93 (Улогата на патријархот е опишана.)
- Учење и завети 107:25, 34, 93–97 (Должностите на Седумдесетте се дадени.)
- Учење и завети 18:26–33; 107:23, 33, 35, 39, 58; 112:30–32; 124:128 (Должностите на апостолите се дадени.)

*Клучевите на свештенството се овластување за раководење со користењето на свештенството*

- Учење и завети 65:2; 81:2; 124:123; 132:7 (Користењето на свештеничката власт е водено од оние кои ги имаат нејзините клучеви.)

*Носителите на свештенството се организирани во кворуми*

- Учење и завети 107:85–89 (Свештеничките кворуми и нивната големина се опишани.)

# УРЕДБИ

*Поглавје 21*

*Што можат да прават мажите и момчињата со свештенството?*

**Со свештенството мажите ја имаат истата власт да извршуваат уредби како што имаше и Исус**

Уредбите се свети церемонии изведени од оние што ја добиле власта на свештенството. Крштавањето, потврдувањето, ракополагањето на болни за нивно исцелување, како и благословувањето и раздавањето на сакраментот се некои од уредбите.

Кога Исус беше на земјата, извршуваше уредби за да им помага на луѓето. Исцелуваше болни и правеше слепи да прогледаат. Направи глуви да прослушаат и дури оживуваше мртви. Тој им раздаде сакрамент на Своите следбеници.

На мажите што го имаа свештенството Исус им даде моќ и власт да извршуваат уредби. Достојни мажи и момчиња што го имаат свештенството можат да извршуваат уредби. Тие извршуваат уредби за да нè благословат и да ни помогнат да станеме слични на нашиот Отец на небесата. Уредбите ни помагаат да се подготвиме да Му се вратиме и да живееме со Него.

Благодарејќи на тоа што Исус им даде свештенство на луѓе кои денес се на земјата, ние можеме во текот на својот живот да примиме многу благослови. Можеме да бидеме крстени, да го примиме дарот на Светиот Дух и засекогаш да бидеме соединети со своето семејство.

Претседателите на кворумите треба да ги поучуваат членовите на своите кворуми како да ги извршуваат уредбите. Ако некој што има свештенство треба да изврши уредба, а не знае како, треба да го замоли претседателот на кворумот да го поучи.



*Исус го даде сакраментот на последната вечера со Своите апостоли.*

***Разговор***

- Зошто се извршуваат уредби?

**Уредбите се извршуваат за да ни помогнат**

*Крштавање*

Крштавањето е првата уредба на Евангелието на Исус Христос. Пред некој да биде крстен, мора да има вера во Исус, да се покае за своите гревови и да сака да ги прави нештата за кои поучуваше Исус.

Само оној што има свештенство може да крштава други. За да крсти некого, мора да има дозвола од својот епископ или од претседателот на разгранокот. Оној што крштава влегува во водата заедно со оној што ќе биде крстен. Оној што крштава му се обраќа на име на оној што ќе биде крстен и кажува кратка молитва. Потоа го става оној што ќе биде крстен наполно под вода и повторно го вади од водата.

Молитвата што ја кажува оној што крштава е: „Овластен од Исус Христос, јас те крштавам од името на Отецот, и на Синот и на Светиот Дух. Амин."

***Разговор***

- Која е првата уредба на Евангелието на Исус Христос?

*Давање на дарот на Светиот Дух*

Кога некое лице е крстено, мажи што имаат Мелхиседеково свештенство ги положуваат своите раце на неговата глава и еден од нив кажува посебна молитва. Во таа молитва тие го потврдуваат лицето за член на Црквата на Исус Христос на светиите од подоцнежните дни и му велат: „Прими Го Светиот Дух." Тоа значи дека лицето добива право секогаш да го има водството на Светиот Дух ако искрено се труди да се покорува на Исусовите заповеди. Тоа давање на дарот на Светиот Дух е втората уредба на Евангелието на Исус Христос. Оној што ја извршува уредбата му дава на лицето благослов вдахновен од Светиот Дух. Мажите мора да имаат дозвола од својот епископ или од претседателот на разгранокот за да му го дадат на некого дарот на Светиот Дух.

***Разговор***

- Кој може да го даде дарот на Светиот Дух?

*Заредување во свештенство*

Давањето на свештенство на маж е уредба. Таа уредба мора да биде извршена од друг маж што има свештенство. Мора да имаат дозвола од



*Ние земаме сакрамент за да ни помогне да се сеќаваме на Исус Христос и на Неговото помирување.*

епископот или од претседателот на разгранокот за давање на Ароновото свештенство, како и дозвола од претседателот на колот за давање на Мелхиседековото свештенство. Голема чест е за мажот или момчето да го прими свештенството. Оние што ги одржуваат ветувањата дадени кога го примиле свештенството, засекогаш ќе го имаат свештенството.

***Разговор***
- Кој може да даде свештенство на друг?

*Сакрамент*

Оној што има свештенство кажува молитва за да ги благослови лебот и водата. Потоа тој или некој друг што има свештенство им дава на членовите на Црквата парче од лебот да го изедат и малку вода да се напијат. Тоа се вика сакрамент. Сакраментот е уредба.

Лебот и водата се симболи на Исусовото месо и крв. Тие ни помагаат да запомниме дека Тој го жртвува* Својот живот за нас. Треба да ја запомниме Неговата љубов кон нас. Треба да Му бидеме благодарни затоа што ни овозможи да ни бидат простени нашите гревови и повторно да живееме со нашиот Отец на небесата.

Секогаш кога земаме сакрамент, повторно го ветуваме она што Му го ветивме на нашиот Отец на небесата кога бевме крстени. Повторно ветуваме дека секогаш ќе го помниме Исус, дека сакаме да бидеме нарекувани со Неговото име и дека секогаш ќе се покоруваме на Неговите заповеди. Пред да го земеме сакраментот, треба да се покаеме за лошите работи што сме ги направиле и да мислиме на ветувањата што сме ги дале.

Нашиот Отец на небесата ни ветува дека, ако го правиме она што сме го ветиле, ќе го прати Светиот Дух секогаш да биде со нас.

Благословување на лебот

Исус ни даде посебни молитви за сакраментот. Ова е молитвата за лебот:

„О Боже, Вечен Оче, Те молиме од името на Твојот Син Исус Христос да го благословиш и посветиш овој леб за душите на сите оние што земаат дел од него, за да можат да го јадат со сеќавање на телото на Твојот Син и Ти посведочат, о Боже, Вечен Оче, дека сакаат да го преземат името на Твојот Син и секогаш да Го помнат и да се покоруваат на Неговите заповеди што им ги даде Тој; за да можат секогаш да го имаат Неговиот Дух со нив. Амин."

Благословување на водата

Ова е молитвата за водата:

„О Боже, Вечен Оче, Те молиме од името на Твојот Син Исус Христос да ја благословиш и посветиш оваа вода за душите на сите оние што пијат од неа, за да можат да го прават тоа со сеќавање на крвта на Твојот Син, што беше пролеана за нив; за да можат да Ти посведочат, о Боже, Вечен Оче, дека секогаш Го помнат за да можат да го имаат Неговиот Дух со нив. Амин."

***Разговор***

- Што е сакрамент?
- На што треба да мислиме кога оние што имаат свештенство благословуваат и раздаваат сакрамент?
- Што ветуваме кога го земаме сакраментот?

*Благословувањето на децата*

Мажите што имаат свештенство можат да благословуваат новороденчиња, обично неколку недели по нивното раѓање. За да го направат тоа, тие мора да имаат дозвола од епископот или од претседателот на разгранокот. Таткото на новороденчето може да го благослови новороденчето ако го има Мелхиседековото свештенство. Ако го нема Мелхиседековото свештенство, не може да го благослови новороденчето или да биде во кругот со мажите што го благословуваат новороденчето. Тој може да замоли некого што го има Мелхиседековото свештенство да го благослови новороденчето. Таткото, ако го има Мелхиседековото свештенство и е достоен, или некој друг што го има Мелхиседековото свештенство, го држи новороденчето в раце, помогнат од другите кои исто така мора да го имаат Мелхиседековото свештенство, и кажува молитва. Во молитвата тој Му се обраќа на нашиот Отец на небесата, кажува дека ја извршува уредбата со власта на Мелхиседековото свештенство и му дава на новороденчето име избрано од родителите. Потоа го благословува новороденчето вдахновен од Светиот Дух.

***Разговор***

- Што прави оној што го има Мелхиседековото свештенство кога благословува новороденче?

*Благословувањето на болни луѓе*

Ако некој се разболи, може да ги замоли мажите што го имаат Мелхиседековото свештенство да го благословат. Прво, еден од свештеничките

водачи го помазува болното лице. Тоа го прави така што става малку осветено масло на неговата глава, а потоа ги става рацете на неговата глава и кажува посебна молитва. Потоа тие ги ставаат рацете на главата на болниот, а еден од нив го потврдува помазанието и го благословува болниот, вдахновен од Светиот Дух. Многумина се почувствувале подобро или се исцелиле од болеста кога го примиле овој свештенички благослов. Благословувањето на болни луѓе е уредба.

Маслото што се употребува за помазание на болни е осветено за таа цел при друга уредба. За да се освети маслото, маж што има Мелхиседеково свештенство држи мал дел од маслото во отворен сад и кажува посебна молитва.

Маж што има Мелхиседеково свештенство не треба да има дозвола од епископот, претседателот на разгранокот или претседателот на колот за да ги изврши тие уредби.

***Разговор***

- Кој може да ги благословува луѓето кога се болни?

*Таткото може да благословува членови на своето семејство*

Татко што има Мелхиседеково свештенство може да благословува членови на своето семејство. Тоа може да го прави кога некој член на семејството е болен или му е потребна посебна помош. Тој не треба да има дозвола од епископот, од претседателот на разгранокот или од претседателот на колот за да го направи тоа. Таткото ги става своите раце на главата на оној што го прима благословот и кажува молитва. Во молитвата му ги дава благословите за кои Светиот Дух во неговите мисли му кажува да ги даде. Благословувањето на членови на семејството е уредба.

***Разговор***

- Кога може таткото да благословува членови на своето семејство?

**Некои уредби се толку важни што секој мора да ги прими**

Некои свештенички уредби му се потребни секому за да може да се врати и да живее со нашиот Отец на небесата. Две од тие уредби се крштавањето и примањето на дарот на Светиот Дух. Мажите и момчињата исто така мора да го примат свештенството. Другите уредби, како што е татковото благословување на членовите на неговото семејство, се извршуваат кога ни треба помош и утеха.

### *Разговор*

- Наведете некои уредби.
- Каков благослов носи секоја уредба?

### *Референци*

*Со свештенството мажите ја имаат истата власт да извршуваат уредби како што имаше и Исус*

- Матеј 16:19; Марко 3:14 (Исус им даде свештенство на Своите апостоли)
- Марко 1:34 (Исус исцелува болни и истерува зли духови.)
- Дела 19:1–6 (Апостолите на Исус извршуваат уредби.)

*Уредбите се извршуваат за да ни помогнат*

- Матеј 19:14–15 (Исус ги благословуваше малите деца.)
- Матеј 26:26–28 (Исус го благослови сакраментот за Своите ученици.)
- Дела 8:17 (Апостолите на Исус го даваа Светиот Дух.)
- Јаков 5:14 (Старешините треба да стават малку масло на главата на болниот и да го благословат.)
- 3 Нефи 11:23–28 (Даден е начин како да се извршува крштавањето.)
- Морони 4; 5 (Исус им ги даде молитвите за благословување на сакраментот на луѓето што живееја одамна.)
- Морони 6:1–3 (Дадени се барања за оние што треба да го примат крштавањето.)

*Некои уредби се толку важни што секој мора да ги прими*

- Јован 3:5; 2 Нефи 31:17–18 (Ние мора да бидеме крстени и да го примиме дарот од Светиот Дух за да се вратиме кај нашиот Отец на небесата.)
- Учење и завети 84:33–42 (Мажите и момчињата мора да имаат свештенство за да ги примат најголемите благослови на нашиот Отец на небесата.)
- Учење и завети 124:39; 131:1–4; 132 (Човек мора да добие храмски уредби за да стекне вечен живот.)

# СЛЕДЕЊЕ НА ИСУС ХРИСТОС

*Седми дел*





*Исус Му покажа покорност на Својот Отец со тоа што се крсти.*

# ПОКОРНОСТ

*Поглавје 22*

*Нашиот Отец на небесата ни ги кажа нештата што мора да ги правиме за да бидеме среќни и да се вратиме да живееме со Него. Како можеме да научиме да ги правиме тие нешта?*

**Нашиот Отец на небесата ни дава закони затоа што нè сака**

Нашиот Отец на небесата сака да бидеме среќни овде, на земјата, затоа што нè сака. Тој, исто така, сака да Му се вратиме за да ја имаме радоста што ја има Тој. Тоа можеме да го направиме само ако ја користиме способноста што Тој ни ја даде да станеме како Него.

Нашиот Отец на небесата знае што мораме да правиме ние за да станеме како Него. Тој ни даде заповеди кои ни кажуваат што е добро за нас да правиме. Ни кажува и што не е добро за нас да правиме.

Секоја заповед дадена од нашиот Отец на небесата е за наше добро и ќе ни помогне. Тие заповеди можат да ни бидат водачи низ нашиот живот и ако им се покоруваме ќе бидеме среќни.

Секој од нас прекршил некои заповеди на нашиот Отец на небесата. Бидејќи сме ги прекршувале заповедите на нашиот Отец на небесата, сме грешеле. Бидејќи сме грешеле, одвоени сме од нашиот Отец на небесата. Вистинската казна за нашите гревови за нас претставува одвојувањето од нашиот Отец на небесата засекогаш.

Но нашиот Отец на небесата нè сака. Тој најде начин како да се плати казната за нашите гревови. Го прати Својот Син Исус да ја плати казната за нашите гревови. Исус ја плати казната, а ние можеме да Му се вратиме на нашиот Отец на небесата имајќи вера во Исус. Да имаме вера во Исус значи да Му веруваме и да станеме Негови покорни следбеници. Оние што имаат вера во Исус, се покоруваат на Неговите заповеди. Првиот чекор за враќање кон нашиот Отец на небесата е да

имаме вера во Исус, искрено трудејќи се да Му бидеме покорни. Потоа, ако продолжиме да Му бидеме верни на Исус, Тој ќе ни помогне да им се покоруваме на сите заповеди на нашиот Отец на небесата и нашиот Отец на небесата ќе ни прости за нашите гревови.

Некои од заповедите на Исус се за сите членови на Црквата. Тој ги дава нив во Светите писма и преку Своите пророци. Некои заповеди ни ги дава поединечно, преку Светиот Дух. На пример, Светите писма и пророците ни кажуваат дека сите членови на Црквата треба да помагаат другите да се поучат за Евангелието. Но Светиот Дух ќе ни каже на секој од нас што можеме да направиме поединечно за да ги поучуваме за Евангелието членовите на нашето семејство, пријателите и соседите. Ако ги проучуваме Светите писма, ако ги слушаме зборовите на пророците и ги следиме шепотењата на Светиот Дух, секогаш ќе ги знаеме нештата што треба да ги правиме.

***Разговор***

- На кој начин заповедите на нашиот Отец на небесата и на Исус ни ја покажуваат нивната љубов кон нас?
- Како можеме да знаеме што ни рекоа да правиме нашиот Отец на небесата и Исус?

**Секоја заповед на нашиот Отец на небесата е важна**

Треба да сакаме да правиме сѐ што Исус ни заповеда да правиме. Сите Негови заповеди се важни и ни помагаат да се подготвиме да живееме со нашиот Отец на небесата. Библијата ни ја кажува приказната за човекот наречен Наман. Тој беше многу болен и сакаше пророкот Елисеј да го исцели. Го остави својот дом и отиде во земјата каде што живееше Елисеј. Елисеј го прати својот слуга да му рече на Наман да се искапе седумпати во реката Јордан и ќе биде исцелен.

Наман беше лут кога му го кажаа тоа. Се прашуваше зошто треба да оди до реката Јордан кога имаше многу прекрасни реки онаму каде што живееше. Но иако беше лут, Наман реши да се покори. Бидејќи се покори, беше исцелен. Ако не се покореше, немаше да биде исцелен.

Некои луѓе мислат дека Исусовите заповеди се премногу тешки за да можат да им се покорат. Еднаш живееше еден млад човек што се викаше Нефи, кој, заедно со неговите браќа, беше замолен да направи нешто многу тешко. Исус им рече да се вратат во градот Ерусалим за да земат некои важни Писма. Неговите браќа рекоа дека не можат да го направат тоа. Тоа беше премногу тешко. Но Нефи рече дека ќе

направи како што му рече Исус да направи. Рече дека, кога Исус ни вели да направиме нешто, без оглед на тоа колку може тоа да ни изгледа тешко, Тој ни помага да го направиме тоа.

Исус ни рече дека треба да се трудиме да станеме слични на нашиот Отец на небесата. Тој немаше да ни го рече тоа ако не знаеше дека можеме да го направиме.

Исус е како нашиот Отец на небесата затоа што не грешеше. Сите ние грешевме, но можеме да станеме како нашиот Отец на небесата преку верата во Исус и преку покајанието.

Некогаш можеби нема да ја разбереме причината за некоја од Исусовите заповеди. Но ако Го сакаме Исус и ако Му веруваме, ќе го направиме она што Тој ни вели да го направиме. Ќе Му се покориме, иако нема да разбереме зошто ни рекол да направиме нешто. Адам и Ева го направија тоа. Исус им рече на Адам и Ева да Му понудат жртви* на нашиот Отец на небесата. Еден ден еден ангел дојде кај Адам и го праша зошто понуди жртви. Адам рече дека не знае зошто, но дека Исус му рече да постапи така. Тогаш ангелот му ја кажа на Адам причината за законот и го поучи Адам за Евангелието. Исус беше задоволен од Адам затоа што Му се покори и пред да ја знае причината за законот.

Треба да се покоруваме на Исусовите заповеди затоа што Го сакаме и сакаме да Му се покоруваме. Нашиот Отец на небесата рече дека е задоволен од оние што сакаат да Му се покоруваат на Исус. Тој е тажен кога Неговите чеда не Му се покоруваат на Исус додека не им се случи нешто што ќе ги присили да се покорат. Нашиот Отец на небесата сака сите Негови чеда да научат да Го сакаат Исус зашто тоа е единствениот начин да се вратат кај нашиот Отец на небесата.

***Разговор***

- Зошто е важно да се покоруваме на Исусовите заповеди дури и кога изгледа премногу тешко да се покориме?
- Зошто треба да се покориме на заповедите дури и кога не ги разбираме?
- Зошто е важно да се покориме затоа што сакаме да се покориме?

### Кога го сакаме нашиот Отец на небесата, сакаме да Му се покоруваме на Исус

Исус направи сè што нашиот Отец на небесата Му заповеди да направи. Исус Му се покори на нашиот Отец на небесата затоа што го сакаше нашиот Отец на небесата. Сатаната го искушуваше Исус да не Го

послуша нашиот Отец на небесата. Исус не ги направи нештата за кои сатаната Го искушуваше да ги направи.

*Првата и најважна заповед е да Го сакаме нашиот Отец на небесата*

Кога Го сакаме нашиот Отец на небесата, сакаме да Му се покориме како што Исус го направи тоа. Можеме уште повеќе да Го сакаме нашиот Отец на небесата ако научиме повеќе за Него. Треба да научиме за Него и за тоа што прави Тој за нас. Тоа го учиме читајќи ги Светите писма и слушајќи ги водачите на Црквата на Исус Христос. Кога Го сакаме нашиот Отец на небесата, ќе го сакаме и Исус, поради она што Исус го направи за да ни помогне да се вратиме кај нашиот Отец на небесата. Учиме да Го сакаме Исус со правење на нештата што Тој ни заповеда да ги правиме. Колку поголема станува нашата љубов кон нашиот Отец на небесата и кон Исус толку полесно станува покорувањето на нивните заповеди.

*Втората голема заповед е да ги сакаме сите луѓе*

Исус ни рече да ги сакаме другите луѓе и да им помагаме. Ни рече дека кон нив треба да се однесуваме онака како што би сакале тие да се однесуваат кон нас. Рече дека за нив не треба да зборуваме лоши работи. Треба да им простиме за нивните грешки. Треба да правиме сè што можеме за да им помагаме на другите.

Кога Ги сакаме нашиот Отец на небесата и Исус, ги сакаме другите и им помагаме. Кога ги сакаме и им служиме на Исус и на другите луѓе, покорувањето на заповедите на нашиот Отец на небесата и на Исус станува полесно.

***Разговор***

- Кои се двете големи заповеди?
- Како ни помага Исусовиот пример да се покориме на заповедите на нашиот Отец на небесата?
- Како можеме да научиме да Ги сакаме нашиот Отец на небесата и Исус и да сакаме да се покоруваме на нивните заповеди?

### Секој благослов што го добиваме доаѓа поради покорноста

Нашиот Отец на небесата нè благословува кога се покоруваме на Неговите заповеди. Тој ветува благослов за секоја заповед на која ќе се покориме. Секогаш кога се покоруваме на некоја заповед, добиваме благослов за тоа. Ако не се покориме на заповедта, не можеме да очекуваме да го добиеме ветениот благослов.

Некои од благословите што доаѓаат поради покорувањето на заповедите на нашиот Отец на небесата се среќата, слободата од стравот, доброто здравје и повеќе знаење и способност. Најголемиот благослов што ни го ветува нашиот Отец на небесата е дека можеме да станеме како Него и да живееме со Него засекогаш. Тој благослов можеме да го добиеме со покорување на сите Негови заповеди.

Кога искрено се трудиме да се покориме на заповедите на нашиот Отец на небесата, важно е да запаметиме дека тоа можеме да го направиме само со помошта од Исус. Исто така, треба да запаметиме дека, кога не се покоруваме, нашиот Отец на небесата ќе ни прости кога ќе имаме вера во Исус Христос и ќе се покаеме. Бидејќи сите сме грешеле, треба да бидеме многу благодарни за помирувањето на Исус Христос. Поради Неговото помирување нашиот Отец на небесата може да ни прости и да нѐ благослови и да ни помогне да станеме покорни. Сами никогаш не би биле достојни за благословите на нашиот Отец на небесата.

***Разговор***

- Кои благослови можете да ги примите поради покорноста кон нашиот Отец на небесата?
- Како ни помага Исус да ги добиеме тие благослови?
- Како можеме да го добиеме најголемиот благослов од нашиот Отец на небесата?

***Референци***

*Нашиот Отец на небесата ни дава закони затоа што нѐ сака*

- Јован 15:10–14 (Ако се покоруваме на заповедите на нашиот Отец на небесата, и понатаму ќе знаеме дека Тој нѐ сака.)

*Секоја заповед на нашиот Отец на небесата е важна*

- 2 Царства 5:1–14 (Пророкот Елисеј му кажа на Наман што да направи за да биде исцелен.)
- 1 Нефи 3:1–7 (Исус ни дава начин како да се покоруваме на Неговите заповеди.)
- 3 Нефи 12:48 (Исус ни рече да станеме совршени.)

*Кога го сакаме нашиот Отец на небесата, сакаме да Му се покоруваме на Исус*

- Матеј 22:37–40 (Исус ги дава двете големи заповеди.)
- Јован 8:29 (Исус секогаш ги правеше оние работи со кои беше задоволен Неговиот Отец.)

- Јован 14:15, 21–24 (Ако Ги сакаме нашиот Отец на небесата и Исус, ќе се покоруваме на нивните заповеди.)
- 1 Коринтјаните 2:9 (Нашиот Отец на небесата подготви големи благослови за оние што Го сакаат.)

*Секој благослов што го добиваме доаѓа поради покорноста*

- Изреки 3:1–4; Еремија 7:23 (Нашиот Отец на небесата вети дека ќе ги благослови луѓето ако Му се покорат.)
- 2 Нефи 2:3–9; Алма 22:14; Морони 6:4 (Не можеме сами да бидеме достојни за благословите на нашиот Отец на небесата, туку во тоа ни помага нашиот Спасител.)
- Мосија 2:24 (Нашиот Отец на небесата нè благословува кога Му се покоруваме.)
- Мосија 2:41 (Оние што се покоруваат на заповедите примаат многу благослови и се среќни.)

# ЖРТВУВАЊЕ

*Поглавје 23*

*Да се откажеме од нешто за да му помогнеме на некој друг претставува дел од планот на нашиот Отец на небесата да ни помогне да станеме како Него. Дали некогаш сте го почувствувале тоа чувство на среќа што доаѓа кога се откажувате од нешто за да му помогнете на некој друг?*

**Исус го жртвува Својот живот за нас**

За да Му се покориме на нашиот Отец на небесата, често мора да се жртвуваме. Да се жртвуваме значи да се откажеме од нешто за да му помогнеме на некој друг. Исус ја направи најголемата жртва. Тој страдаше за нашите гревови. Потоа го даде Својот живот за нас.

Бидејќи Исус го даде Својот живот за нас, секој од нас повторно ќе живее по смртта. Сите ние ќе имаме совршено тело кое никогаш нема повторно да умре. Тоа се вика воскресение. Исто така, на оние што имаат вера во Исус, со покајувањето за нивните гревови ќе им биде простено за нивните гревови поради тоа што Исус го направи и ќе бидат способни да Му се вратат на нашиот Отец на небесата.

Од времето кога живееше Адам до времето кога живееше Исус Христос, луѓето жртвуваа животни за нашиот Отец на небесата. Луѓето ги избираа најдобрите животни во стадото за жртва. Тоа секогаш беа прворододени машки животни. По одбирањето на животните, луѓето ги убиваа и гореа нивни делови како прилози за нашиот Отец на небесата.

Луѓето ги жртвуваа животните за да се покорат на законот на нашиот Отец на небесата. На тој начин ја покажуваа својата готовност да Му се покорат на нашиот Отец на небесата, дури и кога тоа значеше откажување од нешто што им беше важно. Нашиот Отец на небесата им заповеда да жртвуваат животни за да ги потсети дека Тој ќе Го жртвува Својот Син за нив. Исус, првородниот Син на нашиот Отец на

небесата, ќе дојде на светот и ќе биде совршен во секој поглед. Тој ќе дозволи да биде жртвуван за нашите гревови.

Откако Исус го даде Својот живот, им заповеда на луѓето веќе да не жртвуваат животни. Ни даде сакрамент да нè потсетува за големата жртва што ја направи Тој за нас. Лебот и водата на сакраментот ги претставуваат месото и крвта на Исус што Тој ги даде за нас кога умре.

***Разговор***
- Што претставуваше жртвувањето на животни во минатото?

**Жртвувањето е дел од планот на нашиот Отец на небесата за нас**

Нашиот Отец на небесата сега бара од нас да се жртвуваме на друг начин. Тој ни заповеда да ја направиме жртвата на скршено срце и покајнички дух. Тоа значи да се откажеме од своите гревови и од својата горделивост. Значи, да бидеме подготвени да се сеќаваме на Исус и да ги почитуваме Неговите заповеди, без оглед на тоа колку е тоа тешко. Тоа значи дека:

1. Имаме вера во Исус, се каеме за своите гревови, крстени сме и ги почитуваме Исусовите заповеди.
2. Им кажуваме на другите луѓе за своето верување во Исус, за да можат и тие да станат Негови следбеници и да ѝ се придружат на Црквата.
3. Подготвени сме во Исусовата Црква да ја направиме било која работа што Тој сака да ја направиме.
4. Мажите се подготвени да го прифатат свештенството и да им помогнат на своето семејство и на другите да живеат на начин на кој ќе бидат подготвени во следниот живот да се вратат кај нашиот Отец на небесата.

За да се вратиме кај нашиот Отец на небесата, мора да бидеме подготвени да дадеме сè што Исус бара од нас да дадеме. Апостол Павле рече дека времето што го поминуваме на земјата треба да го искористиме за помагање на Исусовото дело.

***Разговор***
- Како можете да покажете дека денес ја помните жртвата на Исус?

Еден богат човек Го праша Исус што треба да прави за да живее засекогаш со нашиот Отец на небесата. Исус му рече да се покорува на сите заповеди на нашиот Отец на небесата. Богатиот човек одговори дека тој се покорувал на заповедите уште од времето кога бил млад.



*Богатиот млад владетел немаше вера за да ги жртвува работите што ги поседуваше и да Го следи Исус.*

Исус ми рече дека постои уште едно нешто што мора да го направи. Мораше да продаде сè што имаше. Потоа мораше да им ги даде парите на сиромасите и да Го следи Исус. Кога богатиот го слушна тоа, беше тажен. Не сакаше да ги даде сите работи што ги имаше и да Го следи Исус.

Богатиот беше добар човек. Искрено се трудеше да се покорува на заповедите. Но кога Исус побара од него да даде сè што има и да Го следи, не сакаше да го направи тоа.

Двајца од апостолите на Исус, Петар и Андреј, беа подготвени да се откажат од сè што имаа за да Го следат Исус. Кога Исус побара од нив да Го следат, тие ја оставија својата работа и Го следеа.

Авраам исто така беше подготвен сè што има да Му даде на нашиот Отец на небесата. Авраам живееше на земјата пред да се роди Исус. Во тоа време нашиот Отец на небесата сè уште бараше од луѓето да жртвуваат животни. Му заповеда на Авраам да го жртвува својот син, што беше искушение за да види дали Авраам ќе Му се покори. Авраам беше готов да се покори. Изгради олтар и го стави својот син на него. Кога Авраам беше подготвен да го убие својот син, еден ангел го спречи. Ангелот му рече на Авраам дека не мора да го жртвува својот син. Нашиот Отец на небесата знаеше дека Авраам беше готов да даде сè што Тој заповеда да даде, дури и сопствениот син. Авраам Го сакаше нашиот Отец на небесата толку многу што беше готов да направи сè што заповеда нашиот Отец на небесата. Нашиот Отец на небесата го благослови Авраам затоа што Авраам беше готов сè да жртвува за Него.

***Разговор***

- Кој е пример на човек што не беше подготвен да даде сè што Исус му заповеда да даде?
- Кој е пример на човек што беше подготвен да даде сè што нашиот Отец на небесата му заповеда да даде?
- Што би направиле вие во такви ситуации?

### Можеби ќе мораме да жртвуваме некои работи за Исусовото дело

Нашите семејства можеби ќе нè отфрлат ако Го следиме Исус. Други луѓе можеби ќе ни се смеат или ќе се обидат да нè повредат кога се покоруваме на Неговите заповеди. Можеби ќе ја загубиме работата поради тоа што сме се приклучиле кон Црквата на Исус Христос.



*Авраам имаше толку голема вера што беше подготвен да го жртвува својот син Исак на заповед на Господ.*

Можеби ќе мораме да ги користиме своите пари и своето време за да одиме и да поучуваме други за Исус. Можеби ќе мораме да го трошиме своето време за да им помагаме на водачите на Црквата да го извршуваат Неговото дело. Можеби ќе мораме да ги користиме своето време и своите пари за да им помагаме на другите во нашето семејство кога тие го извршуваат Исусовото дело. Нашиот Отец на небесата можеби ќе сака од нас поскоро да го дадеме својот живот отколку да се откажеме од своето сведоштво за Исус.

***Разговор***

- Како би се чувствувале кога од вас би било побарано да се откажете од најомилените нешта што ги поседувате?
- Колку сте подготвени да се жртвувате за делото на Исус?

**Жртвувањето донесува благослови што не можат да дојдат на никаков друг начин**

Жртвувањето ни помага да станеме несебични. Учиме да Му служиме на нашиот Отец на небесата и да им помагаме на другите луѓе. Учиме дека, кога правиме нешто за другите, стануваме среќни. Учиме дека правењето на она што Исус ни заповеда да го правиме е поважно од било која материјална работа што би можеле да ја имаме на оваа земја. Учиме дека е подобро да им служиме на другите отколку да мислиме само на себе. Кога се жртвуваме своеволно, откриваме дека нашиот Отец на небесата ни дава благослови многу подобри од сето она од што сме се откажале.

Жртвувањето за други ни помага подобро да разбереме што направи Исус за нас. Тој нè сакаше доволно за да го даде својот живот за нас. Кога жртвуваме нешто за нашиот Отец на небесата или за другите луѓе, уште повеќе ги сакаме. Стануваме исполнети со љубов и послични на Исус и на нашиот Отец на небесата.

Не е лошо да поседуваме многу работи. Нашиот Отец на небесата некогаш ни ги дава тие работи за да можеме да им помагаме на другите. Но тешко е да не ги сакаме работите што ги поседуваме и парите. Напорно работиме за да ги заработиме. Некои од тие работи ни се неопходни за нашиот живот. Но не смееме да се грижиме за тие работи толку многу за да не можеме да се откажеме од нив кога Му требаат на нашиот Отец на небесата за да им помогне на другите Свои чеда.

На сите членови на Црквата на Исус Христос служењето на нашиот Отец на небесата и на Исус треба да им биде најважното нешто

во животот. Кога го правиме она што водачите на Црквата на Исус Христос го бараат од нас, покажуваме дека Ги сакаме нашиот Отец на небесата и Исус повеќе отколку што ги сакаме работите што ги поседуваме. Треба да го жртвуваме своето време за да им помогнеме на водачите да ги поучуваат другите и да им служат. За да станеме достојни да живееме со нашиот Отец на небесата, мора да бидеме подготвени да дадеме сè што имаме за да го помогнеме Исусовото дело, ако Тој го бара тоа од нас.

Исус им вети големи благослови на оние што Му се покорни и што Му служат. Рече дека не можеме ни да ги замислиме прекрасните нешта што ќе ги добиеме подоцна ако сега се жртвуваме за Неговото дело.

### *Референци*

*Исус го жртвуваше Својот живот за нас*

- Лука 9:57–62 (Да му се покоруваме на Исус е поважно од било која друга работа во нашиот живот.)
- Јован 15:12–13 (Исус ја покажа Својата голема љубов кон нас давајќи го Својот живот за нас.)

*Жртвувањето е дел од планот на нашиот Отец на небесата за нас*

- Создавање 22:1–14 (На Авраам му беше речено да го понуди својот син Исак како жртва.)
- Матеј 4:18–20 (Исус ги повика Петар и Андреј да бидат Негови ученици.)
- Римјаните 12:1 (Треба да го искористиме своето време за да Му служиме на нашиот Отец на небесата.)

*Можеби ќе мораме да жртвуваме некои работи за Исусовото дело*

- Учење и завети 64:23 (Ова е време на жртвување.)
- Учење и завети 97:8 (Нашиот Отец на небесата ги прифаќа оние што се подготвени да се жртвуваат за Него.)

*Жртвувањето донесува благослови што не можат да дојдат на никаков друг начин*

- Матеј 19:29 (Исус им ветува големи благослови на оние што се жртвувале за доброто на Евангелието.)
- Лука 12:16–34 (Треба прво да се стремиме кон царството на нашиот Отец на небесата, а после кон работите од овој свет.)



*Недела е ден за богослужение*

# ДЕН ЗА БОГОСЛУЖЕНИЕ

*Поглавје 24*

*Нашиот Отец на небесата ни рече да користиме еден ден во седмицата за да Му се поклонуваме. Многу благослови добиваме кога тој ден го празнуваме како свет ден.*

**Нашиот Отец на небесата ни даде ден за богослужение за да ни помогне**

Нашиот Отец на небесата знае дека имаме многу проблеми. Секој ден мораме да правиме многу работи. Мораме да работиме за да набавиме храна и облека. Мораме да ја подготвуваме својата храна и да ги извршуваме другите дневни работи секој ден.

Извршувајќи ги сите тие работи, лесно е да го заборавиме нашиот Отец на небесата. Исто така, лесно е да ги заборавиме работите што нашиот Отец на небесата сака да ги правиме. Повеќе мислиме на нашите дневни потреби отколку на нашиот Отец на небесата.

Нашиот Отец на небесата знае дека ни треба време за да мислиме на Него. Ни треба време за да научиме што сака Тој да правиме. Поради тоа Тој ни рече да искористиме еден ден на секои седум дена за да се одмориме од својата работа и да учиме за Него.

Нашиот Отец на небесата ја создаде земјата преку Исус Христос за време од шест периоди. Тие периоди Тој ги нарече денови. Седмиот ден Тој се одмори од работата на создавањето на оваа земја. Тој ни рече дека еден ден во седмицата треба да се одмораме од својата дневна работа.

**Нашиот Отец на небесата ни кажа кој ден е ден за богослужение**

Нашиот Отец на небесата им рече на луѓето во минатото да го користат седмиот ден од седмицата како ден за богослужение. Тој ден им

помага на луѓето да запомнат дека, откако ја создаде земјата, Тој се одмори седмиот ден.

Откако умре Исус, беше воскреснат во првиот ден од седмицата. Исусовите следбеници го користеа првиот ден од седмицата како ден за богослужение што ќе им помогне на луѓето да го запаметат и слават денот на Исусовото воскресение. Тој ден го викаме Господов ден. (Исус некогаш е нарекуван Господ.) Исто така, го викаме и сабат.* Иако е тој поинаков ден од седмицата од оној што во минатото се користеше за богослужение, сè уште е еден од седумте денови. Сè уште ја извршуваме нашата вообичаена работа шест дена во седмицата. А седмиот ден Му се поклонуваме на нашиот Отец на небесата.

Во сегашно време, многумина го користат првиот ден од седмицата, а тоа е неделата, како ден за богослужение. Во неколку случаи нашиот Отец на небесата му рече на Својот пророк дека Неговите луѓе во некои земји можат да користат друг ден како ден за богослужение.

**Господовиот ден можеме да го празнуваме како свет ден**

Има многу работи што треба да ги направиме во Господовиот ден. Најважното што можеме да го направиме е да мислиме на нашиот Отец на небесата и на Исус во текот на денот. Треба да мислиме на работите што Тие сакаат да ги знаеме и да ги правиме. Некои од работите што можеме да ги правиме во денот за богослужение, а кои ќе ни помогнат да се сеќаваме на нашиот Отец на небесата и да учиме за него, се:

1. Да ги проучуваме Светите писма што поучуваат за нашиот Отец на небесата и за Исус.
2. Да им помагаме на другите да научат за Црквата.
3. Да го поучуваме своето семејство за нашиот Отец на небесата и за Исус, како и за тоа што сакаат Тие да правиме.
4. Да присуствуваме на црковните состаноци и часови каде што можеме заедно да учиме за Евангелието. Можеме да учиме за Исус и за другите поучувања за Евангелието, а можеме и меѓусебно да си кажуваме за нештата што ги направиле за нас нашиот Отец на небесата и Исус.
5. Да се одмориме од работата што ја вршиме во другите денови од седмицата.
6. Да се молиме.
7. Да ги посетуваме оние што се болни и да им помагаме да се чувствуваат подобро.

8. Да запишуваме некои од работите што им се случуваат на нашите семејства за да можеме подоцна да се сетиме на нив.

Членовите на Црквата на Исус Христос треба да земаат сакрамент на денот за богослужение. Можат да се подготват за земање на сакрамент со размислување за Исус и за работите што Тој ги направи за нас. Треба да Го замолат нашиот Отец на небесата да им помогне да Го запаметат Исус. Кога го земаат сакраментот треба да ги запаметат светите ветувања што ги дале. Треба да мислат за работите што им ги вети нашиот Отец на небесата ако Му се покоруваат на Исус.

Постојат многу нешта што не треба да ги правиме на денот за богослужението. Не треба да работиме. Не треба да бараме од своето семејство, од своите слуги или од своите животни да работат. Не треба да читаме нешто, да гледаме програма на телевизија или да слушаме музика што ќе нè спречи во размислувањето за нашиот Отец на небесата и за Исус. Не треба да одиме на спортски настани. Не треба нешто да купуваме или да продаваме. Овие работи може да изгледаат важни, но тие нема да ни помогнат на тој свет ден да размислуваме за нашиот Отец на небесата и за Исус.

Можеби ќе дојде време кога ќе мораме да работиме на денот за богослужение, но треба да се трудиме да не го правиме тоа. Ако работењето е апсолутно потребно, треба да се трудиме да размислуваме за нашиот Отец на небесата и за Исус додека работиме.

***Разговор***
- Што треба да правиме на Господовиот ден?
- Што не треба да правиме на денот за богослужение?

**Нашиот Отец на небесата нè благословува поради тоа што го празнуваме Господовиот ден како свет ден**

Целта на денот за богослужение е секогаш иста. Тоа е ден за одмор од работата што ја извршуваме секој ден. Тоа е ден за учење за нашиот Отец на небесата и за подготвување за животот со Него. Тоа е ден кога можеме да го подобриме својот живот така што ќе научиме повеќе за тоа што сака да правиме нашиот Отец на небесата.

Тој ден е добар за нас. Ни помага да Го запаметиме нашиот Отец на небесата и причината за нашето постоење овде, на земјата. Кога го правиме нештата што нашиот Отец на небесата сака да ги правиме на Господовиот ден, добиваме благослови. Нашите семејства се посреќни. Нашите тела се освежуваат. Стануваме поблиски со нашиот Отец на

небесата и со Неговите поучувања. Ќе станеме способни посилно да го почувствуваме влијанието на Светиот Дух во текот на седмицата. Бидејќи сме биле покорни, нашиот Отец на небесата ќе ни помогне да набавиме храна, облека и други работи што ни требаат. Ќе ни помогне да научиме повеќе за Него и да бидеме среќни.

***Разговор***

- Наведете некои од причините поради кои треба денот за богослужение да го празнуваме како свет ден.

***Референци***

*Нашиот Отец на небесата ни даде ден за богослужение за да ни помогне*

- Создавање 2:2–3 (Нашиот Отец на небесата се одмори од Својата работа на седмиот ден.)
- Излез 20:8 (Нашиот Отец на небесата ни заповеда денот за богослужение да го празнуваме како свет ден.)
- Излез 35:1–3 (На денот за богослужение треба да се одмараме.)
- Марко 2:27 (Нашиот Отец на небесата ни даде ден за богослужение за да ни помогне.)
- Мосија 18:23 (Денот за одмор треба да го празнуваме како свет ден.)

*Нашиот Отец на небесата ни кажа кој ден е ден за богослужение*

- Дела 20:7 (Апостолите зедоа сакрамент во првиот ден од седмицата.)
- 1 Коринтјаните 16:2 (Луѓето се подготвија за богослужение на првиот ден.)

*Господовиот ден можеме да го празнуваме како свет ден*

- Излез 20:9–10 (Нашиот Отец на небесата ни кажува дека не треба да работиме на седмиот ден.)

*Нашиот Отец на небесата нѐ благословува поради тоа што го празнуваме Господовиот ден како свет ден*

- Исаија 58:13–14 (Нашиот Отец на небесата ќе нѐ благослови ако денот за богослужение го празнуваме како свет ден.)

# ЗАКОНОТ ЗА ЧЕДНОСТА

*Поглавје 25*

*Нашиот Отец на небесата ни даде света моќ да имаме деца. Тој ни кажа како да ја користиме таа моќ. Ако ја користиме правилно, можеме да бидеме многу среќни.*

## Нашиот Отец на небесата ни рече да имаме деца и да се покоруваме на законот за чедноста

Откако Адам и Ева се венчаа, нашиот Отец на небесата им рече да имаат деца. Им рече на Адам и на неговата жена Ева да имаат деца, за духовите на небесата да можат да дојдат на земјата и да добијат тело од месо и коски. Телото од месо и коски е еден од најголемите дарови што ни ги дал нашиот Отец на небесата. Нашиот Отец на небесата има тело од месо и коски и сака Неговите чеда да станат слични на Него.

Моќта да се имаат деца е многу света. Нашиот Отец на небесата ни даде закон што ни кажува како да ја користиме таа моќ. Тој закон е наречен закон за чедноста. Тој вели дека сексуални односи треба да имаме само со лице со кое сме службено венчани. Тоа значи дека не смееме да имаме сексуални односи пред бракот, а по венчавањето треба да имаме сексуални односи само со нашиот сопруг или сопруга.

Да се изврши абортус или да се отстрани нероденото дете од утробата на мајката и да се дозволи тоа да умре или да се убие бебето додека е сè уште во мајката, е погрешно освен ако постојат посебни околности кои треба внимателно да се разгледаат со молитва и со помош од нашиот епископ или претседател на разгранокот. Не треба на никого да му помагаме да изврши абортус.

Родителите се тие што треба да ги поучат своите деца за законот за чедноста. Родителите треба да ги поучат дека нивните тела се свети и на никого не треба да му дозволат да допира одредени делови од

нивните тела. Треба да ги поправат погрешните мисли и зборови што нивните деца ги учат од другите.

Кога децата ќе пораснат, родителите треба да ги поучат дека нашиот Отец на небесата ни дал моќ да имаме деца и дека користењето на таа моќ во бракот е добро. Кога нашите деца ќе наврshat 12 или 13 години, веќе би требало да сме им помогнале да разберат како се создадени децата. Треба да ги поучуваме уште во нивната рана возраст на мошне внимателен начин, за да ги заштитиме да не бидат повредени или поучувани на погрешен начин.

***Разговор***

- Зошто нашиот Отец на небесата ни даде моќ да имаме деца?
- Што е законот за чедноста?
- Што треба да ги поучуваме децата за нивните тела?

**Сатаната сака да го прекршиме законот за чедноста**

Сатаната сака да нè спречи да Му се вратиме на нашиот Отец на небесата. Сатаната сака да го прекршиме законот за чедноста. Тој сака да мислиме дека моќта да се имаат деца не е света. Сака да мислиме дека прекршувањето на законот за чедноста не е грев.

Сатаната користи паметни начини да нè наговори да го прекршиме тој закон. Се обидува да нè натера да мислиме дека е прифатливо да им дозволиме на другите да го гледаат и допираат нашето тело. Сатаната сака да имаме лоши мисли. Нè наговара да гледаме слики, филмови и танци што нè искушуваат да бидеме нечедни. Исто така, тој нè наговара да учествуваме во таквите танци и да слушаме приказни, шеги и музика што нè искушуваат за нечедноста. Сатаната сака да ги правиме тие работи за да не ни биде свето нашето тело, па така моќта да имаме деца да ја користиме на погрешен начин.

Сатаната некогаш нè искушува преку нашите чувства. Сатаната знае кога сме осамени, збунети или несреќни. Тој ги одбира тие моменти на слабост за да нè натера да посакаме да го прекршиме законот за чедноста. Сака да нè натера да мислиме дека имаме право да ја користиме моќта да имаме деца на било кој начин што ќе го посакаме. Се обидува да нè натера да мислиме дека нема да ни се случи ништо лошо ако го прекршиме законот за чедноста.

Нашиот Отец на небесата може да ни даде сила да им се спротивставиме на искушенијата на сатаната. Тој не сака да гледаме лоши нешта или да имаме лоши мисли. Тој вети дека нема да му дозволи на сатаната

да нè искушува повеќе отколку што можеме да се спротивставиме. Тој подготви начин за нас како да ги надминеме искушенијата.

Можеме да Го молиме нашиот Отец на небесата да ни помогне да му се спротивставиме на сатаната. Кога се молиме, нашиот Отец на небесата ќе Го прати Светиот Дух да ни помогне. Светиот Дух ќе ни помогне да запомниме дека нашето тело е свето и дека моќта да имаме деца е света. Светиот Дух ќе ни помогне да не ја користиме таа моќ на погрешен начин. Ќе ни помогне да избереме добри нешта за гледање и читање, како и за размислување. Ќе ни помогне да запомниме дека прекршувањето на законот за чедноста ќе нè растажи, а покорувањето на тој закон ќе нè направи среќни.

***Разговор***
- Зошто сатаната сака да го прекршиме законот за чедноста?
- Што можеме да направиме за да им се спротивставиме на искушенијата на сатаната?
- Како ќе ни помогне нашиот Отец на небесата да се покориме на законот за чедноста?

**Прекршувањето на законот за чедноста е мошне сериозен грев**

Сексуалните односи се добри и чисти кога се меѓу мажот и неговата жена кои меѓусебно се љубат и почитуваат. Тоа е начинот што нашиот Отец на небесата ни го даде за да имаме деца. Исто така, тоа е начинот на кој мажите и жените ја изразуваат својата меѓусебна љубов и стануваат поблиски еден со друг во своите чувства. Но одржувањето на сексуални односи надвор од бракот е мошне сериозен грев.

Прекршувањето на законот за чедноста нè прави несреќни. Кога ќе сфатиме дека не сме Му се покориле на нашиот Отец на небесата, ќе чувствуваме вина и срам. Ќе сфатиме дека сме ја искористиле на погрешен начин светата моќ што ни ја даде Тој и дека сме унесреќиле други. Прекршувањето на законот за чедноста може да резултира со раѓање на дете без вистинско семејство.

Само два грева се посериозни од прекршувањето на законот за чедноста. Тоа се откажувањето од Светиот Дух и убиството. На оние што го прекршиле законот за чедноста може да им се прости. Нашиот Отец на небесата рече дека, ако имаат вера во Исус и се покаат за своите гревови, ќе им прости. Оние што ќе го прекршат законот за чедноста и нема да се покаат, нема да можат да живеат со нашиот Отец на небесата.

Оние што биле силувани или сексуално обесчестени, не се виновни за прекршување на законот за чедноста.

Проштавањето може да дојде само преку верата во Исус и покајувањето. Мораме да сфатиме дека сме грешеле и искрено да жалиме за сѐ што сме направиле погрешно. Мораме да престанеме да правиме погрешни работи и гревот да Му го признаеме на нашиот Отец на небесата, на луѓето кои можеби сме ги повредиле, како и на соодветниот свештенички авторитет (епископот, претседателот на разгранокот, претседателот на колот или претседателот на мисијата). Нашиот Отец на небесата рече дека ќе им прости на оние што имаат вера во Исус, што ќе Му ги признаат своите гревови на нашиот Отец на небесата и на соодветниот водач на Црквата и што ќе се покаат искрено. Оној што нема да ги направи тие работи, не се покајал искрено и нема да му биде простено.

***Разговор***

- Зошто прекршувањето на законот за чедноста е толку сериозен грев?
- Што може да ни се случи кога го прекршуваме законот за чедноста?
- Зошто треба да се покоруваме на законот за чедноста?
- Што треба да направиме за да се покаеме за прекршувањето на законот за чедноста?

**Покорувањето на законот за чедноста нѐ прави среќни.**

Кога се покоруваме на законот за чедноста, им даваме добар пример на своите деца. Знаеме дека нашиот Отец на небесата е задоволен од нас кога Му се покоруваме. Кога се покоруваме на законот, членовите на нашето семејство знаат дека ги сакаме и немаме причина да се чувствуваме виновни или посрамени. Стануваме послични на нашиот Отец на небесата. Кога се покоруваме на законот за чедноста, нашиот Отец на небесата нѐ благословува нас и нашите деца или децата што ќе ги имаме.

Користењето во бракот на моќта што нашиот Отец на небесата ја стави во нашето тело ќе ни донесе среќа. Сексуалните односи можат да им донесат среќа на брачните партнери. Можат да ги зближат со силните чувства на љубовта. Децата што ќе се родат се благословени од нашиот Отец на небесата. Иако децата некогаш можат да им предизвикаат многу грижи или тага на своите родители, тие исто така носат и огромна радост. Некои од најголемите среќи што ги познаваме во нашиот живот ќе дојдат кога нашите деца ќе пораснат, ќе се исшколуваат, ќе стапат во брак и ќе добијат сопствени деца.

### *Разговор*

- Кои благослови ги добиваме кога се покоруваме на законот за чедноста?
- Зошто сме посреќни кога се покоруваме на законот за чедноста отколку кога не се покоруваме?

### *Референци*

*Нашиот Отец на небесата ни рече да имаме деца и да се покоруваме на законот за чедноста*

- Создавање 1:28 (Нашиот Отец на небесата им заповеда на Адам и Ева да имаат деца.)
- Излез 20:14 (Нашиот Отец на небесата ни заповеда да не вршиме прељуба.)
- Левитска 20:10–23 (Гревовите против законот за чедноста се осудени.)
- 1 Коринтјаните 6:19 (Нашите тела се свети.)
- Морони 9:9 (Чедноста е поскапоцена од сите други нешта.)

*Сатаната сака да го прекршиме законот за чедноста*

- Матеј 5:27–28 (Не треба дури ни да помислуваме да правиме лоши работи.)
- 1 Коринтјаните 10:13 (Нашиот Отец на небесата ќе ни даде моќ да му се спротивставиме на искушението.)
- Алма 12:14 (Треба да мислиме и да зборуваме добри работи.)

*Прекршувањето на законот за чедноста е мошне сериозен грев*

- Изреки 6:25–32 (Прекршувањето на законот за чедноста ќе нè растажи.)
- Исаија 1:16–18 (Нашиот Отец на небесата ќе им прости на оние што ќе се покаат.)
- 1 Коринтјаните 6:9 (Оние кои ќе го прекршат законот за чедноста и не се покаат, не можат да се вратат да живеат во присуство на Бога.)
- Алма 39:5 (Само два други грева се поголеми од прекршувањето на законот за чедноста.)

*Покорувањето на законот за чедноста нè прави среќни*

- Галатјаните 5:16–24 (Нашиот Отец на небесата ќе ги благослови оние што се покоруваат на законот за чедноста.)
- Тит 2 (Живеејќи праведно, стануваме среќни.)

# ЧЕСНОСТ

*Поглавје 26*

*Нашиот Отец на небесата е чесен во сè што прави. Дали Тој сака и ние да бидеме чесни?*

**Нашиот Отец на небесата ни вели да бидеме чесни во сè што правиме**

Да биде човек чесен значи да ја кажува вистината. Да биде чесен значи да не лаже или да не краде. Кога кажуваме нешта што не се вистински, лажеме. Кога кажуваме само дел од вистината, лажеме. Кога ги наведуваме луѓето да веруваат во нешто што не е вистина, не сме чесни.

Да крадеш значи без дозвола да земеш нешто што му припаѓа на некој друг. Да земеш нешто од продавница без да платиш за тоа е крадење. Нашиот Отец на небесата ни рече да не крадеме.

Чесниот човек работи напорно во текот на часовите за кои е платен. Чесниот работодавец ги плаќа оние што работат за него според она што го заслужиле. Чесниот човек праведно им наплаќа на другите за своите услуги и за работите што ги продава. Мораме да бидеме чесни ако сакаме да живееме со нашиот Отец на небесата.

Сатаната се обидува да нè наговори да бидеме нечесни. Кога сме нечесни на било кој начин, го следиме сатаната. Нему му се допаѓаат лагите. Сатаната сака да мислиме дека е паметно да се биде нечесен. Се обидува да направи да мислиме дека ќе бидеме среќни кога сме нечесни. Сака да мислиме дека нечесноста не е грев. Сатаната сака да бидеме нечесни за да бидеме несреќни.

Нашиот Отец на небесата нè поучуваше секогаш да бидеме чесни. Тој е тажен кога лажеме. Сака да знаеме дека лажењето секогаш е погрешно. Нечесноста е секогаш погрешна и нè прави несреќни.

Некои луѓе крадат затоа што мислат дека имаат право да ги поседуваат тие нешта. Некои од младите прават разни измами на училиште за да добијат подобри оценки или поради тоа што другите ученици го прават тоа. Некои луѓе лажат за да имаат другите подобро мислење за нив. Ниедна од овие причини не го оправдува крадењето или лажењето. Кога наоѓаме оправдувања за лажењето, не сме чесни.

***Разговор***
- Што е чесност?
- Кого го следиме кога сме чесни?

**Можеме да бидеме чесни во сè што правиме**

Можеме да бидеме чесни ако имаме храброст да ја кажеме вистината, дури и кога тоа е тешко да се направи. Нашиот Отец на небесата ќе ни помогне да бидеме чесни ако Го замолиме за тоа. Ќе го прати Светиот Дух да ни помогне да избереме да бидеме чесни. Светиот Дух ќе ни помогне да сфатиме дека чесноста е вистинското нешто кон што треба да се стремиме.

Кога ги разбираме поучувањата на Исус, посакуваме да бидеме чесни во сè што правиме. Исус нè научи дека сме деца на нашиот Отец на небесата и дека сите ние сме браќа и сестри. Тој нè научи дека можеме да бидеме вистински среќни само ако сме чесни. Нема да имаме мир во себе ако во нашиот дом имаме нешто што не ни припаѓа. Тој исто така нè научи дека, ако имаме вера во Него, ако се покаеме и ако бидеме искрено чесни, ќе можеме да се вратиме да живееме со нашиот Отец на небесата и засекогаш да бидеме среќни.

Кога ги разбираме сите тие нешта, почнуваме да посакуваме да бидеме чесни. Не сакаме да ги лажеме другите луѓе. Сакаме нашиот Отец на небесата да биде задоволен од нас за да можеме да се вратиме да живееме со Него. Посакуваме да ги признаеме своите грешки и да ги поправиме за да ни прости нашиот Отец на небесата.

***Разговор***
- Зошто треба да се покаеме дури и кога сме лажеле сосема малку?
- Како можеме да бидеме чесни во сè што правиме?
- Како ќе ни помогне нашиот Отец на небесата да бидеме чесни?

**Кога сме чесни, стануваме среќни**

Кога сме чесни, се чувствуваме добро. Нашиот Отец на небесата е среќен со нас. Не се чувствуваме виновни. Се чувствуваме добро затоа

што знаеме дека немаме што да криеме од другите. Немаме потреба да се грижиме дека некој ќе дознае дека сме лажеле.

Кога сме чесни, стануваме послични на нашиот Отец на небесата. Знаеме дека се подготвуваме да се вратиме да живееме со Него. Кога сме чесни, другите луѓе ни веруваат. Кога сме чесни, нашиот Отец на небесата ќе ни помогне да ги правиме нештата што сакаме да ги правиме и што се правилни.

***Разговор***

- Како се чувствуваме кога сме чесни?
- Каков би бил светот кога секој би бил чесен?

***Референци***

*Нашиот Отец на небесата ни вели да бидеме чесни во сè што правиме*

- Излез 20:15–16; Матеј 19:18 (Нашиот Отец на небесата ни рече да не крадеме и да не лажеме.)
- Изреки 19:5 (Оние што лажат не можат да избегаат од казната.)
- Јован 8:44; 2 Нефи 2:18 (Сатаната е татко на сите лаги. Тој сака да бидеме тажни.)
- Дела 5:1–10 (Нашиот Отец на небесата ги казнува они што лажат.)
- Евреите 6:18 (Нашиот Отец на небесата не лаже.)

*Можеме да бидеме чесни во сè што правиме*

- Филипјаните 4:8 (Треба да се трудиме да го правиме она што е вистинско или чесно.)
- Алма 27:27 (Групата на луѓето во Книгата на Мормон беше позната како група на совршено чесни луѓе.)

*Кога сме чесни, стануваме среќни*

- Изреки 19:1 (Подобро е да се биде чесен, отколку невистинит.)
- Учење и завети 97:8 (Чесните имаат одобрување од нашиот Отец на небесата.)
- Учење и завети 124:15 (Чесните се благословени и сакани од нашиот Отец на небесата.)

# СЛОВО НА МУДРОСТА

*Поглавје 27*

*Еден од најголемите благослови што ни ги даде нашиот Отец на небесата се нашите тела од месо и коски. Тој ни го даде законот за здравјето за да ни помогне да се грижиме за своето тело. Што знаете за законот за здравјето?*

**Нашите тела се свети**

Една важна причина за доаѓањето на земјата е добивањето на тело од месо и коски. Нам ни треба тело за да станеме слични на нашиот Отец на небесата. Само со тело од месо и коски можеме да ги научиме нештата што треба да ги знаеме за да станеме слични на Него. Можеме да имаме деца. Можеме да ги примиме уредбите што ни се потребни за да се вратиме да живееме со нашиот Отец на небесата. Без телото нема да можеме да ги направиме тие нешта.

Телото е свето затоа што нашите духови живеат во нашите тела. Кога имаме вера во Исус Христос и се трудиме да Му се покоруваме, нашиот Отец на небесата Го праќа Светиот Дух да биде со нас. Светиот Дух не може да остане со нас ако не сме покорни и не се грижиме за своето тело.

Кога умираме, нашиот дух го напушта нашето тело. Кога умре Исус, Неговиот дух го напушти Неговото тело. По три дена Неговиот дух повторно влезе во Неговото тело и Тој воскресна. Исус имаше моќ да се врати во живот, а поради Неговата жртва за нас, ние исто така ќе воскреснеме откако ќе умреме. Нашите духови и тела повторно ќе се соединат. Исус знаеше дека ќе ни треба бесмртно тело од месо и коски за да станеме слични на нашиот Отец на небесата и засекогаш да живееме со Него.

Нашиот Отец на небесата сака добро да се грижиме за своето тело. Ако се грижиме добро за своето тело, можеме да бидеме здрави и силни и да ги правиме другите нешта што Тој сака да ги правиме. Секој од нас мора да реши дали добро ќе се грижи за своето тело или ќе прави работи што ќе го повредуваат. Знаеме дека нашите тела се важни во текот на овој живот и по овој живот. Треба да сакаме добро да се грижиме за нив. Нашиот Отец на небесата не е среќен кога не се грижиме за своето тело.

Родителите треба да бидат тие што ќе ги поучат своите деца дека нивните тела се свет дар од нашиот Отец на небесата и ќе им објаснат зошто нивните тела се толку важни. Кога децата ќе разберат зошто е важно добро да се грижат за своето тело, нема да сакаат да ги следат искушенијата на сатаната.

***Разговор***

- Зошто имаме тело од месо и коски?
- Зошто нашите тела се свети?
- Зошто е важно за нас да ги поучиме своите деца колку е важно да се грижат за своите тела?

**Нашиот Отец на небесата ни го даде законот за здравјето**

Нашиот Отец на небесата ни кажа некои од работите што се добри и што не се добри за нашите тела. Сето тоа е напишано во Светите писма и е наречено Слово на мудроста.

Нашиот Отец на небесата му го откри Словото на мудроста на пророкот Џозеф Смит. Тоа е закон. Ние мора да се покоруваме на тој закон за да имаме силно тело и силни мисли.

Словото на мудроста нè поучува што е добро за нашите тела. Треба да јадеме и пиеме само работи што се добри за нашите тела. Треба да јадеме овошје, зеленчук и жита. Треба да јадеме правилно количество од таа храна, а не премногу. Не треба да јадеме многу месо.

***Разговор***

- Која храна е добра за нашите тела?

**Нашиот Отец на небесата ни кажа што не е добро за нашите тела**

Нашиот Отец на небесата знае дека сатаната ќе се обиде да нè наговори да ги злоупотребиме своите тела. Нашиот Отец на небесата ни кажа што не е добро за нашите тела. Пиењето на алкохол не е добро за нашите тела. Нашиот Отец на небесата ни заповеда да не пиеме пиво,

жестоки пијалаци и други напивки што содржат алкохол. Тие нешта можат да предизвикаат болест и несреќа во домот. Кога некој пие такви работи, не може да размислува јасно. Тие пијалаци често ги тераат луѓето да избираат лоши нешта, да лажат, да ги трошат своите пари и да го кршат законот за чедноста. Кога бремена жена пие алкохолни пијалаци, може да го повреди нероденото дете. Луѓето што пијат алкохолни пијалаци предизвикуваат многу сериозни проблеми.

Нашиот Отец на небесата ни кажа дека и тутунот е штетен за нашите тела. Не треба да пушиме или да џвакаме тутун. Научниците докажаа дека тутунот предизвикува болест и може да ги повреди нероденитe бебиња.

Нашиот Отец на небесата ни рече да не пиеме кафе и чај. Не треба да пиеме кафе и чај затоа што содржат штетни опојни состојки. Не треба да користиме никакви опојни средства, освен оние што лекарот ни ги дал како лек.

Нашиот Отец на небесата ни кажа дека алкохолот, тутунот и опојните средства можат да ни помогнат ако знаеме да ги користиме правилно. Тој рече дека алкохолот треба да го користиме само за дезинфекција на нашите тела. Тутунот може да се користи за зацелување на раните кај заболениот добиток. Некои опојни средства некогаш можат да помогнат при нашето лекување кога сме болни. Но пред да се обидеме да ги користиме тие работи, треба да научиме од мудрите луѓе за што треба да се користат тие и на кој начин. Ако ги користиме на погрешен начин, може да бидат штетни.

Не треба да примаме во своето тело ништо што не е добро за нас. Словото на мудроста ни кажува некои од најштетните работи. Тоа е важен закон.

Словото на мудроста не ни кажува за сè што не треба да се употребува. Треба да сфатиме дека сè што е штетно за нашите тела или мисли, иако не е споменато во Словото на мудроста, не треба да се употребува. Треба да се грижиме за своето тело на други начини, како што е честото миење за да ги одржуваме чисти, како и практикувањето на доволно вежби и одморањето.

***Разговор***

- Како знаеме дека некои работи не се добри за нашите тела?
- Наведете некои од работите што не треба да ги примаме во нашите тела.

- Каква врска имаат одморот и вежбањето со законот за здравјето на нашиот Отец на небесата?
- Како треба да ги одржуваме нашите тела чисти?

### Големи благослови доаѓаат ако се покоруваме на Словото на мудроста

Ако се покоруваме на Словото на мудроста, нашиот Отец на небесата ќе ги благослови нашите тела да бидат посилни отколку што би биле кога не би се покорувале на таа заповед. Ќе бидеме поспособни да го извршуваме Неговото дело на земјата. Тој рече дека, ако се покоруваме на овој закон, ќе бидеме способни да одиме без да се умориме и да трчаме без исцрпување. Тоа е голем благослов.

Нашиот Отец на небесата ни вети и дека ќе нè благослови со голема мудрост и знаење ако се покоруваме на Словото на мудроста. Светиот Дух ќе ни открие многу важни работи кои инаку не би ги знаеле. Сатаната ќе нема моќ над нас. Ако се покоруваме на Словото на мудроста, ќе бидеме поздрави и подготвени за вечен живот* со нашиот Отец на небесата.

***Разговор***

- Кои благослови ни доаѓаат ако се покоруваме на Словото на мудроста?

***Референци***

*Нашите тела се свети*

- 1 Коринтјаните 3:16–17 (Светиот Дух може да биде со нас.)

*Нашиот Отец на небесата ни го даде законот за здравјето*

- Судии 13:13–14 (На Самсоновата мајка ѝ беше заповедано да не јаде и да не пие некои работи за Самсон да биде здраво дете.)
- Учење и завети 89:5–17 (Некоја храна и некои пијалаци се добри за нас, а некои не.)

*Нашиот Отец на небесата ни кажа што не е добро за нашите тела*

- Исаија 5:11–12; Изреки 20:1 (Виното и другите алкохолни пијалаци не се добри за нас.)
- Учење и завети 88:124 (Не треба премногу да спиеме но треба добро да се одмориме во текот на ноќта, легнувајќи си рано и станувајќи рано.)

*Големи благослови доаѓаат ако се покоруваме на Словото на мудроста*

- Даниел 1:8–17 (Даниел и неговите другари јадеа храна што беше добра за нив, па така станаа поздрави и помудри од оние што јадеа храна што не беше толку здрава.)
- Учење и завети 89:1–4, 18–21 (Наброени се благословите за покорување на Словото на мудроста.)

# ДЕСЕТОК И ПРИНОСИ

*Поглавје 28*

*Што се десеток и приноси и како нè благословува нашиот Отец на небесата кога ги даваме доброволно?*

**Нашиот Отец на небесата ни рече да плаќаме десеток**

Десеток е една десетина од парите и другите нешта што ги заработуваме. Нашиот Отец на небесата им рече на луѓето многу, многу одамна да плаќаат десеток. Авраам, Јаков и многумина други се покорија на таа заповед.

Ако заработиме или добиеме пари, треба да дадеме една десетина од нив како десеток. Ако имаме животни или земјоделски култури, исто така можеме да платиме десеток. Даваме една десетина од земјоделските култури или една десетина од новите животни одгледани во таа година. Ако е можно, место на Црквата да è дадеме земјоделски култури или животни, треба нив да ги продадеме и на Црквата да è дадеме пари. Нашиот десеток му го плаќаме на епископот или на претседателот на разгранокот. Ако не знаеме колку треба да дадеме, треба да ги замолиме нашиот епископ или претседателот на разгранокот да ни помогнат да го разбереме законот за десетокот.

Со плаќањето на нашиот десеток помагаме да се рашири Евангелието низ целиот свет. Десетокот се користи за да се градат згради на Црквата, да се печатат книги и да се плаќаат други работи потребни во Исусовата вистинска Црква.

Дури и децата треба да плаќаат десеток. Тие ќе научат да го прават тоа гледајќи ги своите родители како плаќаат десеток. Ако почнат да плаќаат десеток кога се млади, ќе сакаат да го плаќаат кога ќе бидат постари и ќе имаат сопствено семејство.

*Разговор*
- Колку ни е речено да плаќаме како десеток?
- Како можеме да ги научиме нашите деца да плаќаат десеток?

### Плаќајќи десеток, покажуваме љубов кон нашиот Отец на небесата

Десеток треба да плаќаме доброволно, за да го прифати нашиот Отец на небесата и да нè благослови за тоа. Десеток треба да плаќаме затоа што го сакаме тоа.

Ако немаме желба да плаќаме десеток, треба да размислиме за сите благослови што ни ги даде нашиот Отец на небесата. Кога доброволно го плаќаме својот десеток, покажуваме дека ги сакаме нашиот Отец на небесата и другите луѓе.

*Разговор*
- Прочитајте го делот 2 Коринтјаните 9:6–7.
- Зошто е важно доброволно да се дава?

### Нашиот Отец на небесата вети дека ќе нè благослови ако плаќаме десеток

Нашиот Отец на небесата е среќен кога го плаќаме својот десеток. Тој вети дека ќе нè благослови ако го плаќаме. Рече дека ќе ни даде толку многу благослови што нема ни да знаеме што да правиме со сите нив. Исто така, рече дека нема да бидеме уништени од злобата ако својот десеток го плаќаме доброволно.

Нашиот Отец на небесата ќе нè благослови да Го запознаеме подобро. Ќе нè благослови да дознаеме повеќе за Евангелието. Ќе ни даде повеќе сила секој ден да живееме според поучувањата на Евангелието и да му помагаме на своето семејство да живее според Евангелието. Тој е среќен кога им помагаме на другите да учат за Евангелието.

Кога го плаќаме својот десеток, учиме подобро да управуваме со своите пари и да бидеме помалку себични. Секогаш треба прво да го одвоиме десетокот од својата заработувачка, па ќе откриеме дека нашиот Отец на небесата ќе нè благослови да бидеме способни добро да управуваме со она што останало и ќе имаме доволно за своите потреби.

*Разговор*
- Кои се трите благослови што ги добиваме за плаќањето на десетокот?



*Постењето и молитвата носат благослови.*

**Кога плаќаме приноси од постот, им помагаме на другите луѓе**

Како членови на Црквата постиме еден ден секој месец. Тоа значи дека не јадеме два оброка. Приближно 24 часа не јадеме или не пиеме ништо. Веруваме дека постењето ни помага да имаме силни духови.

Нашиот Отец на небесата ни рече да даваме принос наречен принос од постот. Тој принос е она што сме го заштедиле кога не сме јаделе два оброка во денот за пост. Ако можеме, треба да дадеме и повеќе од тој износ. Нашиот Отец на небесата ќе нѐ благослови ако го направиме тоа. Тие приноси се користат за да се набави храна, засолништа, облека и други работи за оние на кои тоа им треба. Кога плаќаме приноси од постот, покажуваме дека ги сакаме другите луѓе.

Нашиот принос од постот му го даваме на епископот или на претседателот на разгранокот, а тие ги употребуваат парите за да им помогнат на сиромашните и на оние на кои им треба посебна помош. Нашиот Отец на небесата рече дека ќе нѐ благослови ако им помагаме на сиромашните. Тој ќе одговори на нашите молитви и ќе ни помогне кога ќе ни биде потребна помош. Ќе ни помогне подобро да го разбереме Евангелието и секогаш ќе нѐ води.

Црквата ги употребува десетокот и приносите:

1. За да се поучуваат другите за Евангелието.
2. За градење на храмови, згради за состаноци и други објекти на Црквата и за нивно одржување.
3. За печатење на учебници и на други работи потребни за луѓето на Црквата за учење на Евангелието и за извршување на делото на нашиот Отец на небесата.
4. За помагање на оние што не можат да се грижат за себе.

***Разговор***

- Како можеме да ја покажеме својата благодарност кон нашиот Отец на небесата за сите благослови што ни ги даде?
- Зошто плаќањето на приноси од постот нѐ прави среќни?

***Референци***

*Нашиот Отец на небесата ни рече да плаќаме десеток*

- Создавање 14:20; Евреите 7:1–10 (Авраам му плати десеток на Мелхиседек.)
- Создавање 28:20–22 (Јаков се зарекува дека ќе врати десетти дел од она што му го даде нашиот Отец на небесата.)

- 2 Летописи 31:5–6, 12; Неемија 10:37–39 (Израеловите деца плаќаа десеток и приноси.)

*Плаќајќи десеток, покажуваме љубов кон нашиот Отец на небесата*

- Малахија 3:8–10 (Ако не плаќаме десеток и приноси, крадеме од нашиот Отец на небесата.)
- 2 Коринтјаните 9:6–7 (Треба доброволно да даваме дар за да биде задоволен од нас нашиот Отец на небесата.)

*Нашиот Отец на небесата вети дека ќе нè благослови ако плаќаме десеток*

- Создавање 14:19–20 (Авраам е благословен од нашиот Отец на небесата за плаќањето на десетокот.)
- Малахија 3:10 (Нашиот Отец на небесата ќе нè благослови со повеќе благослови отколку што ни требаат.)

*Кога плаќаме приноси од постот, им помагаме на другите луѓе*

- Исаија 58:6–11 (Нашиот Отец на небесата побара од нас да им правиме добро на другите со тоа што ќе им ги дадеме нештата што им требаат.)

# ЗАЧУВУВАЊЕ НА НАШИТЕ СЕМЕЈСТВА

*Осми дел*





*Семејствата можат да бидат заедно засекогаш.*

# СЕМЕЈСТВАТА СЕ ВАЖНИ

*Поглавје 29*

*Зошто нашиот Отец на небесата испланира да живееме како семејство овде на земјата?*

**Нашиот Отец на небесата испланира да живееме како семејство**

Нашето семејство овде на земјата е како нашето небесно семејство. Ние бевме дел од небесното семејство пред да дојдеме на земјата. Бевме деца-духови на Бога, кој е нашиот Отец на небесата. Тој нè сака и се грижи за нас. Тој ги посакува најдобрите нешта за нас и сака еден ден да се вратиме да живееме со Него.

Нашиот Отец на небесата го соедини првото семејство кога ги венча Адам и Ева. Им рече да имаат деца. Така децата-духови на нашиот Отец на небесата можат да добијат тело од месо и коски. Им рече дека на своите деца треба да им ги дадат нештата што им требаат. Исто така, им рече да ги поучуваат своите деца за Евангелието и да им помогнат да ги примат уредбите на Евангелието.

Нашиот Отец на небесата нè соедини во семејства поради повеќе причини.

Прво, од нашите родители добиваме тело од месо и коски. Потребно ни е тело од месо и коски за да ги научиме нештата што треба да ги правиме за да можеме засекогаш да живееме со нашиот Отец на небесата.

Второ, семејствата можат да ги обезбедат нештата што ни се потребни на оваа земја. Родителите можат да обезбедат храна, облека, засолниште, љубов и други потребни работи за своите деца. Подоцна децата можат да се грижат за своите родители кога тие ќе бидат премногу стари за да се грижат сами за себе.

Трето, родителите можат да ги поучуваат своите деца за Евангелието на Исус Христос. Можат да ги поучуваат да се покоруваат на заповедите на нашиот Отец на небесата. Исто така, можат да се погрижат децата да ги примат уредбите за кои Исус рече дека мора да ги примиме.

***Разговор***

- Зошто нашиот Отец на небесата нè устрои да дојдеме на земјата како семејства?
- Кое беше првото семејство што дојде на земјата?
- Што испланира нашиот Отец на небесата да прават за нас нашите семејства?

### Нашиот Отец на небесата сака членовите на семејството да се сакаат меѓусебно

Нашето семејство овде на земјата може да биде како што беше нашето небесно семејство на небесата. Семејството може да чувствува љубов, што ќе придонесе членовите на семејството да сакаат да си помагаат едни на други и да си прават и кажуваат љубезни нешта.

Мажот и жената во семејството треба да се сакаат еден со друг. Треба да бидат љубезни и да си помагаат. Не треба да велат или да прават ништо што ќе придонесе другиот да се чувствува лошо.

Родителите треба да ги сакаат своите деца. Треба да ги поучуваат своите деца да се сакаат едни со други. Треба да ги поучуваат да си помагаат и да се грижат еден за друг.

Децата треба да ги сакаат своите родители. Треба да ги почитуваат, да им се покоруваат и да им помагаат на своите родители.

***Разговор***

- Прочитајте го делот Ефесјаните 4:29–32.
- Како можеме да им помогнеме на членовите на семејството да се сакаат едни со други?
- Зошто нашиот Отец на небесата сака членовите на семејството да се сакаат едни со други?

### Најважното нешто што можеме да го направиме е да имаме среќно и праведно семејство

Создавањето на праведно семејство е најважното нешто што можеме да го направиме. Колку и да сме успешни во извршувањето на другите работи, ако не го поучуваме своето семејство да Го сака нашиот Отец на небесата и да Му се покорува, не сме успеале да ја извршиме својата

најважна должност. Некогаш нашите деца можеби ќе изберат да не Го сакаат нашиот Отец на небесата и да не Му се покоруваат, но ние треба да направиме сè што можеме за да ги поучиме за Неговите начини. Ако родителите направат сè што можат за да ги поучат правилно своите деца, нашиот Отец на небесата нема да ги смета за одговорни за тоа што нивните деца прават погрешни нешта. Родителите не успеваат во својата должност само кога престануваат да се трудат да бидат добри родители.

Нашите семејства можат да ни ја дадат најголемата среќа во животот. Правиме големо добро кога трудољубиво работиме да ги воспитаме децата да станат добри членови на Црквата и добри граѓани во земјата каде што живеат.

Семејството е најважниот дел од Црквата. Нашиот Отец на небесата ја устрои Својата Црква за да им помогне на семејствата да направат сè што им треба за да се вратат кај Него. Црквата сака да му помогне на секое семејство засекогаш да биде заедно.

Сатаната знае колку се важни семејствата во планот на нашиот Отец на небесата. Тој се обидува да нè натера да правиме работи што ќе ги разделат нашите семејства.

***Разговор***

- Колку ви е важно вашето семејство?

**Нашиот Отец на небесата ни кажа како да имаме добро семејство**

Секој од нас сака да има добро и среќно семејство. Еве некои од работите што ќе му помогнат на семејството:

1. Семејството треба заедно да се моли наутро и навечер.
2. Родителите треба заедно да се молат секој ден.
3. Родителите треба да ги поучуваат децата за Евангелието.
4. Семејството треба секој ден заедно да ги чита Светите писма.
5. Семејството треба секоја недела заедно да присуствува на состаноците на Црквата.
6. Семејството треба заедно да пости еднаш месечно, кога децата се доволно пораснати за да постат и да ја разберат целта на постењето.
7. Семејството треба заедно да се среќава секоја седмица за семеен состанок наречен семејна домашна вечер*, за да се разговара за добрите нешта што ги направило семејството. Исто така, треба да разговараат како да ги решат проблемите што ги има некој. На тие

состаноци може да пеат, да учат лекции, да учат некои стихови од Светите писма, да играат игри и да имаат нешто посебно за јадење или пиење.

8. Семејството треба заедно да работи и да чита.
9. Членовите на семејството треба да бидат љубезни и стрпливи еден кон друг.
10. Семејството треба да води историја на работите што ги прави.

Ако запомниме да се молиме сами и како семејство, нашиот Отец на небесата ќе биде блиску до нас. Тој ќе ги слушне нашите молитви и ќе одговори на нив на начин што ќе биде најдобар за нас.

***Разговор***

- Наведете некои од работите што можеме да ги правиме за да имаме добро семејство.

***Референци***

*Нашиот Отец на небесата испланира да живееме како семејство*

- Матеј 19:3–8 (Нашиот Отец на небесата испланира мажите и жените секогаш да останат венчани.)

*Нашиот Отец на небесата сака членовите на семејството да се сакаат едни со други*

- Создавање 2:21–24 (Нашиот Отец на небесата ги создаде Адам и Ева и ги направи маж и жена.)

*Најважната работа што можеме да ја направиме е да имаме среќно и праведно семејство*

- Ефесјаните 5:25 (На мажот му е речено да ја љуби својата жена.)
- Ефесјаните 6:1 (На децата им е речено да им се покоруваат на своите родители.)
- Тит 2:4 (На жената ѝ е речено да го љуби својот маж.)
- Мосија 4:14–15 (На родителите им е речено да се грижат за потребите на своите деца и да ги поучуваат како да бидат праведни.)

*Нашиот Отец на небесата ни кажа како да имаме добро семејство*

- 1 Коринтјаните 13:1–7 (Кажано ни е за важноста на љубовта.)
- Ефесјаните 6:4 (На татковците им е заповедано да не ги лутат своите деца.)

# НАШАТА ДОЛЖНОСТ ДА ИМ ПОМАГАМЕ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СЕМЕЈСТВОТО

*Поглавје 30*

---

*Како може секој член на семејството да помогне семејството да биде среќно?*

**Секој член на семејството е важен**

За да се има семејство чии членови се сакаат едни со други и се среќни, потребен е труд. Нашиот Отец на небесата даде одговорности за секој член на семејството. Секој член на семејството треба да им биде од помош на другите, да биде весел и љубезен со другите. Кога се молиме, работиме, пееме или играме заедно, нашите семејства можат да бидат среќни.

Кога имаме љубов за другите членови на своето семејство, полесно ни е да ги извршуваме работите што нашиот Отец на небесата сака да ги правиме. Кога го сакаме своето семејство, сакаме да направиме сè што можеме за да му помогнеме. Дури и работите што се тешки да се направат, изгледаат полесни ако ги правиме со љубов. Потребно е време и труд за да се биде добар член на семејството.

***Разговор***

- Како може секој член на семејството да помогне домот да биде посреќно место?
- Зошто е важен секој член на семејството?

*Нашиот Отец на небесата им даде на родителите посебни одговорности*

Таткото и мајката треба меѓусебно да си помагаат во грижата за своите деца и да им ги набават работите што им се потребни. Исто така, треба да ги поучуваат своите деца за Евангелието. Треба да ги поучуваат да се молат и да се покоруваат на заповедите на нашиот Отец на небесата.

Таткото и мајката треба да разберат дека некогаш децата ќе направат погрешни избори дури и откако биле поучени што е добро.



*Семејствата стануваат посилни со заедничка работа.*

Кога децата прават нешто погрешно, родителите не треба да престанат да се трудат да им помогнат. Родителите треба да продолжат да ги сакаат и да ги поучуваат своите деца. Тие треба да бидат добар пример за нив, да постат и да се молат за нив.

Родителите треба да му дадат одредени нешта на своето семејство:

1. Треба да ги сакаат своите деца и да ги поучуваат децата да се сакаат меѓусебно.
2. Треба да ги поучуваат своите деца за Евангелието.
3. Треба да ги учат членовите на семејството како да се молат.
4. Треба да ги поучуваат своите деца да плаќаат десеток и приноси со плаќање на сопствениот десеток и сопствените приноси.
5. Треба да ги поучуваат своите деца како да работат.
6. Треба да им обезбедат чист дом, облека и храна.
7. Треба да бидат сигурни дека нивните деца учат да читаат, да пишуваат и да ги вршат основните математички сметања праќајќи ги на училиште или учејќи ги дома.
8. Треба да направат сè што можат за да можат нивните деца да научат некоја професија и да бидат подготвени да заработуваат доволно пари за работите што ќе им требаат.
9. Треба да им покажат на своите деца како да ги трошат мудро парите и да штедат за идните потреби.
10. Треба да им помагаат на своите деца да ги подобруваат своите способности и вештини. Тоа може да биде, на пример, способност да поучуваат, да свират, да пеат, да поправаат работи или да имаат разбирање за другите.

Родителите треба доброволно многу да се трудат за да им помогнат на своите деца. Нашиот Отец на небесата рече дека родителите треба да обезбедат децата добро да се грижат едни за други и да имаат храна и облека.

Родителите треба да направат план како да ги обезбедат тие работи дури и ако се разболат, ако ја загубат работата или ако имаат други проблеми. Тие можат да го направат тоа со штедење на пари и набавување на повеќе храна, облека и гориво, во подрачјата каде што тоа е дозволено.

***Разговор***

- Што можат да направат родителите за да ги задоволат потребите на своите семејства?

- Што можат да направат родителите за да се подготват за времињата кога можеби ќе имаат проблеми?

*Таткото има посебни одговорности*

Таткото е свештенички водач на семејството. Таткото треба да го води своето семејство со љубов и добрина. Треба да му покаже на своето семејство како да живее според заповедите на нашиот Отец на небесата со тоа што и самиот ќе живее така. Треба да го поучува своето семејство за Евангелието. Треба да го собира семејството заедно за семејна молитва наутро и навечер. Неговата жена треба да му помага да ги извршува овие работи.

Таткото треба да го користи своето свештенство да ги благословува членовите на своето семејство. На своите мали деца може да им даде благослов и име. Може да ги крсти кога ќе наврšат осум години. Може да ги ракоположи своите синови за свештенство и да им даде на своите деца посебни благослови кога им треба тоа. Може да ги благослови кога се болни.

Таткото треба да поминува време со секое од своите деца посебно. Треба да разговара со нив и да научи да ги разбира нивните потреби и грижи. Треба да ги охрабрува и да им кажува дека ги сака. Треба да им каже дека секогаш можат да му се обратат за помош за било кој проблем што можеби ќе го имаат.

***Разговор***

- Кои се одговорностите на таткото?
- Како може тој да го искористи свештенството што го има за да му помогне на своето семејство?

*Мајката има посебни одговорности*

Најважната одговорност на мајката е да ги роди децата, да се грижи за нив и да ги поучува. Да им се дадат тела од месо и коски на децата-духови на нашиот Отец на небесата е света должност. Кога мајката го прави тоа, таа е помошник на нашиот Отец на небесата. Раѓањето на деца е еден од најголемите благослови.

Мајката треба да има љубов. Треба да помага секое од нејзините деца да се поучува за Евангелието. Треба да му помага на секое од своите деца и да работи со него. Мајката треба да направи секое од нив да се чувствува важно и треба да им помага да ги разберат работите околу себе. Треба да соработува со својот сопруг при извршувањето на овие работи.

Книгата на Мормон кажува за група праведни момчиња што се покоруваа на поучувањата на своите мајки. Мајките на тие момчиња ги поучуваа да бидат чесни, храбри и праведни. Исто така, нивните мајки ги поучуваа дека нашиот Отец на небесата ќе ја чува нивната безбедност ако имаат вера во Исус. Тие момчиња мораа да станат војници за да ја бранат својата земја. Бидејќи тие момчиња живееја според поучувањата на своите мајки и имаа вера, имаа храброст да ја извршуваат својата должност дури и кога беа соочени со голема опасност. Секоја мајка може да има големо влијание врз животот на своите деца.

***Разговор***

- Кои се одговорностите на мајката?
- Зошто за мајчинството се вели дека е соработник на нашиот Отец на небесата?

*Кога постои само еден родител*

Некогаш таткото или мајката се оставени сами да го одгледуваат семејството и мораат да ја извршуваат работата и на таткото и на мајката. Нашиот Отец на небесата знае дека тоа е тешко. Ако таквото лице, кое ние го нарекуваме самохран родител, го замоли нашиот Отец на небесата, нашиот Отец на небесата ќе му помогне да се грижи за своето семејство.

Самохраниот родител исто така може да добие помош од домашните учители.* Домашните учители се членови на Црквата одредени да се грижат за другите членови на Црквата.

***Разговор***

- Кој може да им помогне на самохраните родители?

*Децата исто така имаат посебни одговорности*

Децата треба да им помагаат на своите родители да го направат својот дом среќно место. Децата треба да им помагаат на своите родители при чистењето на куќата и на околниот простор. Можат да помагаат при подготвувањето на оброци за семејството, миењето на садовите и перењето на алиштата. Исто така, можат да помагаат во грижата за нивните помлади браќа или сестри.

Децата треба да се трудат да ги научат работите на кои ги учат нивните родители. Треба да научат вредно да работат и добро да ги извршуваат работите. Треба да научат да ги извршуваат задачите што им се поставени.

Децата треба да се покоруваат на заповедите на Исус. Треба да им помагаат на другите членови на семејството. Нашиот Отец на небесата не е задоволен кога децата се караат. Нашиот Отец на небесата им рече на децата да ги слушаат своите родители и да покажуваат почит кон нив.

Децата треба да ги сакаат своите родители. Треба да ги слушаат и да ги почитуваат. Треба да се грижат за нив кога се болни или кога се стари и веќе не можат да се грижат сами за себе.

***Разīовор***

- Што очекува нашиот Отец на небесата да прават децата?
- Што треба да прават децата за своите родители кога родителите ќе остарат?
- Што треба да прават децата за да бидат послушни и да покажуваат почит кон своите родители?

**Потреба за зацврстување на семејството**

Во денешниот свет многу зли луѓе се обидуваат да ги променат нашите ставови за семејството. Телевизијата, филмовите и списанијата покажуваат многу чудни и погрешни ставови за мажите и жените и за тоа како се однесуваат тие еден кон друг. Лоши ставови се учат преку програми направени да изгледаат смешни и забавни. Нечедноста се покажува како нешто возбудливо и привлечно. Се снимаат деца што покажуваат големо непочитување кон своите родители. Добрите семејства се исмеваат. Некогаш нашите деца воопшто не можат да видат во филмовите и на телевизија како изгледа добриот домашен живот.

Родителите треба да се трудат да ги заштитат своите деца од гледање на таков вид филмови и телевизиски програми. Треба да им објаснат на своите деца зошто не треба да гледаат лоши програми или филмови. Најважно од сè, родителите треба секогаш да бидат добар пример во својот дом. Ако децата секој ден гледаат добар пример дома, ќе бидат добри деца и подоцна ќе бидат добри родители. Ако гледаат како родителите покажуваат љубов еден кон друг, ќе сакаат и тие еден ден да бидат такви родители.

***Разīовор***

- Зошто треба внимателно да ги одбираме нештата што нашите деца можат да ги гледаат на телевизија или во филмовите?

**Нашиот Отец на небесата сака да си помагаме едни на други**

Членовите на семејството треба да се сакаат едни со други и да си помагаат. Учиме да им помагаме на другите прво помагајќи им на своите родители и на своите браќа и сестри. Исто така, треба да им помагаме и на своите роднини кога им е потребна помош. Не треба да ги молиме другите за помош сè додека можеме сами да си помогнеме. Ако го правиме тоа, нашиот Отец на небесата не е задоволен од нас.

Исус нè сакаше сите нас и дојде на земјата за да ни помогне. Тој нè поучуваше секого да го сакаме и да му помагаме. Кога ги сакаме другите како што Исус ги сакаше, ќе направиме сè што можеме за да им помогнеме.

Некои од нас го молат нашиот Отец на небесата да им помогне на оние на кои им треба помош, а ние самите не правиме ништо за да им помогнеме. Тоа не е добро. Мораме да запомниме дека нашиот Отец на небесата им помага на другите преку нас. Прво треба да се молиме за оние на кои им треба помош, а потоа да им помогнеме колку што можеме.

На секој од нас му треба помош од другите луѓе. Кога сме деца, нашите родители нè хранат, нè облекуваат и се грижат за нас. Како што растеме, другите луѓе нè поучуваат за работите што треба да ги знаеме и правиме. На многумина од нас им треба помош кога се болни.

Кога им помагаме на другите, добиваме благослови. Нашата способност за љубов расте, стануваме помалку себични и нашите проблеми изгледаат помалку сериозни. Нашиот Отец на небесата рече дека оние што сакаат да живеат со Него, мораат да ги сакаат и да им помагаат на сите Негови чеда.

***Разговор***

- Зошто нашиот Отец на небесата има потреба ние да им помагаме на другите и сака да го правиме тоа?
- Кој има корист од нашата помош?

***Референци***

*Секој член на семејството е важен*

- Излез 20:12; Ефесјаните 6:1 (Речено ни е да ги почитуваме своите родители.)
- 2 Нефи 1:14–32; Алма 36–42 (Пророците од Книгата на Мормон ги учат своите деца што е добро да прават.)

- Мосија 4:14–15; Учење и завети 68:25–28 (Родителите треба да им ги обезбедат на своите деца сите животни потреби и да ги учат да бидат праведни.)

*Потреба за зацврстување на семејството*

- 2 Тимотеј 3:1–4 (Во последните дни ќе има голема злоба и мора да се подготвиме за тоа.)

*Нашиот Отец на небесата сака да си помагаме едни на други*

- Лука 22:27; Матеј 20:26–28; Јован 13:15–16 (Исус даде пример за вистинска служба.)
- Колосјаните 3:18–20 (Членовите на семејството имаат одговорности еден кон друг.)
- Мосија 2; Колосјаните 3:23–24; Матеј 25:32–46 (Оние што им служат на другите Му служат и на нашиот Отец на небесата.)

# НАШАТА ДОЛЖНОСТ ДА ГО ПРОПОВЕДАМЕ ЕВАНГЕЛИЕТО

*Поглавје 31*

*Како можеме да помогнеме сите чеда на нашиот Отец на небесата да го слушнат Евангелието?*

**Нашиот Отец на небесата сака сите Негови чеда да го знаат Евангелието**

Нашиот Отец на небесата ги сака сите Свои чеда. Секој од нас е важен за Него и секој може да стане сличен на Него. Тој сака да се вратиме да живееме со Него и да ја имаме истата среќа и слава што ја има Тој.

Нашиот Отец на небесата има план да му помогне на секој од нас да се врати и да живее со Него. Планот е наречен Евангелие на Исус Христос. Кога го проучуваме Евангелието, учиме колку сме важни. Учиме зошто сме овде на оваа земја. Учиме и каде ќе отидеме откако ќе умреме. Учиме што мора да правиме за да Му се вратиме на нашиот Отец на небесата.

Исус Христос е наш брат/дух. Тој е првородениот син-дух на нашиот Отец на небесата. Тој дојде на земјата како Единороден Син од месо на нашиот Отец на небесата. Тој нè сака толку многу што страдаше и умре за нас. Тој нè поучуваше за она што нашиот Отец на небесата сака да го знаеме и да го правиме. Ја устрои Својата Црква за да ни помогне. Им го даде Своето свештенство на мажите на земјата за да можат да го извршуваат Неговото дело.

Црквата на Исус Христос на светиите од подоцнежните дни е единствената црква што го има свештенството на нашиот Отец на небесата и Неговиот вистински план. Нашиот Отец на небесата сака сите луѓе да научат за Неговиот план и да го прифатат. Уредбите на вистинската Црква ни се потребни за да се вратиме да живееме со нашиот Отец на небесата.



*Исус им заповеда на Своите апостоли да поучуваат за Евангелието низ целиот свет.*

Нашиот Отец на небесата му рече на секој член на Својата Црква да им кажува на другите за Евангелието. Сите пророци од времето на Адам посветија голем дел од своето време за поучување на другите за Евангелието. Тие ни кажаа дека секој член на Црквата треба да биде мисионер. Тоа е дел од ветувањето што го дадовме кога бевме крстени. Ветивме дека ќе им зборуваме на луѓето за Исус секогаш кога имаме можност за тоа.

***Разговор***

- Зошто сите луѓе треба да го слушнат Евангелието?
- Кој има обврска да ги поучува сите луѓе за Евангелието?

Секое семејство во Црквата треба да ја разбере важноста на учењето на Евангелието. Знаеме колку е важен планот на Евангелието. Треба доволно да се грижиме за другите за да направиме сè што е потребно да им помогнеме да го разберат планот на нашиот Отец на небесата.

Членовите на семејството можат да направат многу работи за да им помогнат на другите да го учат Евангелието. Еве некои од тие работи:

1. Да правите добри работи за другите.
2. Да им кажувате на другите дека сте среќни затоа што се покорувате на поучувањата за Евангелието.
3. Објаснете им го Евангелието на пријателите и соседите. Поканете ги да дојдат со вас на состаноците на Црквата.
4. Поканете ги луѓето да дојдат кај вас дома за да бидат со вас во времето на семејните домашни вечери или кога мисионерите можат да ги поучуваат.
5. Дајте им ги на мисионерите имињата и адресите на вашите пријатели или роднини кои можеби сакаат да учат за Евангелието.
6. Поучувајте ги децата за важноста на служењето како мисионери. Помогнете им да заштедат пари за да одат на мисија.
7. Плаќајте го својот десеток.
8. Приложете пари во мисионерскиот фонд.

***Разговор***

- Размислете за начинот како да му кажете за Евангелието на некој што не е член на Црквата.
- Што може да направи вашето семејство за да им помогне на другите луѓе да научат за Евангелието?

### Вашето семејство може да биде дел од важното мисионерско дело на Црквата

Нашата Црква прати илјадници мисионери во многу земји да поучуваат за Евангелието. Повеќето од нив се млади луѓе на возраст меѓу 19 и 25 години. Постарите исто така служат како мисионери. Тие се верни, покорни членови на Црквата што имаат желба да Му служат на нашиот Отец на небесата.

Потребни се многу повеќе мисионери. Вашето семејство може да преземе дел од таа важна работа со подготвување на членовите на семејството да одат на мисија. Родителите можат да им помогнат на своите деца да ги добијат сведоштвата за Евангелието и да научат како да им го објаснат Евангелието на другите. Можат да ги учат своите деца да ги сакаат луѓето од сите култури. Родителите треба да се подготват и себеси да одат на мисија откако децата ќе им пораснат.

Многу луѓе сè уште не слушнале за Евангелието. Некои од нив живеат во земји каде што на мисионерите не им беше дозволено да одат. Тие луѓе мора да добијат можност да слушнат за Евангелието и да го прифатат. Нашиот Отец на небесата ќе најде начин како да биде направено тоа. Треба да Му се молиме водачите на тие земји да дозволат мисионерите да влезат и да го поучуваат нивниот народ.

***Разговор***

- Како ја исполнуваат семејствата во Црквата својата обврска да ги поучуваат сите луѓе за Евангелието?
- Зошто денес се потребни уште повеќе мисионери?

### Големи благослови добиваат оние што им кажуваат на другите за Евангелието

Нашиот Отец на небесата ќе нè благослови ако се грижиме доволно за другите за да им кажуваме за Евангелието. Ќе нè благослови за покорувањето на Неговите заповеди и за среќата што им ја носиме на оние што го прифаќаат Евангелието. Тој ни рече дека ќе бидеме среќни ако му помогнеме само на едно од Неговите чеда да го научи Евангелието и да се врати кај Него. Нашата радост ќе биде уште поголема ако им помогнеме на повеќе негови чеда да се вратат кај Него.

***Разговор***

- Какви благослови добиваме кога го приближуваме Евангелието до другите луѓе?
- Дали сте доживеале некој од тие благослови?

***Референци***

*Нашиот Отец на небесата сака сите Негови чеда да го знаат Евангелието*

- Матеј 24:14 (Евангелието треба да им се проповеда на сите народи.)
- Марко 16:15–16 (Исус им рече на апостолите секого да го поучуваат за Евангелието.)
- Дела 5:42 (Раните апостоли го поучуваа за Евангелието секого што можеа.)

*Вашето семејство може да биде дел од важното мисионерско дело на Црквата*

- 1 Тимотеј 4:12 (Младите луѓе можат да им бидат пример на другите.)
- Мосија 4:15 (Учете ги своите деца да се сакаат.)

*Големи благослови добиваат оние што им кажуваат на другите за Евангелието*

- Учење и завети 18:15–16 (Ќе имаме голема радост со оние на кои сме им помогнале да го прифатат Евангелието.)



*Храмот во Портланд, Орегон, САД*

# ЖИВЕЕЊЕ КАКО СЕМЕЈСТВО ЗАСЕКОГАШ

*Поглавје 32*

*Како можат семејствата да бидат заедно засекогаш, дури и по животот на земјата?*

**Бог планираше семејствата да бидат заедно засекогаш**

Семејството е најважната група луѓе на земјата. Нашето земно семејство е многу слично на нашето небесно семејство. Сите ние бевме браќа и сестри на небесата. Бевме деца на Бога. Бог беше водач на нашиот небесен дом. Од нашите небесни родители добивме љубов, грижа и водство.

Бог нѐ прати сите нас во семејство овде на земјата. На родителите им даде обврска да се грижат за секое свое дете додека се тука, на земјата. Родителите треба да ги сакаат своите деца и да им обезбедуваат храна, облека и дом. Треба да ги поучуваат своите деца за Бога и како можат да станат слични на Него.

Бог им овозможи на семејствата да бидат заедно засекогаш. На водачите на Својата Црква им даде овластување да ги соединат семејствата засекогаш. Тоа соединување заедно е наречено запечатување. Запечатувањето може да се изврши само во храм. Храмовите се свети објекти каде што можат да одат само верните членови на Црквата. Кога мажот и жената се запечатени во храм од некој што има свештенство и има посебна моќ да запечатува, нивниот брак нема да заврши кога тие ќе умрат. Нивниот брак ќе трае засекогаш ако ги одржат ветувањата дадени во храмот. Тоа е наречено вечен брак.

Ако мажот и жената не се запечатени во храм, бракот завршува кога едниот од нив ќе умре. Ако сме запечатени во храм и ако верно го следиме Исус Христос до крајот на својот живот, нашите семејства можат да бидат заедно засекогаш.

Брачна двојка може да отиде во храм да биде запечатена ако двајцата се верни следбеници на Исус. Таму, оној што има свештенство и посебно овластување може да ги запечати еден со друг. Исто така, може и нивните деца да ги запечати со нив. Откако ќе бидат запечатени еден со друг, можат да бидат заедно засекогаш, исто како да биле од почетокот венчани во храмот.

Бог сака сите Негови чеда да планираат да бидат запечатени во храм и да одгледуваат едно покорно семејство. Родителите треба да ги насочуваат своите деца да бидат подготвени да одат во храм за да бидат запечатени кога ќе се венчаат. Ако мажот и жената се запечатени во храм, сите нивни деца родени по нивното запечатување автоматски ќе бидат запечатени со нив.

***Разговор***

- Како ни овозможи Бог да бидеме засекогаш со своите семејства?
- Зошто е важно да бидеме запечатени во храм?

**Само верни членови на Црквата можат да влезат во храм**

Храмовите се свети места. Само на членовите на Црквата на Исус Христос на светиите од подоцнежните дни, што ја покажале својата вера во Исус Христос со покорување на Неговите заповеди, им е дозволено да влезат во нив. Тие луѓе станале достојни да влезат во храм. Пред да може некој да влезе во храм, мора да биде член на Црквата најмалку една година. Мажите мора да го имаат примено Мелхиседековото свештенство.

За да се види дали се достојни да одат во храм, мажите и жените мора да разговараат со епископот или со претседателот на разгранокот. Ако епископот или претседателот на разгранокот смета дека лицето е достојно, ќе му даде потпишан документ наречен препорака за храм. Потоа некој член на претседателството на колот или претседателот на мисијата исто така мора да разговара со лицето. Тој ќе ја потпише препораката за храм ако смета дека лицето е достојно. Кога ќе оди во храмот, лицето мора да ја земе препораката за храм за да може да влезе во него.

Следуваат прашања слични на оние што епископот или претседателот на разгранокот ги поставува за да реши дали членот на Црквата е достоен да оди во храм:

1. Веруваш ли во Бога, во Неговиот Син Исус Христос и во Светиот Дух?

2. Дали го прифаќаш претседателот на Црквата на Исус Христос на светиите од последните дни како пророк, јасновидец и откровител? Дали го прифаќаш како единствен човек на земјата што има овластување да ги користи сите свештенички клучеви?
3. Дали даваш десетти дел од својата заработувачка за Црквата?
4. Дали се покоруваш на Словото на мудроста?
5. Дали се трудиш да бидеш чесен со другите луѓе?
6. Дали се трудиш да ја извршуваш својата должност во Црквата со одење на своите состаноци и со покорување на заповедите?
7. Дали се покоруваш на законот за чедноста?
8. Дали некогаш си извршил сериозни грев и не си го исповедал пред надлежни свештенички водачи?

Влегувањето во храм е света повластица. Мора да бидеме достојни и подготвени да се покориме на секое свето ветување што сме го дале пред Бога во храмот. Мора да запомниме дека вечното запечатување извршено во храмот е свето. Тоа е единствениот начин да бидеме засекогаш заедно како семејства. Тоа е единствениот начин да се добијат сите благослови што Бог ги има за нас. Многу е важно за нашата вечна среќа да се трудиме да одиме во храм за да бидеме запечатени.

*Разговор*

- Кој може да влезе во храм?
- Кои работи треба да ги прави секој за да биде достоен да влезе во храм?
- Зошто е важно да одиме во храм и да бидеме запечатени?

**Подготвување на вашето семејство да живее заедно засекогаш**

Запечатувањето во храм овозможува засекогаш да живееме заедно како семејство, но постојат други работи што мора да ги правиме ако сакаме да го примиме тој голем благослов. Мора да продолжиме верно да го следиме Исус. Мора да ги одржуваме ветувањата што сме ги дале во храмот. Мора да научиме да бидеме добри членови на семејството, што се сакаат и си служат еден на друг. Мора да го молиме Бога за да ни помогне Светиот Дух да направиме правилни избори во сè што правиме. Треба секогаш да се трудиме да им помагаме на своите семејства да бидат достојни да живеат со Бога.

*Разговор*

- Освен што треба да биде запечатено во храм, што мора да прави семејството за да живее засекогаш заедно?

**Бог ни овозможи да ги спасиме своите предци**

Милиони Божји чеда умреле без да го слушнат Неговото Евангелие. Тие не ги примиле уредбите што се потребни за да им бидат простени нивните гревови и да бидат способни повторно да живеат со Бога. Бог ги сака сите Свои чеда и сака сите да Му се вратат, па затоа ни даде начин да ги примиме уредбите на Евангелието дадени за нив. Тој чин мора да биде извршен во храм.

Некои од уредбите извршени во храм за оние што умреле се крштавање, давање на дарот на Светиот Дух и запечатување на семејствата за вечност. Бидејќи тие уредби се потребни за сите што сакаат повторно да живеат со Бога, ние можеме да ги извршиме за нашите предци.

***Разговор***

- Како можат оние што умреле без да го слушнат Евангелието да ги примат уредбите што се потребни за да се вратат кај Бога?
- Кој е обврзан да се погрижи за извршувањето на потребните уредби за оние што умреле?

**Живите ги извршуваат уредбите за мртвите**

Постојат некои работи што можеме да ги направиме за да можат да бидат извршени уредбите за нашите роднини што умреле. Треба да ги идентификуваме со нивното име, датумот и местото на нивното раѓање и умирање. Ако не можеме да ја најдеме таа информација, сепак можеме да ги идентификуваме со бележење онолку колку што знаеме за семејната единица (таткото, мајката и нивните деца).

Пронаоѓањето на имињата на нашите предци што умреле и на сите други информации за нив се вика генеологија или семејна историја.

Постојат два формулара, наречени табела за потеклото и документ за семејната група, на кои можете да ги запишете тие информации. Копии од тие формулари можете да добиете од вашиот свештенички водач. Тој ќе задолжи некого да ви помогне да ги запишете тие информации. Потоа можете да ги однесете или да ги пратите информациите во храмот каде што ќе бидат извршени уредбите.

Ако никој од нашите живи роднини не ги знае информациите што ни требаат, можеме да ги добиеме од државните архиви, од архивите на црквите каде што нашите предци можеби припаѓале, од гробиштата или од кое било место каде што се достапни тие податоци.

Ако сме достојни, можеме да одиме во храм да ги извршиме уредбите за нашите роднини. Ако сме достојни, можеме да одиме во храм да ги извршиме уредбите за нашите роднини. Треба често да одиме во храм да извршуваме уредби за мртвите.

***Разговор***

- Што треба да се направи пред да можеме да ги извршиме уредбите во храм за нашите предци што умреле?
- Кои информации се потребни за да се извршат тие уредби?
- Кој може да ги изведе уредбите за нашите предци што умреле?

**Личните истории се важни**

Кога го читаме она што некој член од нашето семејство го напишал за себе, подобро го запознаваме и повеќе го засакуваме. Освен учењето за нашите мртви роднини и извршувањето на уредби за нив, треба да чуваме документи и за својот живот. Треба да пишуваме за своите родители, за своето раѓање и за работите што ни се случиле во текот на животот. Исто така, треба да ги запишуваме своите мисли за да можат нашите деца и внуци да дознаат повеќе за нас и да бидат охрабрени да ги прават истите добри работи што сме ги правеле ние.

Бог му рече на Адам да запишува записи од својот живот за своите деца. Пророците исто така запишуваа такви записи, и ние треба да го правиме истото. Со читање на записите напишани од Адам и од другите пророци, учиме за благословите и заповедите што ги примиле од Бога. Тоа ни помага да го правиме тоа што е добро. Треба да им помогнеме на своите деца со чување на записи за својот живот.

***Разговор***

- Зошто Бог им рече на Своите луѓе да чуваат записи за својот живот?
- Какви благослови можат да добијат вашите деца и внуци од вашиот личен запис?

***Референци***

*Бог планираше за семејствата да бидат заедно засекогаш*

- Матеј 18:18 (Она што ќе биде сврзано на земјата, од надлежна власт, ќе биде сврзано и на небесата.)
- Матеј 19:4–6 (Што составил Бог, не треба да се разделува.)

*Само верни членови на Црквата можат да влезат во храм*

- Учење и завети 88:119–121 (Мораме да се покаеме за своите гревови за да влеземе во храм.)

*Подготвување на вашето семејство да живее заедно засекогаш*

- 1 Петар 3:1–9 (На мажот и жената им е речено да живеат заедно во слога.)

*Бог ни овозможи да ги спасиме своите предци*

- Малахија 4:6 (Луѓето ќе бидат загрижени за своите предци, како и за семејствата што живеат по нив.)
- Евреите 11:40 (Не можеме да бидеме совршени без оние што умреле пред нас.)

*Живите ги извршуваат уредбите за мртвите*

- 1 Коринтјаните 15:29 (Луѓето што живееја во времињата на древните апостоли беа крстени за мртвите.)

*Личните истории се важни*

- Малахија 3:16 (Беше чувана книга во која беа напишани имињата на оние што го сакаа Бога.)

# ВТОРОТО ДОАЃАЊЕ НА ИСУС ХРИСТОС

*Деветти дел*





*Постојат многу знаци што покажуваат дека Второто доаѓање на Исус Христос е блиску.*

# ВТОРОТО ДОАЃАЊЕ НА ИСУС ХРИСТОС

*Поглавје 33*

---

*Исус Христос повторно ќе дојде на земјата. Кои ќе бидат знациите за Неговото доаѓање и како можеме да се подготвиме да Го сретнеме кога ќе дојде?*

**Исус вети дека повторно ќе дојде на земјата**

Четириесет дена откако Исус беше воскреснат, Тој и Неговите апостоли се сретнаа во горага наречена Маслиновата Гора. Дојде времето Исус да се врати на небесата. Ги изврши сите работи поради кои нашиот Отец на небесата го прати на земјата. Неговите апостоли гледаа како Исус се издигна кон небесата. Додека апостолите гледаа, два ангела дојдоа и им кажаа дека Исус повторно ќе дојде на земјата. Оттогаш па сè до денес оние што веруваат во Исус со радост го очекуваат Неговото враќање. Неговото враќање е наречено Второ доаѓање на Христос.

На Второто доаѓање Исус ќе слезе од небесата со голема моќ. Ќе ја исчисти земјата од сета злоба и сатаната веќе ќе нема моќ над луѓето. Исус ќе ги води илјадници години оние што Му биле верни.

***Разговор***

- Како знаеме дека Исус повторно ќе дојде на земјата?

**Исус ни кажа што ќе се случи пред да дојде Тој**

Исус ни кажа за многу нешта што ќе се случат пред Тој повторно да дојде. Тие нешта се наречени знаци на Неговото Второ доаѓање. Тој ни рече да ги бараме тие знаци и да бидеме подготвени за Неговото доаѓање. Ни рече дека, кога ќе видиме дека се случуваат тие нешта, ќе знаеме дека тој наскоро ќе дојде. Но нема да го знаеме точното време на Неговото доаѓање.

Ако ги проучуваме Светите писма и ако Му бидеме верни на Исус, ќе знаеме кои ќе бидат знациите на Исусовото доаѓање. Многу нешта ќе се

случат пред да дојде Исус повторно на земјата. Некои веќе се случија, некои се случуваат сега, а другите ќе се случат во иднината.

Пред Исусовото Второ доаѓање Евангелието ќе им биде проповедано на сите нации. Тоа ќе придонесе многу луѓе да бидат среќни и да добијат многу благослови. Други нешта што ќе се случат ќе ја искушуваат нашата вера. Ќе има голема злоба, земјотреси и разни други уништувања.

*Голема неволја ќе биде на земјата*

Исус рече дека ќе знаеме дека Неговото доаѓање е блиску кога на земјата ќе гледаме многу злоба, војни и страдања. Тоа ќе биде време на голема неволја. Ќе се случуваат земјотреси, силни бури, болести и глад. Град ќе ги уништи земјоделските култури на земјата.

Многумина ќе престанат да го сакаат нашиот Отец на небесата и ќе се свртат кон сатаната. Исто така, ќе престанат да ги сакаат и да им служат на другите луѓе и ќе почнат да ги повредуваат. Ќе има многу војни на земјата. Нациите ќе војуваат едни со други. Тие војни ќе продолжат сè додека не се случи една голема и конечна војна, што ќе биде најуништувачката војна водена на земјата. Тогаш Исус ќе дојде.

*Евангелието е обновено*

Пророците рекоа дека Евангелието ќе биде обновено на земјата пред да дојде Исус повторно. Евангелието е обновено преку пророкот Џозеф Смит. Секое поучување за Евангелието, кое треба да го знаеме и извршуваме за да можеме да Му се вратиме на нашиот Отец на небесата, е обновено на земјата.

Исус рече дека ќе знаеме дека Тој наскоро ќе дојде кога Книгата на Мормон ќе биде објавена и ќе му биде дадена на светот. Многу одамна пророците Исаија и Езекиел кажуваа за Книгата на Мормон. Книгата на Мормон беше преведена на англиски јазик од пророкот Џозеф Смит. Оттогаш е преведена на многу јазици. Книгата ќе им биде дадена на сите нации во светот пред да дојде Исус.

*Израеловиот дом мора повторно да биде собран*

Нашиот Отец на небесата рече дека потомството на Израеловиот дом* мора да го слушне и да го прифати Евангелието и да се подготви да Го сретне Исус кога повторно ќе дојде. Оние што го прифаќаат Евангелието, мора да ги поучуваат сите луѓе за него, да градат храмови и да вршат уредби за мртвите луѓе.

Многумина од Израеловиот дом, по крв или со посвојување, се обратија кон Црквата откако го прифатија Евангелието на Исус Христос. Светата земја беше благословена да биде место на собирање на многумина од потомството на Авраам. Потомството на Авраам се состои од луѓето познати како Арапи и Евреи, а и од другите. Потомците на луѓето во Америка од Книгата на Мормон, кои се исто така потомци на Авраам, го прифаќаат Евангелието и стануваат силен и праведен народ.

*Евангелието ќе му биде проповедано на целиот свет*

Исус рече дека ќе знаеме дека Тој наскоро ќе дојде кога Неговите следбеници ќе му го проповедаат Евангелието на целиот свет. Од времето кога Црквата беше обновена, мисионерите биле праќани да го проповедаат Евангелието кај разни нации. Многу мисионери денес го проповедаат Евангелието речиси насекаде во светот. Од секој член на Црквата се бара да им кажува на своите роднини и пријатели за Евангелието, а многумина одат во други земји да го проповедаат Евангелието, за да имаат сите луѓе можност да го слушнат.

*Илија дојде*

Пророкот Малахија во Библијата рече дека, пред да дојде Исус втор пат, пророкот Илија ќе ја посети земјата. Тој ќе ја врати власта за запечатување на семејствата да бидат заедно засекогаш. Тој ќе направи луѓето да сакаат да научат за своите предци и за своите потомци и да им помогнат да бидат спасени. Во април 1836 година Илија дојде и му ја обнови таа власт на пророкот Џозеф Смит. Поради доаѓањето на Илија, семејствата можат да бидат запечатени заедно во храмовите на земјата денес.

*Ќе биде изграден нов град Ерусалим*

Исус рече дека ќе знаеме дека Тој наскоро ќе дојде кога Неговата Црква ќе изгради град наречен Нов Ерусалим. Исус рече дека Тој ќе управува со тој град и таму ќе живеат праведни луѓе. Тој ни кажа каде ќе биде изграден тој град. Тоа ќе биде во државата Мисури, во центарот на Соединетите Држави.

Тоа се само некои од знаците што ќе ни покажат дека Исус наскоро ќе дојде. Светите писма ни кажуваат за другите знаци. Иако многу знаци се веќе видени, не го знаеме точното време на Исусовото повторно доаѓање на земјата.

***Разговор***

- Како знаеме дека Исусовото Второ доаѓање е блиску?
- Кои се знаците на Исусовото Второ доаѓање?

### Можеме да имаме мир и надеж, иако нè окружуваат зло и неволји

Треба да бидеме подготвени за Исусовото Второ доаѓање. Најдобар начин да се подготвиме за Неговото доаѓање е секој ден да се покоруваме на Неговите поучувања. Исто така, треба да се покоруваме на заповедите и упатствата што Тој му ги даде за нас на претседателот на Црквата денес. Треба да бидеме достојни да го имаме Светиот Дух со себе во секое време, да ги води нашите мисли и постапки. Исус рече дека, ако сме подготвени кога ќе дојде Тој, нема да ни биде страв. Ќе бидеме среќни и ќе сакаме да бидеме со Него. Добрите луѓе нема да бидат уништени кога Тој ќе дојде. Тие ќе живеат на земјата, а нивните деца ќе растат без грев. Исус ќе биде со нив, ќе ги благослови и ќе ги води.

Кога Исус повторно ќе дојде од небесата, лошите луѓе ќе бидат уништени. Добрите луѓе што умреле ќе станат од своите гробови и ќе Го сретнат кога Тој ќе доаѓа од небесата. Лошите нема да станат од своите гробови сè додека не помине период од илјада години. Тој период од илјада години е познат како Милениум.*

Кога Исус живееше на земјата, само неколку луѓе знаеја дека Тој, Спасителот на светот, дојде. Кога Исус ќе дојде повторно, секој ќе знае дека Тој е Исус Христос, Божјиот Син, Спасителот на светот.

***Разговор***

- Како може да ни помогне познавањето на знаците за Второто доаѓање?
- Што ќе им се случи на добрите луѓе на земјата кога ќе дојде Исус?
- Што ќе им се случи на лошите луѓе кои тогаш ќе живеат на земјата?

***Референци***

*Исус вети дека повторно ќе дојде на земјата*

- Матеј 24:36, 42–44 (Не ги знаеме денот и часот на Исусовото враќање.)
- Матеј 26:64 (Исус ќе дојде по небесните облаци.)
- Јован 14:2–3 (Исус вети дека ќе се врати.)
- Дела 1:11 (Ангелите им кажаа на апостолите дека Исус повторно ќе дојде.)

*Исус ни кажа што ќе се случи пред да дојде Тој*

- Матеј 24 (Објаснети се знаците што ќе се појават пред Исусовото Второ доаѓање.)

*Можеме да имаме мир и надеж, иако нè окружуваат зло и неволји*

- Захарија 14:9 (Исус ќе управува на земјата кога ќе се врати.)
- Матеј 13:40–43 (Лошите ќе бидат изгорени, но праведните ќе бидат спасени.)

# МИЛЕНИУМ

*Поглавје 34*

---

*Што е Милениум? Каков ќе биде животот на земјата во времето на Милениумот?*

**Во времето на Милениумот на земјата ќе живеат праведни луѓе**

Кога Исус повторно ќе дојде, ќе управува со светот илјада години. Тој временски период ќе биде познат како Милениум.

Милениумот ќе биде време на мир и праведност. Исус ќе ја исчисти земјата од гревот пред да почне Милениумот. Сите лоши луѓе ќе бидат уништени. Само праведните ќе бидат спасени за да живеат на земјата во тоа време. Сатаната ќе нема повторно моќ над луѓето сè додека не наближи крајот на Милениумот.

Пророкот Џозеф Смит рече дека луѓето од небесата често ќе ја посетуваат земјата во времето на Милениумот. Тие ќе ја помагаат работата во храмовите и мисионерската работа.

***Разговор***

- Што е Милениум?
- Кој ќе живее на земјата во времето на Милениумот?
- Обидете се да замислите како би било да живеете во место каде што не постои злоба.

**Во времето на Милениумот ќе бидат направени две големи дела**

Првото големо дело што ќе биде направено е извршувањето на уредби во храм и за живите и за мртвите луѓе. Луѓето што биле воскреснати ќе им помагаат на луѓето што живеат на земјата да ги пронајдат имињата на своите мртви роднини и да ги поправат сите грешки во записите.

Сите уредби што се потребни за запечатување на семејствата заедно, ќе бидат извршени во храмовите. Семејствата ќе бидат поврзани од една генерација до друга, наназад сѐ до Адам.

Другото големо дело е проповедувањето на Евангелието. Секој ќе може да го слушне Евангелието и да го прифати. Некои добри луѓе, што не се членови на Исусовата Црква, сѐ уште ќе живеат на земјата кога Милениумот ќе почне. Но на крајот сите луѓе ќе знаат и ќе речат дека Исус е Спасителот на светот.

***Разговор***

- Кои две големи дела ќе бидат направени во времето на Милениумот?

**Каков ќе биде животот во времето на Милениумот**

Во времето на Милениумот земјата ќе биде како што беше кога Адам и Ева живееја во Едемската градина. Ќе нема војна. Исус ќе управува и со Црквата и со владата. Сите закони ќе се засновуваат врз вистински и праведни принципи. Ќе има два главни града. Едниот ќе биде Ерусалим. Вториот главен град ќе биде Нов Ерусалим, во Соединетите Држави.

Луѓето ќе живеат заедно во мир и љубов. Сите животни, дури и оние што сега се непријатели, ќе живеат заедно во мир. Веќе нема да се борат меѓусебно.

Ќе нема болест и ќе нема смрт. Кога луѓето ќе остарат, нема да умираат како нас. Веднаш од состојбата како што постоиме сега ќе поминуваат во бесмртна состојба, што значи дека никогаш нема повторно да умрат.

Ќе биде голема привилегија да се живее во времето на Милениумот. Работите што сега не ги разбираме, ќе ни се разјаснат. Животот ќе биде сличен како што е сега, само што сѐ ќе биде направено во љубов и мир. Луѓето ќе продолжат да имаат и да одгледуваат деца, да садат земјоделски култури, да собираат плодови и да ги јадат, и да градат куќи.

***Разговор***

- Каква ќе биде земјата во времето на Милениумот?

**Кон крајот на Милениумот ќе се случи една завршна борба**

Кон крајот на Милениумот сатаната повторно ќе добие моќ на земјата. Некои луѓе ќе му веруваат. Сатаната и оние што го следат ќе се борат

против оние што Го следат Исус. Во таа војна сатаната и оние што го следат ќе бидат поразени засекогаш. По таа војна на луѓето ќе им се суди и секој ќе биде одреден да живее во царството за кое се подготвил.

***Разговор***
- Што ќе се случи кон крајот на Милениумот?

***Референци***

*Во времето на Милениумот на земјата ќе живеат праведни луѓе*

- Исаија 14:7 (Земјата ќе биде ослободена од злото.)
- 2 Нефи 30:10 (Лошите ќе бидат уништени.)

*Во времето на Милениумот ќе бидат направени две големи дела*

- Еремија 31:34 (Мажите веќе нема да се поучуваат еден со друг за Исус зашто сите ќе Го знаат.)

*Каков ќе биде животот во времето на Милениумот*

- Исаија 2:3–4 (Ќе постојат два светски главни града, а целиот свет ќе биде во мир.)
- Исаија 11:6–9 (Животните ќе живеат заедно во мир.)
- Откровение 20:1–3 (Сатаната ќе биде врзан.)

*Кон крајот на Милениумот ќе се случи една завршна борба*

- Откровение 20:7–10 (Сатаната и неговите следбеници ќе бидат поразени во завршната војна.)

# ЖИВОТОТ ПО СМРТТА

*Десетти дел*





*По смртта, во светот на духовите ќе им се придружиме на своите семејства и на оние што ги сакаме.*

# ЖИВОТОТ ПО СМРТТА

*Поглавје 35*

*Како можеме да се подготвиме за следниот живот?*

**Нашите духови живеат по нашата смрт**

Ние сме деца-духови на нашиот Отец на небесата. Додека живеевме со Него на небесата како духови, немавме физичко тело. Дел од Неговиот план за нас беше да се родиме на земјата и нашите духови да добијат тело од месо и коски. Нашиот дух е она што му дава живот на нашето тело додека живееме на земјата.

Како што раѓањето беше дел од планот за нас на нашиот Отец на небесата така друг дел од Неговиот план е да умреме. Кога некој ќе умре, неговиот дух го напушта неговото тело. Без духот телото нема живот и се става в гроб.

Но нашите духови живееја пред нашето раѓање и ќе продолжат да живеат по смртта. Кога ќе умреме, нашите духови ќе одат во светот на духовите да го чекаат воскресението, додека телото останува во гробот.

Во светот на духовите нашите духови ќе ја имаат истата форма како кога живеевме на земјата со тело од месо и коски. Ќе изгледаме како што изгледаме овде. Ќе размислуваме на истиот начин и ќе веруваме во истите работи како и овде. Оние што се праведни во овој живот, сè уште ќе бидат праведни. Оние што биле неправедни, сè уште ќе бидат неправедни. Откако ќе умреме, ќе ги имаме истите желби што сме ги имале на земјата.

***Разговор***

- Од каде доаѓаат нашите тела-духови?
- Што се случува со нив кога ќе умреме?
- Како изгледаат телата-духови?

**Светот на духовите е место за работење, учење и чекање**

Пророците на нашиот Отец на небесата ни кажаа многу работи за светот на духовите. Едно место е наречено рај. Кога ќе умре некој што го прифатил Евангелието и што бил верен следбеник на Исус, неговиот дух оди во рајот. Тоа е место каде што луѓето се среќни и мирни. Таму тие немаат неволји, тага и болка. Можат да прават многу вредни нешта, како што се поучување на другите за Евангелието или повеќе учење за себеси.

Другото место е наречено затвор на духовите. Три видови луѓе ќе бидат таму. Таму ќе бидат оние што биле лоши во овој живот, оние што живееле добар живот, но не го прифатиле Евангелието и оние што никогаш немале можност да го слушнат Евангелието.

Пророците на нашиот Отец на небесата ни кажаа дека меѓу праведните ќе бидат избрани мисионери што ќе бидат пратени во светот на духовите, за да ги поучуваат сите духови на мртвите луѓе за Евангелието. Многумина ќе го прифатат Евангелието и ќе се покаат. Потребните уредби за спасување ќе бидат извршени за нив од живите луѓе во храмовите на нашиот Отец на небесата. Роднините или другите членови на Црквата ги вршат тие уредби за нив. Тогаш тие ќе можат да го напуштат затворот на духовите. На тој начин нашиот Отец на небесата им дава можност на сите Свои чеда да ги примат благословите на Евангелието, без оглед на тоа кога живееле на земјата.

На крајот сите во светот на духовите ќе бидат воскреснати. При воскресението духот и телото повторно ќе бидат соединети заедно. Иако телото се распаднало и се претворило во прав додека било во гробот, сепак ќе стане бесмртно и совршено тело. Пророкот Алма рече дека секој дел од телото ќе биде обновен, дури и косата на главата нема да биде загубена, и сè ќе биде вратено назад во совршена форма.

При воскресението телото и духот ќе бидат соединети, за да не бидат разделени никогаш повторно. На секој што некогаш живеел на оваа земја, Исус му го даде тој прекрасен дар за воскресение, преку Својата љубов и Својата голема жртва што ни донесе помирување.

***Разговор***

- Кои две поделби постојат во светот на духовите?
- Кој ќе биде во рајот? Што прават духовите во рајот?
- Кој ќе биде во затворот на духовите? Што се случува таму?

### На сите ќе ни биде судено на завршниот суд

Често ќе ни биде судено во текот на нашиот вечен живот. Ни беше судено додека живеевме со нашиот Отец на небесата, за да се види дали сме достојни да дојдеме на оваа земја и да добиеме тело. Судено ни е додека сме овде, за да се види дали сме достојни да бидеме крстени. На мажите им се суди за да се види дали се достојни да им се даде свештенство. Ни се суди за да се види дали сме достојни да влеземе во храм да добиеме посебни благослови. Откако ќе умреме, ни се суди, а наградата што ќе ја добиеме зависи од тоа како сме живееле на земјата.

Откако ќе бидеме воскреснати, ќе бидеме одведени пред нашиот Отец на небесата да ни се суди последен пат. Тоа е наречено Последниот суд. На Последниот суд ќе се реши каде ќе одиме да живееме засекогаш. Таму ќе бидеме судени според она што сме го рекле, направиле и мислеле во овој живот. Ќе бидеме судени според тоа колку добро сме ги следеле Исусовите поучувања. Ќе ни биде судено според записите чувани и на оваа земја и на небесата. Нашиот Отец на небесата ќе Го задолжи Исус да ни суди.

Исус многу нè сака, но Тој е праведен судија и мора да ни суди според тоа каков живот сме живееле. Сè што сме мислеле, што сме рекле или сме направиле е запишано, како во нашите умови така и во записите што се чуваат. Исус ги знае сите наши постапки, а кога ќе застанеме пред Него, и ние ќе се сетиме на нив.

***Разговор***

- Наведете некои случаи кога ни е судено.
- Наведете некои од работите за кои ќе ни се суди.

### Со своите секојдневни постапки решаваме што ќе ни се случи откако ќе умреме

Ако во текот на својот живот го правиме она што е праведно, ќе се подготвиме да живееме засекогаш со нашиот Отец на небесата и со добрите луѓе од земјата. Ако не сме ги следеле заповедите на нашиот Отец на небесата, ќе се чувствуваме многу лошо кога ќе застанеме пред Исус за да ни се суди.

Пророците рекоа дека нашите лоши зборови, нашите лоши постапки, па дури и нашите лоши мисли ќе нè осудат. Рекоа дека лошите ќе застанат пред Исус со срам и страшна вина и ќе посакаат да се скријат од Неговото присуство.

За секој што живеел на оваа земја, денот на Последниот суд ќе биде или прекрасен ден или тажен ден. Треба да се подготвиме за тој иден момент, за да биде тој ден среќен за нас. Ние посакуваме да можеме да застанеме без срам пред нашиот Отец на небесата и да го слушнеме како го одобрува она што сме го правеле во текот на својот живот.

Треба да мислиме на Последниот суд. До крајот на својот живот треба да Му бидеме верни на Исус Христос и да се покаеме за своите гревови, па ќе бидеме подготвени за него. Тоа е единствениот начин да се ослободиме од последиците на гревот кога ќе дојде тоа време. Ако имаме вера во Исус Христос и ако се покаеме за сите свои гревови, нашиот Отец на небесата ќе ни прости за нашите гревови и ќе ни помогне да станеме наполно без грев. Ако сме Му верни на Исус Христос, ќе го поминеме својот живот правејќи добри нешта, имајќи добри мисли и зборувајќи добри зборови. Ќе ги избегнуваме луѓето, книгите и местата што предизвикуваат да имаме лоши мисли или да бидеме неправедни на каков било начин.

Нашиот Отец на небесата го сака секого од нас и сака да живееме на начин на кој ќе станеме достојни да се вратиме кај Неговата присутност. Ако имаме желба да живееме со Него и со добрите луѓе што ги сакаме, мора да имаме вера во Исус Христос и да го правиме она што Тој ни заповеда да го правиме. Исто така, мора да им помогнеме на нашите семејства да живеат добар живот. Нашиот Отец на небесата ќе ни помогне. Тој ни го даде Евангелието за да ни го покаже патот и ни рече дека секогаш можеме да Го молиме за помош.

***Разговор***

- Зошто нашите дневни мисли и постапки се толку важни?
- Што можете да направите за да ги подобрите своите мисли, зборови и постапки?
- Зошто ни е потребна помошта од нашиот Отец на небесата за да станеме совршени?
- Зошто само преку верата во Исус Христос може да ни се суди дали сме достојни да живееме со нашиот Отец на небесата?

***Референци***

*Нашите духови живеат по нашата смрт*

- Лука 23:43 (Исус му вети на крадецот на крстот дека наскоро ќе бидат заедно во рајот.)

- Алма 40:11 (Нашиот дух се враќа кај нашиот Отец на небесата откако ќе умреме.)

*Светот на духовите е место за работење, учење и чекање*

- 1 Петар 3:18–20 (Исус им проповедаше на духовите во затворот.)
- Алма 40:12–14 (Праведните ќе бидат среќни во рајот, а лошите многу ќе жалат во затворот.)

*На сите ќе ни биде судено на Последниот суд*

- Дела 17:31; Римјаните 14:10 (Еден ден Исус Христос ќе му суди на секој човек.)
- Откровение 20:12 (Ќе ни се суди според книгите чувани на земјата и на небото.)

*Со своите секојдневни постапки решаваме што ќе ни се случи откако ќе умреме*

- Матеј 25:31–46 (Исус Христос ќе ни суди според нашите дела.)
- 2 Нефи 29:11 (Ќе ни се суди според Светите писма.)
- 2 Нефи 31:19–20 (Мора да продолжиме да Му бидеме верни на Исус Христос до крајот на својот живот, покајувајќи се за сите свои гревови, за да добиеме вечен живот.)
- Јаков 6:9 (Ќе стоиме со срам и страшна вина ако не се покаеме.)
- Алма 12:14 (Нашите зборови, мисли и дела ќе нè осудат ако се лоши.)



*Оние што се верни до крајот ќе бидат воздигнати со нашиот Отец на небесата и со Исус Христос.*

# ВЕЧЕН ЖИВОТ

*Поглавје 36*

*Каде ќе одиме да живееме по Последниот суд?*

**Секој од нас ќе оди во местото за кое се подготвил**

Исус нè поучуваше дека нашиот Отец на небесата подготви за нас многу места за живеење. Секој од нас ќе биде одреден за едно од четирите места, според тоа колку сме Му биле верни на Исус Христос. Ќе одиме во царството за кое сме се подготвиле според изборите што сме ги направиле. Тие четири места се селестијално царство, терестријално царство, телестијално царство и надворешна темнина.

*Селестијално царство*

Тоа е место каде што живеат нашиот Отец на небесата и Исус. Тоа е место каде што луѓето ќе бидат среќни, а ќе биде поубаво отколку што можеме да замислиме. Луѓето што ќе живеат во тоа царство ќе Ги сакаат нашиот Отец на небесата и Исус и ќе одберат да Им се покоруваат. Тие морале да се покаат за сите свои гревови и да го прифатат Исус како свој Спасител. Тие морале да се крстат и да го примат дарот на Светиот Дух. Тие мора да имаат сведоштво од Светиот Дух дека Исус е Спасителот.

Живеењето во највисокиот дел од селестијалното царство е наречено воздигање* или вечен живот. За да бидат способни да живеат во тој дел од селестијалното царство, луѓето морале да се венчаат во храм и да ги одржат светите ветувања што ги дале во храмот. Тие ќе добијат сè што има нашиот Отец на небесата и ќе станат слични на Него. Дури ќе бидат способни да имаат деца-духови, да направат за нив нови светови за живеење и да ги прават сите нешта што ги правел нашиот Отец на небесата. Луѓето што не се венчани во храм можат да живеат во другите делови на селестијалното царство, но нема да бидат воздигнати.

*Терестријално царство*

Тоа царство не е толку прекрасно како селестијалното царство. Иако Исус ќе го посетува терестријалното царство, оние што живеат таму нема да живеат со нашиот Отец на небесата и нема да имаат сè што има Тој. Оние што одат во терестријалното царство ќе бидат чесни луѓе. Некои од нив ќе бидат членови на Црквата, а некои не. Тоа ќе бидат оние што на земјата не Го прифатиле Исус, но подоцна Го прифатиле во светот на духовите. Луѓето што ќе живеат таму нема да бидат дел од вечно семејство, туку ќе живеат одвоено, без семејство. Нашиот Отец на небесата ќе им ја даде на тие луѓе среќата за која се подготвени да ја примат.

*Телестијално царство*

Тоа царство не е толку прекрасно како селестијалното царство или терестријалното царство. Ни нашиот Отец на небесата ни Исус нема да ги посетуваат оние што живеат таму. Ангелите ќе ги посетуваат тие луѓе и тие ќе го имаат влијанието на Светиот Дух. Луѓето што живеат во телестијалното царство се оние што не ги прифатиле ни Евангелието ни сведоштвото на Исус, ни на земјата ни во светот на духовите. Тие ќе страдаат поради своите гревови во затворот на духовите, сè до завршетокот на Милениумот. Потоа конечно ќе бидат воскреснати.

Додека живееле на земјата, тие биле лажливци, крадци, убијци, лажни пророци, прељубници и оние што ги исмевале светите работи. Тоа се луѓе кои повеќе сакале да ги прифатат верувањата на светот отколку поучувањата на Исус. Многумина ќе живеат во тоа царство. Нашиот Отец на небесата ќе им ја даде на тие луѓе среќата за која се подготвени да ја примат.

*Надворешна темнина*

Надворешна темнина е место каде што живеат сатаната и оние што го следеле. Тоа ќе бидат луѓето што одбрале да живеат со сатаната. Ним нема да им биде простено. Тие луѓе засекогаш ќе живеат во темнина, жалење и страдање, заедно со сатаната и со духовите што го следеле.

***Разговор***

- За кое царство мора да се подготвиме за да станеме слични на нашиот Отец на небесата?
- Наведете некои од работите што мора да ги правиме овде, на земјата, за да бидеме достојни да живееме како нашиот Отец на небесата.

### Нашиот Отец на небесата ни го даде Евангелието за да нè подготви за вечен живот во селестијалното царство

Нашиот Отец на небесата на секого од нас му дава можност да има вечен живот со Него. Вечниот живот е како животот на нашиот Отец на небесата и на Исус. Нашиот Отец на небесата е совршен. Ги знае сите нешта. Има моќ над сите нешта. Управува со сите нешта. Живее според вечните вистини и закони.

Исус Му се покоруваше на нашиот Отец на небесата и затоа живее со нашиот Отец на небесата. Ако ги правиме нештата за кои Исус нè поучуваше да ги правиме, ќе бидеме способни да живееме како што живеат Тој и нашиот Отец на небесата. Да се има вечен живот со нашиот Отец на небесата е најголемиот дар што Тој може да ни го даде. Ќе ни донесе повеќе среќа од што и да било друго.

Евангелието ни кажува сè што треба да знаеме и да правиме за да добиеме вечен живот. Тоа ни помага да Ги запознаеме нашиот Отец на небесата и Исус. Нè поучува како да живееме како што живееја тие. Со молење и проучување на Светите писма можеме подобро да Ги запознаеме. Кога Ги познаваме и Ги сакаме, ќе сакаме да се покориме на Нивните зборови. Покорувајќи Им се, ќе станеме способни да бидеме како Нив и да станеме достојни засекогаш да живееме со Нив.

***Разговор***
- Што е вечен живот? Кој ќе го добие?
- Како помага Евангелието да се подготвиме за вечен живот?

### Нашиот Отец на небесата ќе ни помогне кога ќе одбереме да се покоруваме на Евангелието

Нашиот Отец на небесата знае дека е можно за сите нас да живееме според Евангелието и да добиеме вечен живот. Бидејќи сме Негови чеда, имаме моќ да станеме како Него. Тој ги знае слабостите што ги има секој од нас и кои работи ќе нè искушуваат. Тој ни дозволи да дојдеме на земјата во време и на место што ќе ни даде можност да правиме добри работи и да учиме.

Сега е време да правиме сè што треба да правиме за да добиеме вечен живот. Нашиот Отец на небесата нè сака и сака да успееме. Тој направи за нас сè што можеше. Ни даде земја каде што можеме да учиме и да растеме. Го прати Својот Син Исус Христос да биде наш Спасител и да нè поучува за Евангелието. Нè покани да Му се молиме. Овозможи Светиот Дух да биде наш водач. Сега треба да правиме праведни

работи. Ако одбереме да имаме вера во Исус Христос и да Му се покоруваме, Тој ќе ни помогне и ќе ни даде сила да ги совладаме искушенијата и другите проблеми што доаѓаат во животот.

Нашиот Отец на небесата побара од нас да го прифатиме Евангелието. За да го направиме тоа, прво мораме да имаме вера во Исус Христос. Потоа, мораме да се покаеме за своите гревови за да можеме да бидеме крстени и потврдени како членови на Црквата на Исус Христос на светиите од подоцнежните дни. Кога сме потврдени, го примаме дарот на Светиот Дух од оној што има свештенство. Светиот Дух му кажува на секого од нас што сака Исус да правиме, а за да го добиеме вечниот живот, мораме да го поминеме остатокот од својот живот покорувајќи Му се и служејќи Му.

Исус бара сите ние да се покоруваме на заповедите за да ни помогне да се подготвиме да се вратиме и да живееме со нашиот Отец на небесата. Тоа вклучува покорување на законот за чедноста, плаќање на десеток и давање на приноси, покорување на Словото на мудроста, секогаш да бидеме чесни и да го празнуваме сабат како свет ден.

За да станеме како нашиот Отец на небесата, мора да ги примиме уредбите направени во храм, познати како дарување.* Таму треба да бидеме запечатени, па ќе бидеме заедно со своите семејства за вечност. Потоа треба да ги побараме имињата и податоците за своите мртви роднини и да è ги дадеме на Црквата, за да може во храмот да бидат извршени потребните уредби за нив.

Исус ни заповеда да правиме многу нешта. На пример, да им кажуваме на другите за Евангелието, да ги сакаме, да им помагаме и да им бидеме добар пример.

Исто така, треба да ги одржиме сите ветувања што сме Му ги дале на нашиот Отец на небесата, редовно да присуствуваме на своите Црковни состаноци, да го поучуваме своето семејство за Евангелието со секојдневно проучување на Светите писма, и секој ден да се молиме сами и со своето семејство.

Ако имаме вера во Исус Христос и ако се трудиме да се покориме на сите негови заповеди, ќе добиеме вечен живот и ќе станеме како нашиот Отец на небесата.

Да станеме како нашиот Отец на небесата е исто како да се искачуваме по скали. Мораме да почнеме од дното и да се искачуваме со секој

чекор, додека не дојдеме на врвот. Пророкот Џозеф Смит рече дека, ако сакаме да станеме како нашиот Отец на небесата, мораме да научиме како чувствува, мисли и дејствува Тој. Кога ќе ги разбереме тие нешта, можеме да ги научиме сите други нешта за Него, сè додека не дознаеме како да станеме како Него.

Тоа ќе ни помогне да запомниме дека нашиот Отец на небесата некогаш беше човек што живееше на земјата, исто како нас. Тој стана наш Отец на небесата со совладување на проблемите, исто како што мораме да направиме и ние на оваа земја. Меѓутоа, пророкот Џозеф Смит рече дека нема да научиме сè што треба да научиме додека сме во овој свет. По завршувањето на овој живот, ќе ни треба уште долго време за да ги дознаеме сите нешта што треба да ги знаеме за да станеме како нашиот Отец на небесата.

Мислете на тоа колку среќни ќе бидеме кога ќе Му се вратиме на нашиот Отец на небесата, затоа што сме научиле да ги исполнуваме сите Негови заповеди.

***Разговор***

- Зошто е можно секој од нас да стане како нашиот Отец на небесата?
- Кои нешта треба да ги правиме за да имаме живот каков што има нашиот Отец на небесата?
- Како ни помага нашиот Отец на небесата да станеме како Него?
- Опишете како би се чувствувале да слушнете како нашиот Отец на небесата ви вели дека сте постапувале добро и дека Тој ве сака.

***Референци***

*Секој од нас ќе оди во местото за кое се подготвил*

- Јован 14:2 (Исус подготви место за нас во домот на Својот Отец.)

*Нашиот Отец на небесата ни го даде Евангелието за да нè подготви за вечен живот во селестијалното царство*

- Мосија 4:26–27 (Кажани ни се работите што мора да ги правиме за да наследиме вечен живот.)
- Алма 34:32–34 (Дојде времето да се подготвиме да живееме со нашиот Отец на небесата.)

*Нашиот Отец на небесата ќе ни помогне кога ќе одбереме да се покоруваме на Евангелието*

- Матеј 25:23 (Нашиот Отец на небесата ќе направи оние што се верни да бидат управители над многу работи.)

# ПОСТАВКИ НА ВЕРАТА

Во пролетта 1842 година пророкот Џозеф Смит му прати писмо на Хон Вентворт, уредник на весникот *Чикаго Демократ* (Chicago Democrat). Тоа писмо содржеше приказ на повеќе настани од раната историја на Црквата. Освен тоа, документот содржеше и тринаесет изјави за верувањата на светиите од подоцнежните дни. Тие станаа познати како Поставки на верата, а наведени се во продолжението на овој текст.

Поставките на верата се официјално учење на Црквата, а канонизирани се како дел од Светите писма од подоцнежните дни. Тоа се јасни изјави за верувањето, што им помагаат на членовите да ги разберат основните верувања на Црквата и да им ги објаснуваат тие верувања на другите. Но тие не даваат целосен преглед на учењето на Црквата. Преку живите пророци Црквата е водена низ постојано откровение и вдахновение.

1 Веруваме во Бога, Вечниот Отец, и во Неговиот Син Исус Христос, и во Светиот Дух.

2 Веруваме дека луѓето ќе бидат казнети поради сопствените гревови, а не поради престапот на Адам.

3 Веруваме дека преку помирувањето на Христос, сите луѓе можат да бидат спасени преку покорување на законите и уредбите на Евангелието.

4 Веруваме дека првите принципи и уредби на Евангелието се: прво, вера во Господ Исус Христос; второ, покајание; трето, крштавање со потопување за ослободување од гревовите; четврто, ракополагање за дарот на Светиот Дух.

5 Веруваме дека човекот мора да биде повикан од Бога, преку пророштво и ракополагање од оние што имаат овластување, за да го проповеда Евангелието и да ги извршува неговите уредби.

6 Веруваме во истото устројство што постоеше во првобитната Црква и тоа апостоли, пророци, пастири, учители, евангелисти и така натаму.

7 Веруваме во дар за јазици, пророштво, откровение, виденија, исцелување, толкување на јазици и така натаму.

8 Веруваме дека Библијата е словото на Бога, до онаа мера до која е преведена точно; исто така, веруваме дека Книгата на Мормон е словото на Бога.

9 Веруваме во сè што откриваше Бог, во сè што открива сега и веруваме дека Тој допрва ќе открие многу големи и важни нешта за царството Божјо.

10 Веруваме во буквално собирање на Израел и во обновувањето на десетте племиња; веруваме дека Сион (Новиот Ерусалим) ќе биде изграден на американскиот континент; дека Христос лично ќе управува на земјата; и дека земјата ќе биде обновена и ќе ја прими својата рајска слава.

11 Полагаме право на привилегијата да Му се поклонуваме на Семоќниот Бог, според гласот на нашата сопствена совест, и да им ја допуштиме на сите луѓе истата привилегија, да им допуштиме да се поклонуваат на свој начин, во свое место и како што можат.

12 Веруваме дека сме под управа на кралеви, претседатели, управители и чиновници, покорни сме на законот, го почитуваме и го поддржуваме.

13 Веруваме дека треба да бидеме чесни, верни, морално чисти, добронамерни, доблесни и да им правиме добро на сите луѓе; всушност, можеме да речеме дека ја почитуваме опомената на Павле – веруваме во сè, се надеваме на сè, многу сме истрпеле и се надеваме дека ќе бидеме способни сè да истрпиме. Ако постои нешто доблесно, љубезно, што е наречено добро или достојно за пофалба, ние го бараме тоа.

Џозеф Смит

# ЗБОРОВИ ШТО ТРЕБА ДА СЕ ЗНААТ

**Апостол** Служба во Мелхиседековото свештенство. Еден од дванаесетте посебни сведоци на Исус.

**Ароново свештенство** Пониската од двете свештенички власти, кои нашиот Отец на небесата им ги даде на луѓето на земјата за да настапуваат од Негово име за спасение на Неговите чеда. Ова пониско свештенство го доби името по Арон, братот на Мојсеј, а се разликува од повисокото или Мелхиседековото свештенство. Ароновото свештенство ги вклучува службите ѓакон, учител, свештеник и епископ.

**Бог** Врховно Суштество и управител на универзумот. Името *Бог* обично се однесува на нашиот Отец на небесата, но некогаш во Светите писма се однесува и на Исус.

**Вечен брак** Брак што е запечатен во храм и што продолжува вечно по нашата смрт, ако сме достојни да живееме со нашиот Отец на небесата.

**Вечен живот** Се однесува не само на живеење засекогаш туку и на живеење на живот каков што живее нашиот Отец на небесата и на стanување сличен на Него. Има исто значење како воздигање.

**Вечен Отец** Друго име што го употребуваме за нашиот Отец на небесата.

**Воздигање** Највисоко ниво во селестијалното царство. Оние што живеат таму ќе станат слични на нашиот Отец на небесата.

**Воскресение** Соединување на телото и духот по смртта за да се добие бесмртно тело.

**Врховен свештеник** Служба во Мелхиседековото свештенство која е одговорна за администрацијата на духовните работи.

**Второ доаѓање** Враќањето на нашиот Спасител, Исус Христос, за да го започне Милениумот или илјадагодишниот период на мир.

**Господ** Име за Бог. Некогаш се однесува на нашиот Отец на небесата, а некогаш на Исус Христос.

**Дар на Светиот Дух** Право да имаме постојано влијание од Светиот Дух. Дарот се дава по крштавањето.

**Дарување** Благослови дадени од нашиот Отец на небесата во храмовите, што се потребни за да се постигне воздигање.

**Десеток** Една десетина од сè што заработуваме, а што ѝ го даваме на Црквата.

**Десетте племиња** Потомците на десет од дванаесетте синови на Израел (Јаков) што биле одведени во ропство и чија локација оттогаш е непозната за луѓето.

**Домашни учители** Двајца што имаат свештенство и што се определени да посетуваат одредени семејства во Црквата. Тие им помагаат на семејствата во врска со нивните духовни и световни потреби.

**Дух** Она што му дава живот на телото. Тоа е дел од телото што постоел пред овој живот и што продолжува да постои по нашата смрт. Духот и телото ќе бидат соединети при воскресението за да не бидат одделени никогаш повторно.

**Духовна смрт** Состојба кога сме одделени од нашиот Отец на небесата.

**Душа** Има исто значење како личност (тело и дух заедно). Меѓутоа, но некогаш овој збор се употребува за да се означи човековиот дух.

**Ѓакон** Првата служба во Ароновото свештенство, дадена на достојни момчиња на возраст до 12 години. Таа им дава власт да извршуваат одредени световни должности.

**Евангелие** Поучувањата на Исус Христос кои, ако ги следиме, ќе ни овозможат да се вратиме и да живееме во присуство на нашиот Отец на небесата.

**Епископ** Служба во Ароновото свештенство што му дава на човекот власт за духовна и световна благосостојба на група членови на Црквата.

**Жртвување** (1) Во древните времиња, убивање на животни како знак на покорување на законот на нашиот Отец на небесата. (2) Денес, откажување од нешто што за нас има вредност, како што се нашето време и нашите средства, за да им помогнеме на другите.

**Завети** Свети ветувања дадени меѓу нашиот Отец на небесата и човекот.

**Закон на чедноста** Заповед на нашиот Отец на небесата дека секој треба да има сексуални односи само со својот брачен партнер.

**Запечатување** Уредба извршена во храм при која вечно се соединуваат мажот и жената или децата со своите родители.

**Затвор на духови** Дел од светот на духовите каде што одат по смртта духовите на три типа луѓе: оние што биле лоши во овој живот, оние што живееле добар живот, но не го прифатиле Евангелието или не живееле според него, како и оние што никогаш немале можност да го слушнат Евангелието. На крајот сите тие луѓе ќе бидат воскреснати.

**Израелов дом** Секој природен или посвоен потомок на дванаесетте синови на Јаков, чие име беше променето во Израел (видете Создавање 32:28 ).

**Исус Христос** Најстарото чедо од децата-духови на нашиот Небесен Отец, Создателот на земјата, нашиот Спасител и Избавител. Тој дојде на земјата за да плати за гревовите на сите нас. (Видете посебно во главите 3, 11 и 12).

**Јасновидец** Оној што може да ја предвиди иднината затоа што му била откриена од нашиот Отец на небесата. Јасновидецот е сличен на пророкот.

**Кворум** Организирана група мажи или момчиња што имаат иста служба во свештенството. Секој кворум е управуван од претседател и од двајца негови советници.

**Клучеви на свештенството** Право да се дава овластување за извршување на свештенички уредби.

**Книгата на Мормон** Книга со Писма што ги содржи поучувањата на нашиот Отец на небесата за луѓето што живееја на американскиот континент.

**Кол** Организација на членови во рамките на едно географско подрачје каде што Црквата е наполно устроена и водена од назначени свештенички водачи. Поделен е на помали единици наречени оддели и разграноци.

**Крштава** Го потопува човекот во вода, а потоа го вади од водата за да живее нов живот. *Видете* крштавање.

**Крштавање** Неопходна уредба на Евангелието при која лицето Му дава завет на нашиот Отец на небесата дека ќе Му се покорува, а нашиот Отец на небесата ветува дека ќе му прости, ќе го исчисти од гревовите и ќе му дозволи членство во Неговата Црква. Уредбата го симболизира повторното раѓање, преку потопување во вода, а потоа повторно издигање во нов живот. Оваа уредба ја извршуваат оние што се овластени да имаат свештенство и да дејствуваат од името на нашиот Отец на небесата.

**Крштавање за мртвите** Крштавање во храм на нашиот Отец на небесата на живо лице кое настапува од името на лицето што умрело.

**Мелхиседеково свештенство** Повисокото од двете свештенства, кое има служби на старешина, врховен свештеник, патријарх, Седумдесетте и апостол.

**Милениум** Илјада години мир што ќе започнат кога Исус повторно ќе дојде на земјата, односно со неговото Второ доаѓање.

**Мисија** (1) Подрачје во светот каде што Црквата извршува мисионерска работа или го планира тоа. Обично е поделено на помали единици наречени окрузи. (2) Повик од водачот на Црквата за проповедување на Евангелието или за служење во текот на одреден временски период.

**Надворешна темнина** Место каде што ќе живеат сатаната и оние што одбрале да го следат. Оние што живеат таму нема да го имаат влијанието од Светиот Дух, па така ќе бидат без светлина и вистина.

**Небеса** Место каде што живее нашиот Отец на небесата. Некогаш се употребува кога се зборува за местото каде што живееја нашите духови пред да дојдат на земјата и каде што одат откако ќе умреме (свет на духовите). Исто така, назив на местото каде што праведните ќе живеат вечно по воскресението (селестијално царство).

**Небесен Отец** *Видеше* Отец на небесата.

**Нов Ерусалим** Град што ќе биде изграден во државата Мисури, во Соединетите Држави, непосредно пред почетокот на Милениумот. Од тоа место, во времето на Милениумот, Исус ќе управува со Својата влада, со царството на нашиот Отец на небесата на земјата.

**Оддел** Група членови на Црквата организирани во рамките на кол, водени од епископ и двајца негови советници.

**Округ** Подрачје или одделение, понатаму поделено на разграноци, што е во составот на мисија на Црквата. Водено е од претседател и двајца негови советници.

**Отец на небесата** Совршено суштество кое изгледа како смртен човек, но има воскреснато тело од месо и коски. Тој е татко на нашите духови, на кој му се молиме. Тој е семоќен и бесмртен. Нè сака затоа што сме Негови чеда. Го викаме и Небесен Отец.

**Откровение** Знаење дадено на луѓето од нашиот Отец на небесата, обично преку вдахновение на Светиот Дух, што може да се однесува на минатото, на сегашноста или на иднината.

**Отпаѓање** (1) Состојба на духовно оддалечување од нашиот Отец на небесата. (2) Временски период кога поучувањата на нашиот Отец на небесата и на Неговото свештенство не беа на земјата.

**Падот на Адам** Промена што настапи кај Адам и Ева затоа што вкусија од забранетото овошје. Нашиот Отец на небесата ги оддалечи од Своето присуство и тие станаа смртни. Тоа им овозможи на сите луѓе да бидат родени и да умрат.

**Патријарх** Служба во Мелхиседековото свештенство дадена на оној што е веќе врховен свештеник, а кој, откако ќе биде ракоположен за службата патријарх, им дава посебни благослови, наречени патријархови благослови, на достојните членови на Црквата.

**Покајание** Процес низ кој мора да помине секој што грешел за да му биде простено. (*Видете* во Поглавје 14.)

**Помирување** Исусово плаќање, со страдање и смрт, за гревовите на сите луѓе, што ним им овозможува да бидат ослободени од последиците на физичката и духовната смрт, предизвикана со Адамовиот престап и човековото одвојување од нашиот Отец на небесата.

**Препорака за храм** Потпишан документ што претставува дозвола да се влезе во било кој храм на Црквата. За да го добие некој тој документ мора да биде достоен член на Црквата. Препораката е потпишана од надлежни свештенички водачи кои сведочат за достојноста на лицето.

**Принос од пост** Давање на парите што би биле потрошени за два или повеќе оброка, а се заштедени поради постењето. Се даваат на Црквата за помагање на сиромашните.

**Пророк** Маж повикан од нашиот Отец на небесата, што комуницира со Него и зборува од Негово име.

**Пророштво** Вдахновени зборови на пророк, обично за иден настан.

**Разгранок** Фигуративна употреба на дел од дрвото за да се симболизира мало одделение или организирана единица од поширокото семејство на Црквата. Одделението е засновано врз географска граница, во која членовите живеат и се среќаваат под водство на овластени слуги на нашиот Отец на небесата.

**Рај** Дел од светот на духовите каде што живеат праведните духови.

**Ракополага** На достоен човек му дава служба во свештенството со ракополагање.

**Сабат** Ден за одмор одбран од Исус како ден кога Му богослужиме на нашиот Отец на небесата и им служиме на другите. Во повеќето места во светот тој ден е недела.

**Сакрамент** Уредба во која членовите на Црквата земаат леб и вода, што ги претставуваат телото и крвта на Исус, за да нè потсетат на Неговото помирување за гревовите.

**Светија** Израз што се употребува за да се идентификува член на Исусовата вистинска Црква.

**Светиот Дух** Лице-дух кое нема физичко тело и чија цел е да сведочи за она што го кажаа или направија нашиот Отец на небесата и Исус. Кога велиме дека духот на нашиот Отец на небесата е со нас, мислиме на Светиот Дух.

**Свет на духовите** Свет каде што одат по смртта духовите на сите луѓе, сè до воскресението.

**Свештеник** Служба во Ароновото свештенство дадена на достојни момчиња што имаат најмалку 16 години. Оваа служба им дава власт да крштаваат и да извршуваат ракополагања во Ароновото свештенство, да го благословуваат сакраментот и да извршуваат други должности.

**Свештенство** Власт што нашиот Отец на небесата им ја дава на мажите за да го извршуваат Неговото дело и да зборуваат од Негово име. Постојат две поделби: повисоко или Мелхиседеково свештенство и пониско илиАроново свештенство.

**Седумдесетте** Служба во Мелхиседековото свештенство. Маж кој ја извршува оваа служба е посебен сведок на Исус Христос и им помага на апостолите во управувањето со Црквата.

**Селестијално царство** Царството каде што живеат праведните со присуство на нашиот Отец на небесата и наследуваат сè што има Тој.

**Семејна домашна вечер** Средба на семејството, обично секој понеделник навечер, кога членовите на семејството пеат, го проучуваат Евангелието, разговараат за секој проблем што го имаат, играат игри и прават други работи како семејство.

**Сион** Друго име за Нов Ерусалим, град од кој Исус ќе управува со земјата во времето на Милениумот.

**Скапоцениот бисер** Книга со Писма што ги содржи писанијата на Мојсеј, Авраам и Џозеф Смит. Името всушност значи многу скапоцен камен, што е начин на кој книгата ја доживуваат членовите на Црквата.

**Слово на мудроста** Заповед на нашиот Отец на небесата која ни кажува што треба да јадеме и да пиеме, а што не. Особено ни кажува дека не треба да употребуваме алкохол, тутун, чај и кафе. (*Видете* во Поглавје 27.)

**Служба** Положба на власт во рамките на свештенството. (*Видете* ѓакон, учител, свештеник, итн.)

**Спасител** Оној што спасува друг од нешто што може да го повреди. Исус е нашиот Спасител затоа што нè спаси и од физичка и од духовна смрт.

**Старешина** Првата служба во Мелхиседековото свештенство, дадена на достојни мажи на возраст од 18 години или постари. Им дава власт да извршуваат одредени уредби што претставуваат благослови во животот на другите луѓе.

**Телестијално царство** Најниското од трите царства на славата, каде што луѓето ќе бидат одредени да одат по воскресението. Тоа царство е резервирано за лажливците, убијците, крадците и другите лоши луѓе.

**Терестријално царство** Царство на славата чиј статус е понизок од оној на селестијалното царство, но над оној на телестијалното царство. Резервирано е за добрите луѓе на земјата, кои не правеле сè што бара од нив нашиот Отец на небесата.

**Уредба** Обичај или церемонија извршена преку власта на свештенството.

**Учење и завети** Книга со Писма што ги содржи зборовите на нашиот Отец на небесата упатени до луѓето во современото време.

**Учител** Служба во Ароновото свештенство што им се дава на момчиња на возраст до 14 години. Името доаѓа од една од одговорностите на оваа служба, а тоа е поучување на членовите на Црквата.

**Физичка смрт** Смрт што ја доживуваме кога нашето тело е одделено од нашиот дух.

**Храм** Света зграда, обично се однесува на Дом на Господа каде што се извршуваат свети уредби, вклучувајќи ја и уредбата на вечниот брак.

**Црква** *Види* Црквата на Исус Христос на светиите од подоцнежните дни.

**Црквата на Исус Христос на светиите од подоцнежните дни** Службено име на Црквата на Исус Христос, која во нашето време Тој ја обнови преку пророкот Џозеф Смит. Црквата некогаш се вика и Мормонова црква.

# ПОПИС НА СЛИКИ

Стр. 1: Претсмртен живот, од Цери Харстон.
Стр. 6: Претсмртен живот, од Цери Харстон.
Стр. 10: *Господ Исус Христос,* од Дел Парсон.
Стр. 19: *Адам и Ева во градината,* од Лоуел Брус Бенет.
Стр. 20: *Создавање на животните и на птиците,* од Стенли Гали.
Стр. 24: *Адам и Ева клечат пред олтар,* од Дел Парсон.
Стр. 40: *Пророкот Џозеф Смит,* од непознат уметник (припишано на Денкарт А. Вигленд); *Бригам Јанг,* од Џорџ М. Отингер; *Џон Тејлор,* од А. Вествуд; *Вилфорд Вудраф,* од Х. Е. Питерсон; *Лоренцо Сноу,* од Луис А. Рамси; *Џозеф Ф. Смит,* од А. Салцбронинг; *Хебер Ј. Грант,* од Ц. Ј. Фокс; *Џорџ Алберт Смит,* од Ли Грин Ричардс; *Дејвид О. МакКеј,* од Алвин Гитинс; *Џозеф Филдинг Смит,* од Шона Клингер; *Харолд Б. Ли,* од Дејвид Арнсбрак; *Спенцер В. Кимбал,* од Џудит Мер.
Стр. 51: *Најголемиот од сите,* од Дел Парсон.
Стр. 52: *Раѓањето,* од Тед Хенинцер.
Стр. 54: *Дванаесетгодишниот Исус во храмот,* од Карл Блох. Употребено со одобрување на Националниот историски музеј од Фредериксборг во Хилерод.
Стр. 60: *Христос во Гетсиманската градина,* од Хари Андерсон.
Стр. 62: *Распнувањето,* од Хари Андерсон.
Стр. 65: *Христос ја оживи Јаировата ќерка,* од Грег К. Олсен.
Стр. 66: *Исус Христос,* од Хари Андерсон.
Стр. 76: *Алма крштаваше на водите на Мормон,* од Арнолд Фриберг.
Стр. 86: *Џозеф Смит ги преведува Златните плочи,* од Дејл Килбоурн.
Стр. 88: *Братот на Јаред го гледа прстот на Господ,* од Арнолд Фриберг.
Стр. 91: *Проповед на гората,* од Хари Андерсон.
Стр. 92: *Авраам на рамнините на Мамре,* од Хари Андерсон.
Стр. 94: *Мојсеј го повикува Арон во служба,* од Хари Андерсон.
Стр. 100: *Христос ги заредува Дванаесетте апостоли,* од Хари Андерсон.
Стр. 106: *Првото видение,* од Дел Парсон.
Стр. 124: *Последната вечера,* од Карл Блох. Употребено со одобрување на Националниот историски музеј од Фредериксборг во Хилерод.
Стр. 132: *Јован Крстител го крштава Исус,* од Грег К. Олсен. © 1988 Грег К. Олсен.
Стр. 141: *Христос и богатиот млад владетел,* од Хајнрих Хофман.

Стр. 143: *Жртвување на Исак,* од Цери Харстон.
Стр. 146: *Сакраментален состанок,* од Скот Сноу. © 1991 Скот Сноу.
Стр. 184: *Одете и поучувајте ги сите народи,* од Грант Ромни Клавсон. Според оригиналот од Хари Андерсон.
Стр. 195: *Второ доаѓање,* од Хари Андерсон.
Стр. 196: Детаљ од *Второто доаѓање,* од Грант Ромни Клавсон. Според оригиналот од Хари Андерсон.
Стр. 206: *Свет на духови,* од Дел Парсон.
Стр. 212: Без наслов, од Дан Бакстер.
Стр. 231: *Христос со деца,* од Хари Андерсон.

**Визуелни помагала** (дел со слики во боја)

1. *Пророкот Исаија го претскажува Христовото раѓање,* од Хари Андерсон.
2. *Јован го крштава Исус,* од Хари Андерсон.
3. *Христос ги повикува Петар и Андреј,* од Хари Андерсон.
4. *Христос ги заредува Дванаесетте апостоли,* од Хари Андерсон.
5. *Христос со деца,* од Хари Андерсон.
6. *Проповед на гората,* од Карл Блох. Употребено со одобрување на Националниот историски музеј од Фредериксборг во Хилерод.
7. *Христос во Гетсиманија,* од Хари Андерсон.
8. *Распнувањето,* од Хари Андерсон.
9. *Воскресението,* од Хари Андерсон.
10. *Видете ги рацете Мои и нозете Мои,* од Хари Андерсон.
11. *Исус Христос ја посетува Америка,* од Џон Скот.
12. *Џозеф Смит бара мудрост од Библијата,* од Дејл Килбоурн.
13. *Првото видение,* од Дел Парсон.
14. *Џозеф Смит ги прима Плочите,* од Кенет Рајли.
15. *Јован Крстител пренесува Ароново свештенство,* од Дел Парсон.
16. *Обновувањето на Мелхиседековото свештенство,* од Кенет Рајли.

# ВИЗУЕЛНИ ПОМАГАЛА



# КЛУЧОТ НА ИЛУСТРАЦИИТЕ 1–16

1. Исаија, еден од пророците на Стариот завет, го претскажа доаѓањето на Исус Христос.
2. Јован Крстител го крсти Исус на реката Јордан.
3. Исус го повикува Петар и останатите да го следат.
4. Христос ги заредува Дванаесетте апостоли.
5. Исус ги сакаше и благословуваше децата.
6. Исус ги поучуваше луѓето за Евангелието.
7. Во Гетсиманија, Христос страдаше за гревовите на сите луѓе.
8. Исус умре на крстот поради гревовите на сите луѓе.
9. На третиот ден Христос воскресна од гробот.
10. Воскресениот Христос им ги покажа Своите рани на Апостолите.
11. Воскресениот Христос го посети својот народ во Америка.
12. Џозеф Смит беше инспириран од Јаков 1:5–6 да го прашува Бог која е вистинската црква на Исус Христос.
13. Во одговорот на неговата молитва, Небесниот Отец и Исус Христос го посетија Џозеф Смит.
14. Ангелот Морони му ги предаде на Џозеф Смит златните плочи кои ја содржеа Книгата на Мормон.
15. Јован Крстител ги посети Џозеф Смит и Оливер Каудери и им го даде Ароновото свештенство.
16. Петар, Јаков и Иван им го дадоа Мелхиседековото свештенство на Џозеф Смит и Оливер Каудери.

































ЦРКВАТА НА
ИСУС ХРИСТОС
НА СВЕТИИТЕ
ОД ПОДОЦНЕЖНИТЕ ДНИ

MACEDONIAN
4 02311 29158 8
31129 158